Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Филозофски факултет
Институт за историја

Постдипломски студии по Историја на Балканските народи во новиот век

# Српско-бугарските односи од Санстефански мировен договор до обединување на Бугарското Кнежество и Источна Румелија 1878-1885 година

Магистерски труд

**Кандидат:** Љупка Тодоровска- Бежовска
**Ментор:** проф. д-р Далибор Јовановски

Скопје, 2012

# *Содржина*

*Вовед......................................................................................................4*

*Глава еден- Санстефански мировен договор.............................................14*

*I.1. Србија и Бугарија за време на конгресот и потпишување на Санстефански мировен договор..........................................................................................................14*

*I.2. Ревизија на Санстефанскиот прелиминарен мировен договор и Берлинскиот конгрес............................................................................................................23*

*Глава два- Воспоставување на дипломатски односи помеѓу Србија и Бугарија по Берлински конгрес.......................................................................35*

*II.1. Србија и Бугарија помеѓу интересите на големите сили................................35*

*II.2. Српско-бугарските односи во 1879 година, обиди за соработка......................41*

*II.3. Обележување на српско-бугарската граница и пограничниот спор..............46*

*II.4. Припремите на Бугарија за обединување и реакциите на Србија..................52*

*II.5. Посетата на Александар Батенберг на Белград и државниот преврат во Бугарија..........................................................................................................60*

*Глава три- Време на влошени српско-бугарски односи 1883-1885......69*

*III.1. Тимочката буна и емигрантското прашање..................................................69*

*III.2. Бреговската криза и прекин на дипломатските односи помеѓу Србија и Бугарија.......................................................................................................77*

*Глава четири- Обединување на Кнежеството Бугарија со Источна Румелија и почеток на српско-бугарската војна.......................................85*

*IV.1. Подготовките на Бугарија за обединување и дејноста на Бугарскиот таен централен револуционерен комитет.................................................................85*
*IV.2. Прогласување на обединување на Кнежеството Бугарија со провинцијата Источна Румелија и првите стапки за негово признавање..................................93*
*IV.3. Одглас на бугарското обединување кај големите сили...............................102*
*IV.4. Реакциите на Србија по Пловдивскиот преврат и припремите за војна.......................................................................................................110*
*IV.5. Цариградската конференција.......................................................................119*
*IV.6. Српско-бугарската војна.................................................................................126*
*IV.7. Преговорите за мир и склучување на Букурешкиот мировен договор.......135*

*Заклучок.......................................................................................148*
*Библиографија...............................................................................155*
*1.Извори.........................................................................................155*
*2.Литература...................................................................................157*

# *Вовед*

Во бурната историја на Балканскиот полуостров, во втората половина на XIX век, односите помеѓу српскиот и бугарскиот народ, поради нивните испреплетените врски и интереси, сличности и разлики претставуваат една посебност. Поради нивната значајност тие се наметнуваат при секое проучување на историјата на балканските народи и нивните меѓусебни односи. [1]

Српско-бугарските односи во XIX век поминале низ неколку различни фази. На почетокот пред се станувало збор за заедничка борба за ослободување од османлиите. Обновената српска држава и нејзината војска ги пренесувале воените дејствија надвор од нејзините граници и го ширеле духот на слободата и свеста за ослободување од турските власти на неослободените територии населени со христијанско, српско и бугарско население.[2]

Карактеристично е нивното идеолошко и економско формирање. На идеолошки план значајна улога одиграла Француската револуција[3], чиј принцип на слобода кој пуштил длабоки корени во стремежите на западните народи, почнал да никнува постепено и меѓу христијански народи на Балканот.[4] Додека во економски поглед значајна улога имала состојбата на ендемична анархија која го зафатила Балканот кон крајот на XVIII почетокот XIX век[5]. Во еден период

---

[1] Самарџић Момир, Од Сан Стефана до Сливнице, Србија против Бугарске (1878-1886), Нови Сад, 2008, с.9.
[2] Исто, с.9.
[3] Француска револуција (1789-1799 година), важен дел од историјата на Франција, Европа и западните цивилизации, каде републиката ја заменила апсолутистичката монархија, а Римокатоличката црква била приморана да изврши радикална реорганизација.
[4] Йоцовъ Димитъръ, Санъ-Стефанска България 1878-1908, София, 1908, с.5
[5] Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа (1804-1914), Београд, 1995, с.14.

благодарение на Европа и нејзиниот удел во борбите меѓу поробените христијани и Османлиската империја, почнале да се ослободуваат една по една. Нивното ослободување не се должи на една случајност, туку на едно систематско и умно будење и сето тоа поткрепено и под заштита на Руската империја.[6]

При проучување на меѓусебните односите на балканските народи, неминовно е да се обрне внимание и на европската политика на Балканот. Целите на таа политика не се израз на хуманост туку пред се на државните и економски интереси на големите сили.[7] Англискиот историчар B.H.Sumner смета дека Русија се стремела да го искористи бугарскиот народ за целите на својата балканска и блискоисточна политика, а за време на нејзините големи напори во таа насока, Бугарите останале пасивни дури и сред објавување на Руско-турската војна (1877-1878 година). Бугарите според Sumner, не се кренале на војна со оружје во рака за да им помогнат на своите ослободители.[8] Според Х. Христов, ставовите на Sumner се целосно неточни и се спротивни на историските факти. Според него борбите на бугарскиот народ не се дело на "руската пропаганда", тие биле резултат на внатрешно општествено-економски и културен развиток на бугарскиот народ. Политиката на Русија можела да се гледа само како важен надворешен фактор чие дејствие се совпаѓа и го помага дејствијата на внатрешните сили[9] создадени со бугарското општество.[10]

Како резултат на заинтересираноста на сите европски сили за Балканот, источното прашање станало камен на сопнување во меѓународната дипломатија во XIX век. Во ткивото на сложеното источно прашање е вграден и националниот проблем на народите на Балканскиот полуостров. Токму затоа односите на Србија

---

[6] Йоцовъ Димитъръ, Санъ-Стефанска България 1878-1908, София, 1908, с.5.

[7] Исто, с. 6.

[8] B.H.Sumner , Russia and the Balkans 1870-1880, Hampden-London, 1962,c.337.

[9] Според историските факти вистината е некаде помеѓу, токму затоа за време на избувнување на Руско-турската војна во борбата за ослободување на бугарскиот народ дејствувале двата основни фактори: Руската воена сила и бугарското национално ослободително движење. Без руска помош, Бугарите не би ја извојувале долго посакуваната слобода, а и резултатите на политиката на Русија на Балканот не би биле успешни доколку христијанските балкански народи не го дале својот максимум во остварување на целите.

[10] Христов Хр. Освобождението на България и политиката на западните държави 1876-1878, Българската Академия на науките, София, 1968, с.7.

и Бугарија во овој период треба да се проучат во рамките на тоа прашање. Источната криза започнува јули/август 1875 година со избувнување на востанието во Херцеговина, Северна и Југозападна Босна. Востаниците имале широка поддршка од демократската јавност на сите јужнословенски области, а исто така и во Европа. Востанието траело до 1876 година и во неговата програма се предвидувало обединување со Србија и Црна Гора.[11] Востанието во Босна и Херцеговина ги разгорело страстите и кај другите балкански народи. Под негово влијание ќе започнат неколку востанија во различни делови на Балканот. Во Бугарија е кренато Априлското востание,[12] кое ќе заврши трагично со многу жртви во име на слободата. Во Македонија на 19 мај 1876 година, започнува Разловечко востание предводено од Димитар Поп Георгиев Беровски кое како и другите востанија било задушено.[13]

За време на национално ослободителните востанија на балканските земји забележителни се контакти помеѓу Србија и Бугарите. Тоа особено ќе дојде до израз за време на Српско-црногорско-османлиската војна во 1876 година. Оваа војна ги зближила Србите и Бугарите и предизвикала воодушевување кај останатите балкански народи, но ги раздвоила Русија и Англија. Бугарската емиграција испратила на помош на Србија цела дивизија од околу 2500 души. Сепак војната се одвивала неблагопријатно за Србија. Русија морала да издејствува примирје, со цел да ја спасат Србија од целосен пораз. Портата го прифатила Рускиот ултиматум по што било склучено примирје со Србија.[14]

Востанијата на Балканот во овој период иако завршиле без успех, сепак се многу значајни. Тие ја покажале борбеноста и желбата на поробените народи за извојување на слобода. Со своите дејствија балканските земји го нарушиле мирот и спокојот на дипломатските канцеларии и предизвикале сериозни меѓународни

[11] Манчев Кръстъо, История на Балканските народи (1352-1878), том 1, София, 2006, с.267.
[12] Започнува на 20 април 1876 година во с. Копривштица.
[13] Историја на Македонскиот народ, книга втора, Институт за национална историја-Скопје, Скопје 1969, с.84
[14] Манчев Кръстъо, История на Балканските народи (1352-1878), том 1,София, 2006, с.271.

проблеми при што го свртеле вниманието на цела Европа кон Балканскиот Полуостров.[15]

Настаните на Балканот ја продлабочиле источната криза и на меѓународната сцена се поинпресивно се поставувало бугарското прашање. Русија се повеќе ја истакнувала идејата за војна со Турција и есента 1876 година спровела и мобилизација. Потикнати од ваквите дејствија западните сили главно Англија, решиле да свикаат конференција во Цариград со цел да ја решат кризата. Конференцијата била свикана декември 1876 година. По подолги преговори бил составен проект кој предвидувал Бугарија да биде разделана на две автономни области: Источна област со седиште во Трново и западна со седиште во Софија. Со автономните области ќе управувале губернатори назначени од Султанот, а одобрени од големите сили.[16] Решенијата од оваа конференција не биле применети во пракса, а воспоставувањето на апсолутистичкиот режим на Абдул Хамид II, само ги отежнале работите. По неуспехот на Цариградската конференција, Русија пристапила кон непосредна подготовка за воено разрешување на источната криза. На 18 март бил потпишан т.н. Лондонски протокол, со кој одново и се предлага на Османлиската империја да ги спроведе одлуките на Цариградската конференција. Но Портата ова го одбила и на 12/24 април 1877 година Русија и објавува војна на Османлиската империја.[17]

Руско- турската војна предизвикала восхит кај балканските народи кои во неа гледале надеж за конечно ослободување и активно учествувале во неа. За разлика од Бугарите за кои оваа војна претставува ослободителна и активно зеле учество во неа,[18] ставот на Србија бил поинаков. Србија тукушто излегла од една

---

[15] Манчев Кръстъо, История на Балканските народи (1352-1878), том 1,София, 2006, с.269.

[16] Решенијата на Цариградската конференција се првиот меѓународен акт со кои се предвидува создавање на бугарска национална држава.

[17] Манчев Кръстъо, История на Балканските народи (1352-1878), том 1,София, 2006, с.272.

[18] Уште во првите денови на војната во штабот на руската армијасе јавиле околу 7500 бугарски доброволци, од кои што биле формирани 6 дружини командувани од рускиот генерал Н. Столетов. Во бугарската историја запишани се борбите кај Шипка во август 1877 година, каде бугарските доброволци активно селе учество. Воедно уште илјадници други Бугари се пријавиле како разузнавачи, пренесувачи на оружје, водичи, организатори на медицински служби и т.н.

војна и била преуморна да влезе веднаш во друга. На почетокот и самата Русија била против учеството на Србија во војната, но подоцна го менува ставот.[19] За време на паѓањето на Плевен, декември 1877 година Србија успеала да се реорганизира и да се мобилизира по што на помош на Русија и испратила 5 корпуси од околу 80 илјади борци.[20] Русија од оваа војна излегла како победник и своите цели и барања ги реализирала во Сан Стефано со потпишување на прелиминарниот договор на 3 март 1878 година. Со примирјето во Одрин (Едрене) односно со потпишување на Санстефанскиот мировен договор е ставено крај на оваа војна, а неговите одредби донеле големи промени во историјата на балканските народи.[21]

Во одредбите на Санстефанскиот мировен договор во целост дошла до израз суштината на балканската политика на Русија водена во 60-те и 70-те години. Границите на Големата Бугарска држава создадена со овој договор го опфаќале просторот од Дунав до Егејско море и од Црно море до денешна Албанија, излегувајќи на три морииња и вклучувајќи ја реката Вардар.[22] Со овој договор независност добиле Србија, Црна Гора и Романија, Македонија влегла во составот на новата бугарска држава, Босна и Херцеговина останала под турска власт, а Русија ја зела јужна Бесарабија и ги отворила мореузите за својата флота.[23]

По Санстефанскиот прелиминарен мировен договор, кнезот Милан почнал постепено да се врти кон Австро-Унгарија, во која гледал заштитник за своите интереси на југ. Во 1878 година Србија ја одредила политиката кон новообразуваното Кнежество Бугарија и бугарското прашање, како и кон дотогашниот нејзин заштитник Русија. Овој договор донел промени во односите и политиката на Србија кон Бугарите. По неговото потпишување веќе станува збор

---

[19] Христов Хр.Освобождението на България и политиката на западните държави 1876-1878, Българската Академия на науките, София, 1968, с.122.

[20] Манчев Кръстьо, История на Балканските народи (1352-1878), том 1,София, 2006, с.275.

[21] Самарџић Момир, Од Сан Стефана до Сливнице, Србија против Бугарске (1878-1886), Нови Сад, 2008, с.11.

[22] Исто, с. 11.

[23] Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа (1804-1914), Београд,1995, с.88.

за односи помеѓу две држави и два народа, а не за односи на српската влада кон разни претставници на бугарскиот народ. Политиката на Србија кон Бугарија по 3 март е одредена во најголема мера од ставот на Русија за време на големата Источна криза. Отворената поддршка на Русија на тенденциите на Бугарија за создавање на голема бугарска држава и нејзиното формално создавање ќе доведе до влошување на српско-бугарските односи.[24]

Заедничко за сите балкански држави со исклучок на Бугарите и западните сили било неприфаќањето на Санстефанскиот договор. Позитивна работа за сите нив било тоа што Русија со Османлиската империја можела да потпише единствено “прелиминарен, но не и конечен мир“. Тоа значело дека била можна негова ревизија и некои кругови во Петроград биле свесни за тоа.[25]

По неколку месечни преговори во Берлин на 13 јули 1878 година бил потпишан договор со кој била извршена ревизија на Санстефанскиот мировен договор. Според одредбите на договорот териториите кои влегле во состав на голема бугарија биле разделени на три дела. Од териториите на Северна Бугарија и Софискиот санџак е формирано Кнежество Бугарија, од јужните е формирана провинцијата Источна Румелија, а Македонија останала под османлиска власт. Србија и Романија ја задржале својата независност. [26]

Повеќето историчари Берлинскиот договор го окарактеризирале како жестока и егоистична политика на големите држави кон малите балкански земји. Покрај Бугарија, незадоволство од овој договор покажале и Србија и Грција поради малите територијални компензации како и Македонците кои останале под Османлиска власт.[27]

---

[24] Самарџић Момир, Од Сан Стефана до Сливнице, Србија против Бугарске (1878-1886), Нови Сад, 2008, с12.
[25] Јовановски Далибор, Грчката балканска политика и Македонија 1830-1881, ВАТО & DIVAJN, 2005, с.165.
[26] История на Сърбско-българската война 1885, Министерство на народната отбрана, Генерален щаб-военноисторически отдел, София, 1971, с. 10.
[27] Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа (1804-1914), Београд, 1995, с.91.

Берлинскиот конгрес оставил повеќе отворени прашања како потенцијални жаришта за повеќе кризи. Во прв ред како такви биле: разединетоста помеѓу Северна и Јужна Бугарија; специфичниот статус на Босна и Херцеговина и Новопазарскиот санџак; островот Крит и секако нереализирниот член 23 од договорот кој Портата го изманипулирала со т.н. "нов закон за европски вилаети". Овие прашања оставиле широк простор за калкулации помеѓу балканските држави чии интереси се судриле во Македонија.[28]

Во раздорот кој следел по Берлинскиот конгрес, српската влада најголемо внимание посветила на проблемите врзани за обележување на српско-бугарската граница, следејќи ги истовремено настаните преку јужната граница и движењата на христијанското население во Османлиската империја. Настаните за време на завршната фаза на Големата источна криза и одлуките на Берлинскиот конгрес биле одлучувачки и многу значајни за понатамошниот развој на односите меѓу српскиот бугарскиот народ, поточно помеѓу нивните национални држави. Во годините после конгресот во Берлин, Санстефанска Бугарија претставувала идеал на бугарската интелигенција која сметала дека на целиот простор кој е населен со словенски население, живеат само Бугари. Наспроти ваквиот став, интересите на Србија одговарале на расцеп на Голема Бугарија по што патот за проширување кон југ би бил слободен. [29]

Положбата на Србија и Бугарија по Берлински конгрес била условена од односите на големите сили потписнички на договорот, пред се Русија, Велика Британија и Австро-Унгарија, зад која често стоела Германија. Одлуките на конгресот претставувале голем дипломатски успех на Велика Британија во соработка со Австро-Унгарија, со што било спречено ширење на Руското влијание јужно од планината Балкан. Со окупација на Босна и Херцеговина од Австро-Унгарија и правото да држи воени гарнизони во Новопазарскиот санџак, била

[28]Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт: Слобода или смрт: македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година , Табернакул, 2003,с.31.
[29] Самарџиħ Момир, Од Сан Стефана до Сливнице, Србија против Бугарске (1878-1886), Нови Сад, 2008, с. 49.

заштитена Османлиската империја од можни напади на Србија и Црна Гора и повторно отворање на источното прашање.[30]

Прва задача на Српската држава била обележување на новата граница со Бугарија и Османлиската империја. Српскиот кнез и влада се залагале да дојде до разграничување што побрзо, бидејќи со издржување на војската се оптоварени исцрпените финансии на Кнежеството. Големите сили немале намера на балканските земји да им го препуштат сами да го решат проблемот околу обележување на границите. Затоа по предлог на Русија биле формирани неколку комисии од кои една од нив била - Меѓународна комисија за разграничување на Србија која имала за задача да ја обележи новата граница на Србија по терк на одлуките од Берлинскиот конгрес.[31] Комисијата започнала со работа октомври 1878 година. Британската влада после консултациите со Австро-Унгарија, настојувала Меѓународната комисија за разграничување на Србија освен српско-турската да ја обележи српско-бугарската граница, но нејзините одлуки да бидат одобрени од Меѓународната комисија за разграничување на Бугарија. Така ова прашање било решено согласно барањата на Велика Британија и Австро-Унгарија.[32]

До прв спор на границата дошло веднаш по повлекување на српската управа од Кулскиот округ. Населението од селата на бугарската страна од границата кои за време на Турското владеење го обработувале спорното земјиште, биле незадоволни од постапките на српските власти и сметале дека земјата им припаѓа нив. Корените на овој спор лежат во одлуката донесена на Берлинскиот конгрес во која се одредила трасата на новата српско-бугарска граница која кај Смилевска чука се спојувала со старата српско-бугарска граница. и продолжувала до Дунав. На делот на српско-бугарската граница која се поклопувала со старата линија на српско-турската граница проблемите

[30]Самарџић Момир, Од Сан Стефана до Сливнице, Србија против Бугарске (1878-1886), Нови Сад, 2008, с. 61.
[31] Исто, с.49,51.
[32] Самарџић Момир, Европа и обележавање граница Србије 1878-1879, Нови Сад, 2006, с. 77.

произлегле од непрецизните австро-унгарски воени карти на чија основа е одредена границата.[33] Русија била запознаена со овој проблем и настојувала истиот да се реши што побрзо. Нејзината балканска политика во овој период била насочена кон Србија и Бугарија и воспоставување на дипломатски врски помеѓу нив. За таа цел во Бугарија ќе биде испратен првиот руски дипломатски агент Александар Давидов, кој по стапување на функција нагласил дека приоритетна задача на руската дипломатија е воспоставување на српско-бугарски пријателски односи.[34]

Во 1879 година постоеле реални услови за воспоставување на поблиски врски меѓу Србија и Бугарија. Основна грижа на младата бугарска држава во овој период покрај националното обединување била воспоставување на балкански и меѓународни взаемни односи. Според меѓународното право балканските и европските држави имаат право да назначуваат свои дипломатски агенти во Бугарија. Дипломатските претставници на Србија и Романија прво требале да добијат согласност од Цариград па потоа да бидат акредитирани во Софија.[35] Со новиот закон за дипломатски претставништва и конзулати на Србија во странство од 18 јануари 1879 година се предвидувало отворање на дипломатско претставништво во Бугарија. Српскиот кнез и влада биле заинтересирани за воспоставување на добри односи со Бугарија, сметајќи дека тоа е наједноставниот начина за решавање на сите спорови и прашања кои стоеле помеѓу нив. [36]

Со доаѓањето на новиот бугарски кнез Александар Батенберг на 29 април 1979 година, биле направени првите чекори за подобрување на односите со Србија. Со указ од 19 јули биле назначени првите бугарски дипломатски агенти во

---

[33] Самарџић Момир, Европа и обележавање граница Србије 1878-1879, Нови Сад, 2006, с.89.
[34] Исто, с.98.
[35]Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913), София, 1994, с.6.
[36] Самарџић Момир, Од Сан Стефана ...с.70.

Србија, Романија и Османлиската империја. Поради слабите финансии на Бугарското Кнежество, решиле да се ограничат агенствата во соседните земји.[37]

Периодот по Берлинскиот конгрес од 1879 до 1880 година е период во кои Србија и Бугарија имаат неколку обиди за соработка и подобрени меѓусебни врски. Првиот месец по воспоставување на дипломатски односи не биле забележани недоразбирања кои значајно би влијаеле на влошување на меѓусебните односи, но веќе подоцна се појавиле спорни прашања кои ги обележале првите години на меѓудржавните односи. Првиот проблем биле имотите кои граничната линија ги пресекла и останале на спротивната страна на границата. Во почетокот на 1880 година се појавиле и несогласувања околу трговската размена.[38] Сепак главна причина која довела до сериозно нарушување на српско-бугарските односи била припремата на Бугарија за соединување. За таа цел на иницијатива на политичките партии од Бугарија и Источна Румелија во 1880 година е основан Бугарски таен централен комитет кој составил големобугарска програма за оживување на Санстефанска Бугарија. Во мај истата година во Сливен е образуван и Централен народен комитет за Јужна Бугарија. На членовите на овој комитет предуслов за акција им била Грчко-османлиската војна.[39] Но оваа војна била избегната со дипломатска спогодба, потпишана на 23 Март 1881 година при што градовите Јанина и Мецово останале под османлиска власт, а поголемиот дел од Епир со градот Арта биле припоени кон Грција.[40]

---

[37] Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913), София, 1994, с.7.
[38] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.81.
[39] Ђорђевић Димитрије, Националне револуције .. с.103.
[40] Јовановски Далибор, Грчката балканска политика и Македонија 1830-1881, BATO & DIVAJN, 2005, с.203.

# *I. Санстефански мировен договор*

## *I.1. Србија и Бугарија за време на конгресот и потпишување на Санстефанскиот мировен договор*

Османлиската војска во војната со Русија во 1877/1878 година, доживеала тешки порази на сите воени полиња од руската, српската, црногорската и романската војска. Османската империја веќе не била во состојба да продолжи со војната. Руската армија успеала да се пробие до турската престолнина- Цариград. Царот Александар II дал наредба да се заземе Цариград, но Англија и Австро-Унгарија поради своите интереси во Азија и на Балканот превземале мерки за да го осуетат планот на Русија. Покрај останатото и се заканиле на Русија со прекин на дипломатските односи доколку нејзините трупи влезат во Цариград. Истовремено во јануари 1878 година англиската влада донела решение за испраќање на британската флота во Црно Море и Цариград. Англија и пред тоа вршела подготовки за војна против Русија. Руската влада не сакала да ризикува и да влезе во конфликт со двете големи сили, особено не во време кога нејзината сила и воена опрема биле видно ослабени, а финансиската состојба на државата била неповолна. Затоа царската влада соопштила дека е спремна да отстапи и да започне преговори.[41]

Османлиската влада за да се спаси или барем да ја одложи својата конечна пропаст и понудила на Русија примирје. Понудата била прифатена бидејќи така налагале интересите на големите сили. Претставниците на двете влади на Русија и Османлиската империја на 19/31 јануари 1878 година склучиле примирје во Одрин.[42] Со потпишување на Одринското примирје, биле сопрени и воените

[41] Илиħ П. Никола, Ослобоħење Јужне Србије 1877-1878, Слобода, Београд, 1977, с.201.

[42] Исто, с. 201.

дејствија меѓу Османлиската империја од една и Црна Гора, Србија и Романија од друга страна. По воспоставување на демаркационата линија помеѓу руските и османлиските сили во Бугарија, истата била одредена и помеѓу османлиските, црногорските и српските војски.[43] Карактеристично за примирјето во Одрин е тоа што со него биле набележани основите на идниот прелиминарен мировен договор во Сан-Стефано.[44]

Српската влада не очекувала дека нејзините територијални претензии ќе бидат занемарени во преговорите за примирје. Вестите од Одрин биле разочарувачки, за Србија се предвидувало само исправка на границата, а од текстот на примирјето јасно се назирало создавањето на голема бугарска држава, со чии граници во целост се затворал единствениот пат на југ за територијално проширување на Србија. Одредбите на примирјето преставувале удар за големосрпските аспирации. По ова српската влада целото свое внимание и напори ќе ги насочи кон задржување на Ниш, кој за нив претставувал значаен стопански и стратешки центар.[45]

Русија иако војната со Османлиската империја ја водела со помош на балканските држави: Србија, Црна Гора и Романија, сепак за време на преговорите за мир не ги повикала да земат учество. Овие држави требало да се задоволат со она што Русија ќе им го додели. Русија од почетокот на источната криза ги гледала само сопствените интереси, што јасно се гледа од потпишаната тајната спогодба[46] со Австро-Унгарија, а после војната јавна спогодба за поделба на Балканот на источен дел кој би и припаднал на Русија и западен кој ќе потпаднел под Австро-Унгарска власт.[47] Оваа поделба не била спроведена на

---

[43] Христов Хр. Освобождението на България и политиката на западните държави 1876-1878, Българската Академия на науките, София, 1968, с.139.
[44] Македонија во меѓународните договори (1875-1919), Христов Александар, Донев Јован, Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1994, с. 54.
[45] Самарџић Момир, Од Сан Стефана до Сливнице, Србија против Бугарске (1878-1886), Нови Сад, 2008, с. 19.
[46] Тајна конвенција од 10 члена и дополнителна конвенција од 4 члена, склучена во Будимпешта 3/15 јануари 1877 година.
[47] Илић П. Никола, Ослобођење Јужне Србије 1877-1878, Слобода, Београд, 1977, с.207.

дело поради несогласувања околу одредени поединости но биле одредени т.н. сфери на влијанија. Бугарија влегла во руската сфера на интерес. Што се однесува на Србија, Австро-Унгарија не допуштила таа да влезе во Руската сфера но од друга страна таа не влегла ни во нејзината сфера на интерес. Положбата на Србија останала неодредена, но сепак потајно подредена на Австро-Унгарија. Србија и понатаму била дел од руските интереси на Балканот, но ни оддалеку не била важна како Бугарија. Активностите на руската надворешна политика по Одринското примирје биле насочени кон проширување и зацврстување на Бугарија, сметајќи ја за позначајна од Србија бидејќи веќе била одредена како нејзина сфера, онака како што Босна и Херцеговина влегла во Австро-Унгарската.[48]

По неколку месечни преговори помеѓу Русија и Османлиското царство во селото Сан Стефано (денес Јешилкеј) во близина на Цариград на 19 февруари / 3 март 1878 година бил потпишан прелиминарен договор за мир. Договорот е составен од 29 члена, а како негови потписници фигурираат: Николај Игнатиев (генерал-аѓутант на Н.И.В), Александар Нелидов (царски комесар и член на државниот совет) од страна на Русија и Сафет – паша (министер за надворешни работи), Садулак-беј (амбасадор на Н.В. при германскиот царски дворец) од страна на Османлиското царство. Со договорот Русија ја фиксирала својата интересна сфера на Балканскиот Полуостров на територијата на Бугарија и најголемиот дел од Македонија, за која се предвидувало да биде вклучена во границите на новопроектираната голема бугарска држава.[49]

Според член 3 од Санстефанскиот прелиминарен мировен договор, Србија е признаена за независна држава. Нејзината граница обележана на приложената карта го следи :

---

[48] Илиħ П. Никола, Ослобођење Јужне Србије 1877-1878, Слобода, Београд , 1977, с.207.

[49] Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Документи, Миновски Михајло, Скопје, 2000, док. бр. 9, с.79.

*"...талвегот на Дрина оставајќи ги Мали Зборник и Закар на Кнежевството и продолжувајќи по некогашната граница до изворот на потокот Дежево кај Столјак. Оттаму новата линија ќе го следи текот на потокот до реката Рашка, а потоа текот на истата до Нови Пазар. Од Нови Пазар ќе оди нагоре по потокот кој поминува покрај селата Мекиња и Трговиште до неговиот извор. Граничната линија ќе се движи преку Божуур планина во долината на Ибар и ќе се спушта по потокот кој се влева во Ибар кај селото Рибникар. Потоа ќе го следи текот на реките Ибар, Ситница, Лаб и на потокот Батинци до неговиот извор (на Грапашница Планина). Оттаму границата ќе ги следи височините кои ги делат водите Крива и Ветерница и по нај кусата линија ќе стигне до истата кај утоката на потокот Мојовацка, оди нагоре по истиот, ја преминува Мицковата Планина и повторно се спушта кон Морава кај с.Калиманци. Од таа точка границата оди по Морава до с. Власина, кај с.Стајковци, па нагоре по истата, Љуберажда и потокот Крекавица, ја поминува Суха Планина, оди долж потокот Врило до нишава и се спушта по истата до с. Крупац од каде што по најкуса линија ќе се спои со некогашната српска граница југоисточно од Караул Баре и не ја напушта до Дунав."* [50]

Дефинитивната траса на границата требало да биде утврдена на самото место во рок од три месеци од страна на османлиско-српска комисија со помош на руски комесар. Тие требало да ги уредат и сите прашања кои биле во врска со островите на Дрина. Комисијата требало да ја утврди границата помеѓу Србија и Бугарија, а во неа да учествува и еден претставник на Бугарија. Српските трупи имале рок од 15 дена од потпишување на договорот да се повлечат од териториите кои не се вклучени во горенаведените граници.[51]

Високата Порта ја признала независноста на Црна Гора и Романија (член 2 и 5), а црногорските војски морале во рок од 10 дена од потпишување на мировниот договор да ја напуштат територијата што не е вклучена во наведените граници од член 1. Романските граѓани во Османлиската империја до склучување на непосреден договор меѓу Османлиската империја и Романија ќе ги имаат сите права кои им се гарантирале на другите европски сили.[52]

Според член 6, Бугарија се востановува како автономно трибутарно кнежество со христијанска влада и национална полиција. Границата на кнежество требало да

---

[50] Македонија во меѓународните договори (1875-1919), Христов Александар, Донев Јован, Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1994, док. бр. 8, с. 56.
[51] Исто, с. 57.
[52] Знаменита документа за историју српског народа 1538-1918, Микавица Дејан, Гавриловић Владан, Васин Горан, Нови сад, 2007, док. бр. 62, с. 313,314.

ја дефинира специјална руско-турска комисија пред повлекување на руската императорска комисија од Румелија. Комисијата во својата работа и измените што ќе ги внесе на самото место во главната траса, требала да води сметка за националноста и мнозинството на населението на границата, согласно основите на мирот како и топографските неминовности и интересите за движење на месното население. Големината на Бугарското кнежество е утврдена во главните црти на приложената карта што требало да служи како основа за дефинитивното разграничување. Напуштајќи ја новата граница на Српското кнежество трасата се движи по следната линија :

*"... ја следи западната граница на Врањската каза до планинскиот синџир Црна Гора. Свртувајќи на запад линијата ќе минува по западните граници на Кумановската, Кочанската и Тетовската каза до планината Кораб. А оттаму, преки реката Велештица до нејзиното влевање во Црни Дрим. Продолжува на југ по Дрим а потоа по западната граница на охридската каза кон планината Линас, ќе оди ќе оди по западните граници на казите Корча и Стареова дп планината Грамос. Потоа преку Костурското езеро гранишната линија ќе стигне до реката мегленица, а оттаму по нејзиниот тек поминувајќи јужно од Јеница, преку вливот на Вардар и Галико кон селата Парга и Сарај Ќој, по средината на езерото Беших Ѓол до вливот на реките Струма и Карасу, па по морскиот брег до Бурум Ѓол. Оттаму во правец на северо-запад кон планината Чалтепе, преку Родопите до мпланината Крушево, па преку Црн Балкан планините Ешек Кулучи, Чепањон, Караколос и Ишиклер до реката Арда.*[53] *Оттаму граничната линија оди во правец на градот Чирмен и оставајќи го градот Одринна југ преку селата Сугутлиу, Кара Хамза, Арнауцени, Акарџи и Eниџе до реката Теке Дереси. Следејќи го текот на Теке Дереси и на Чорлу Дереси до Луле Бургас и оттаму оди преку реката Ауџакдере до с.Серген, граничната линија оди преку врвовите директно кон Хаким Табјаси и завршува кај Црно Море. Ќе го напушти морскиот брег кај Мангалија, ќе оди јужните граници на Тулчанскиот санџак и ќе заврши на Дунав над Росово."* [54]

Бугарскиот кнез ќе се избира слободно од страна на населението, а изборот ќе го потврди Високата Порта со согласност на големите сили (член 7).[55] Никој од царските династии на големите европски сили нема да може да биде избран за бугарски кнез. Пред да биде избран кнезот, под надзор на еден руски императорски комесар и во присуство на турски комесар, Собранието на првенци (нотабили) на Бугарија свикано во Филипопол, ќе изработи план за организација

[53] Македонија во билатералните и мултилатералните договори ....док. бр.9, с 80.
[54] Македонија во меѓународните договори ...док. бр.8, с.58.
[55] Христов Христо, Освобождението на България и политиката на западните държави 1876-1878, Българската Академия на науките, София, 1968, с. 155.

за идното управување, според правилата воспоставени со Одринскиот мир пред 1830 година во Дунавските Кнежества. Воведувањето на новото управување во Бугарија, две години ќе биде под надзор на руски императорски комесар. [56]

Османлиската војска треба да се повлече од бугарската територија и сите нејзини стари утврдувања да бидат уништени (член 8). На Бугарија и е наметната обврска да плаќа годишен данок на Високата Порта, а неговата висина ќе се одреди подоцна во зависност од просечниот приход на целата територија на Кнежеството и истиот ќе се исплаќа преку банка која ќе ја одредат Големите сили(член 9 ).[57]

Според член 10 од договорот Портата има право да ја користи Бугарија за транспорт преку утврдени патишта, на своите трупи, муниција и храна во провинциите кои се наоѓаат од другата страна на Кнежевството и обратно.[58]

Во Босна и Херцеговина требало да бидат воведени реформи, соопштени на османлиските ополномоштеници на првото заседание на Цариградската конференција,[59] со измените што требало да се донесат во договор помеѓу Високата Порта, владата на Русија и на Австро-Унгарија. Немало да се бара плаќање на остатокот, а тековните приходи од тие провинции, до 1 март 1880 година, требало да се употребат исклучиво за обесштетување на семејствата на бегалците и на жителите, жртви на последните настани, без оглед на народност и вера, како и за месните потреби во земјата. Сумата која катагодишно требало да пристигнува, по тој рок, до централната влада, требало да биде утврдена подоцна со посебен договор помеѓу Османлиската империја, Русија и Австро-Унгарија (чл.14).[60] Високата Порта се обврзува на островот Крит стриктно да го применува

[56] Actes et traitės internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghėnov, Annuaire de L`universite de Sofia Facultė de droit-tome XXXIV, 1.1938/1939, Sofia, 1940, s. 256.
[57] Знаменита документа за историју српског народа 1538-1918, Микавица Дејан, Гавриловић Владан, Васин Горан, Нови сад, 2007,док. бр. 62, с. 316.
[58] Македонија во меѓународните договори ... док. бр.8, с. 59.
[59]Христов Христо, Освобождението на България и политиката на западните държави 1876-1878, Българската Академия на науките , София, 1968, с.155.
[60] Македонија во меѓународните договори ... док. бр.8, с. 60-61.

правилникот од 1868 година, а исти таков но прилагоден на локалните потреби да се воведе и во Епир, Тесалија и другите делови од Европска Турција (чл. 15).[61] Останатите членови[62] од Санстефанскиот прелиминарен мировен договор ги уредуваат правата на руските поданици во Турција. Босфорот и Дарданелите да бидат отворени во мирно и воено време за корабите на неутралните држави кога ќе доаѓаат или заминуваат од руските црноморски пристаништа.[63]

Овој акт требало да биде ратификуван од Рускиот цар и царот на Османлиите, а ратификациите да се разменат во Санкт-Петербург во рок од 15 дена или побрзо ако е тоа возможно. Потоа треабало да се утврди местото и времето кога одредбите од овој акт ќе добијат свечена форма, вообичаена за мировните договори (чл. 29).[64]

Со Санстефанскиот прелиминарен мировен договор е создадена "Голема Бугарија" која била под целосна контрола на Русија и нејзин голем послушник. Проектираната бугарска држава преставува голем успех за руската балканска политика, бидејќи со неа патот кон Цариград и Средоземното море бил отворен. Но освен Русија и Бугарија, ниту една друга балканска и европска држава не изразила задоволство од одредбите на договорот. Покрај Романија против била и Грција.[65] Грчките аспирации не биле земени во предвид и тие стравувале од можноста за уништување на образовниот, културниот и економскиот потенцијал на елинизмот во Македонија и Тракија по паѓањето на овие две области под бугарска власт, а и патот кон Цариград бил физички пресечен.[66]

Против Санстефанска Бугарија истапиле и српското и македонското население. Тие биле разочарани од одлуката на руската влада за територијално предимензионирање на бугарската држава која со одредбите од договорот ги преминува етничките граници на Бугарија и навлегува во етничките краеви на

---

[61] Јовановски Далибор, Грчката балканска политика и Македонија 1830-1881, BATO & DIVAJN, 2005, с.164.
[62] Наведени се само поважните членови и оние кои се однесуваат на Србија и Бугарија.
[63] Христов Христо, Освобождението на България ... с. 155.
[64] Македонија во билатералните и мултилатералните договори ... док. бр.9, с 81.
[65] Илић П. Никола, Ослобођење ...с.207.
[66] Јовановски Далибор, Грчката балканска политика и Македонија 1830-1881, BATO & DIVAJN, 2005, с.164.

соседните земји.[67] Во акцијата против новата бугарска држава, Србија не била пасивен набљудувач. Таа многу гласно ја потенцирала својата сојузничка улога и уделот на српската војска во ослободување на окупираните турски територии. Со цел да ги заштити своите национални права, Србија направила демарш кај Австро-Унгарија и Англија. Во надворешната политика забележливо е заладување на односите со Русија, по што Србија се ориентирала кон Австро-Унгарија. Токму затоа е донесена одлука да не се напуштаат на ослободените територии кои се надвор од нејзината граница (Пирот, Врање..), со што не бил испочитуван член 3 од договорот.[68]

Прелиминарниот мировен договор не наишол на одобрување ни кај посебно заинтересираните големи сили како Австро-Унгарија и Велика Британија. Двете сили не биле задоволни од проширувањето на руското влијание на Балканот со создавањето на голема бугарија, а Велика Британија особено ја загрижувало излезот на Русија на Средоземно Море и поместување на односот на силите на црноморскиот брег, како резултат на руското заземање на градовите Батум и Карас, односно на дел од Ерменија.[69]

Сепак за сите незадоволни земји од одлуките на Санстефанскиот мировен договор имало една позитивна работа. Имено јасно било дека Русија со Османлиската империја можела да потпише единствено "прелиминарен, но не и конечен мир". Тоа значело дека е можна негова ревизија и некои кругови во Петроград биле свесни за тоа.[70] Ова се должи на обврзаноста на Русија да ги почитува обврските од Мировниот договор во Париз од 1856 година и Лондонската конвенција од 1871 година, според кои прашањето за територијален интегритет на Османлиската држава е прашање на сите големи сили и Русија не може со еднострана акција да го реши. Сообразувајќи се со тоа Русија се определила договорот да има прелиминарен карактер, а конечно решение да се

[67] Илић П. Никола, Ослобођење ... с.207.
[68] Исто, с.210.
[69] Македонија во меѓународните договори ...с.66.
[70] Јовановски Далибор, Грчката балканска политика и Македонија 1830-1881, BATO & DIVAJN, 2005, с.165.

донесе на меѓународна конференција или конгрес на големите сили. Таа очекувала дека ќе дојде до поларизација меѓу силите и со тоа ќе го обезбеди најголемиот дел од зацртаното во прелиминарниот договор. Но реалноста била радикално поинаква, големите сили останале единствени во противењето на руската експанзија на Балканот.[71]

Во вакви услови иницијативата за одржување на конгрес на големите сили, на кој би се решиле сите спорни прашања од европско значење, не наидувало на посериозен прием кај главните спротиставени страни. За Велика Британија пред да се одржи конгрес било по важно да обезбеди руска согласност за ревизија на поодделни членови од прелиминарниот договор и во случај на несогласувања и судир со Русија да ја обезбеди Австро-Унгарија како свој сојузник. Руската влада од своја страна не сакајќи да се повтори состојбата од 1855/1856 година била спремна за изнаоѓање компромисно решение со кабинетот во Виена. Рускиот амбасадор во Лондон, Шувалев упатил предлог до британскиот министер за надворешни работи, да излезе со свои предлози за ревизија на Санстефанскиот договор, што е сторено во мај 1878 година. Договорот меѓу Русија и Велика Британија за промена на Санстефанскиот мировен договор од 18/30мај, склучен во Лондон, претставувал најава за претстојниот конгрес во Берлин.[72]

[71] Македонија во билатералните и мултилатералните договори... с. 79.
[72] Македонија во меѓународните договори ...док. бр 9, с.66.

### *I.2. Ревизија на Санстефанскиот прелиминарен мировен договор и Берлинскиот конгрес*

Периодот од потпишување на Санстефанскиот прелиминарен мировен договор па се до Берлинскиот конгрес бил исполнет со интензивни дипломатски контакти, разговори и спогодби меѓу Русија и другите големи сили како и меѓу западните земји. Основната цел на руската дипломатија била да обезбеди што помалку измени на Санстефанскиот договор, а на другите сили особено на Англија и Австро -Унгарија рушење на речиси сите поважни негови клаузули.[73]

Поради намерата за ревизија на мировниот договор, Австро-Унгарија на 23 февруари/5 март 1878 година дала предлог за свикување на Конгрес на кој ќе се разгледаат сите негови спорни точки. Руската влада била принудена да даде согласност, бидејќи во спротивно би влегла во ризик да се судри со Англија и Австро-Унгарија. Не сакајќи нов спор Русија дала зелено светло за отпочнување на преговори. Сите преговори, договори и конвенции биле на сметка на Србија и Бугарија и останатите балкански држави. Нивната судбина била во раце на големите сили.[74]

Велика Британија и Русија на 18 мај/30 мај склучиле тајна спогодба во Лондон, за која не била известена Австро-Унгарија. Потписници на оваа спогодба се рускиот амбасадор во Лондон Шувалев и главниот државен секретар на Велика Британија Солсбери. Според договореното Русија се откажала од идејата за Голема Бугарска држава на Балканот, а прифатила создавање на автономно

---

[73] Битоски Крсте, Македонија во времето на големата источна криза (1875-1881), НИО, “Студентски збор”, Скопје, 1982, с.143.

[74] Илић П. Никола, Ослобођење ... с.210.

Бугарско Кнежевство кое ќе добие меѓународно признание, а од јужна Бугарија ќе се формира Источна Румелија - автономна покраина на Османлиското царство .[75]

Велика Британија освен со Русија потпишала спогодба и со Австро-Унгарија, за заеднички став на претстојниот конгрес. Спогодбата е потпишана на 25 мај/6 јуни. Според текстот тие се договориле да не допуштат проширување на бугарската територија на југ и рокот за руската окупација на Бугарија да биде ограничен на шест месеци. Англија од своја страна се обврзала да ја поддржи Австро-Унгарија во намерата за окупација на Босна и Херцеговина.[76]

Во периодот пред свикување на Конгресот во Берлин, во Бугарија преовладувале мирните и легални форми на борба за своите права. Исклучок се некои поедини вооружени мали чети од Јужна Тракија и Родопите. Активностите на бугарскиот народ во однос на претстојната ревизија на Санстефанскиот мировен договор биле во насока на агитирање и испраќање писма со печати од населението од разни бугарски градови и области. Во писмата тие барале од руските државници да издејствуваат запазување на така создадената голема Бугарска држава и воведување времена граѓанска и воена администрација во Македонија по примерот на Јужна и Северна Бугарија.[77]

Од друга страна Србија почнала да ги заладува односите со Русија и со Бугарите. Српскиот кнез и српската влада биле добро запознаени со незадоволството на големите сили од мировниот договор во Сан-Стефано. Отпорот на европските држави и пружил можност на Србија да се бори против одредбите на договорот кои се однесувале на неа. Во Белград била донесена одлука за вршење дипломатски притисок во Петроград и Виена, со цел на претстојниот конгрес да издејствуваат поволно решавање на прашањето за

---

[75] Македонија во меѓународните договори...док. бр. 9, с.67,69.
[76] Илиħ П. Никола, Ослобоħење ... с.210.
[77] В.Божинов, Борбата на Българския народ за национално освобождение и единство, Освобождението на България 1878-1968, Доклади от юбилейната научна сесия в София, Българската академия на науките, София, 1970, с.79.

територијално проширување на Србија. Во Петроград за таа цел бил испратен Лешјанин.[78]

Во периодот од потпишување на Санстефанскиот мировен договор до одржување на Берлинскиот конгрес јасно се гледа дека српската влада го напуштила програмот за територијални барања, изнесен во јануари и февруари 1878 година и суштината на делувањата биле насочени кон зачувување на Пирот, Трн, Врање и Брезник. Во таа смисла може да биде протолкувана одлуката на владата од 7 март покрај веќе потврдената од 23 февруари, за задржување на војската и цивилната управа во заземените територии како и настојувањата со новата граница да бидат опфатени сите области кои во тој момент ги држела српската војска. По оваа одлука владата на Србија морала да води сметка да не дојде во судир со Русија. Имено според договорот Србија имала рок од 15 дена да се повлече од спорните територии: Пирот, Врање, Трн, Кулскиот крај, Видин.[79] Со оглед на тоа дека се уште никаде не бил применет Санстефанскиот договор и во сила било примирјето за демаркационата линија, српската влада сметала дека таквата состојба треба да остане се додека комисијата за разграничување не започне со својата работа. Ова всушност било аргумент да не се менува ништо се до конечната одлука која требало да ја донесат големите сили.[80]

Како реакција на ваквата српска политика, бугарските комитети организирани во Софија, започнале голема пропаганда пред се меѓу граѓаните во Пирот, во која ја потенцирале нивната бугарска припадност и правеле се за да ја засакаат Бугарија. Но од овој период познати се писма во кои жителите на Пирот, Трн, Брезник и околните села ги испраќале до кнезот Милан во кои ја потенцирале желбата да живеат во слободна Србија. Писма со слична содржина во март 1878 година испраќале и граѓаните на Врање до Руската цар .[81]

---

[78] Самарџић Момир, Од Сан Стефана ....с.28.
[79] Исто, с.30,32.
[80] Војводић Михаило, Изазови Српске спољне политике 1791-1918, Историјски институт, Београд, 2007, с.53.
[81] Исто, с.53.

Руската влада не сакала овој пограничен српско-бугарски спор да продолжи, затоа го прифатила предлогот на Србија, на спорните области да се примени принципот на задржување на војската на запоседнатите територии - Status quo militarie. Оваа одлука на 18 април, рускиот министер за надворешни работи Николај Карлоевиќ Гирс и ја соопштил на српската влада. Со тоа е потвредена начелната спогодба за разграничување на двете управи. На 14 мај, Србија со закон пристапила кон вклучување на ослободените територии кон нејзиниот политичкиот и стопанскиот систем. Од 7 управи образувани се 6 округа: Кулски, Пиротски, Нишки, Лесковачки, Куршумлиски и Врањски.[82] Ваквата поделба се задржала до август 1878 година, поточно до ратификација на Берлинскиот договор.[83]

Меѓутоа договорот на двете влади бил начелен и во целост не можел да влијае на прекин на судирите и несогласувањата околу поедини допирни точки помеѓу пограничните власти и села. Непосредно пред почетокот на Берлинскиот конгрес било покренато прашањето за разграничување на српско-бугарската и руско-бугарската управа на потегот Пирот-Софија. Со доаѓањето на рускиот артилериски капетан Чичагов и командантот на руските војски на Балканот Тотлебен во Белград во месец мај, била постигната спогодба според која во склоп на српската управа останал Брезничкиот округ, а патот Пирот-Софија бил пресечен во близина на Сливница оставајќи ја Сливница и неколку села во руско-бугарска управа. Спогодбата има локално значење и е постигната во време кога во Берлин веќе започнала расправата за прашања отворени со руско-турската војна и Санстефанскиот мировен договор.[84]

На заседанијата на Берлинскиот конгрес учествувале Русија, Англија, Австро-Унгарија, Германија, Франција, Италија и Турција. На земјите од Балкан не

---

[82] Зборник закона и уредаба изданих у Књажеству Србију од 5 августа 1877 до 12 јуна 1878 године, 32, Београд, 1878, 308-310; В.Николић-Стојанчевић, Лесковац и ослобођени предели Србије 1878-1878 године, Етничке, демографске, социјалнео-економске и културне прилике, Лесковац, 1975, 84-87.
[83] Самарџић Момир, Европа и обележавање граница Србије 1878-1879, Нови Сад, 2006, с.30.
[84] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 34.

им било допуштено да учествуваат на заседанијата,[85] со исклучок на некои расправи каде добиле шанса да ги изложат своите барања.[86] Сепак без да бидат официјално поканети во Берлин пристигнале: Ј.Ристиќ како претставник на Србија, Петровиќ - Црна Гора, Делијанис - Грција, Братинау и Коглничау - Романија. Од сите нив само претставниците од Грција и Романија добиле можност за образложение на своите барања.[87] Доминантно влијание на Конгресот имале Англија и Австро-Унгарија, токму оние кои најрешително се изјасниле против националното ослободување на балканските народи.[88]

Заседанијата на Берлинскиот конгрес почнале со работа на 1 јуни /13 јуни. Прашањето за српската граница прв пат е поставено за време на расправата околу границата на Кнежеството Бугарија на 7 јуни (19 јуни), потоа на 14 јуни (26 јуни). На дневен ред на конгресот српското прашање во целина дошло на седница на 16 јуни (28 јуни). За Србија од големо значење била расправата за идната граница со Бугарија.[89]

Бидејќи било известно дека судбината на европскиот дел на Османлиската империја како и на Србија и Бугарија и останатите балкански земји, требало да биде утврдена на конгресот од страна на големите сили, српската влада собрала повеќе документи со кои настојувала пред светот да ги потврди и образложи своите барања. Во Белград почнале да размислуваат и за потребата од изнаоѓање поддршка за своите барања. За таа цел српската влада стапила во контакт со Австро-Унгарските власти. Владата на Австро-Унгарија искажала волја за давање потпора на Србија, но под услов да се држи подалеку од Новопазарскиот санџак,[90] да добие дозвола за изградба и експлоатација на

[85] Како мали држави и земји кои не се потписнички на Парискиот договор, не им било дозволено да учествуваат на Конгресот.
[86] Димитров С. Манчев К. История на Балканските народи XV-XIX век, Наука и Изкуство, София, 1971, с.409.
[87] Христов Христо, Освобождението на България....с.194,195.
[88] Димитров С. Манчев К. История на Балканските народи XV-XIX век, Наука и Изкуство, София, 1971, с.409.
[89] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.41.
[90] Војводић Михаило, Изазови Српске спољне политике 1791-1918, Историјски институт, Београд, 2007, с.54.

железничката линија која ќе поминува преку српската територија и за таа цел склучување меѓусебен трговски договор.[91] Србија го прифатила Австро-Унгарскиот услов и на 29 јуни/8 јули 1878 година во Берлин склучиле договор за железниците, трговијата и пробивање на Ѓердап. Потписници на трговскиот договор се Ј. Ристиќ и Андраши.[92]

За да обезбедат гаранција за успех на конгресот во Берлин, големите сили склучиле неколку меѓусебни спогодби. На 30 мај е постигната согласност помеѓу Велика Британија и Русија околу најзначајните прашања - територијално смалување на Бугарија и нејзино оддалечување од Егејското Море, за возврат Велика Британија го признала правото на Русија за задржување на освоените азиски области.[93] Сепак за целосно да се осигура Велика Британија паралелно преговарала и со Османлиската Империја, чија суштина и цел било обезбедување формално покритие на планираната окупација на Кипар.[94] Според спогодбата од 4 јуни се обврзала да и обезбеди на Османлиската империја заштита на нејзините азиски поседи од евентуален руски напад, а за возврат добила право да го окупира Кипар. На 25 мај/6 јуни, Велика Британија се спогодила и со Австро-Унгарија. Според конвенцијата тие начелно се согласиле околу поделбата на територијата на Санстефанска Бугарија. Австро-Унгарската намера за окупација на Босна и Херцеговина[95] добила поддршка од Велика Британија, а Русија ја обврзале во рок од шест месеци после потпишување на договорот да се повлече од бугарските територии.[96]

По неколку месечни преговори на 1/13 јули 1878 година е потпишан Берлинскиот договор од страна на Германија, Австро-Унгарија, Франција, Велика

---

[91] Ристић Јован, Дипломатска историја Србије, други рат 1875-1878, Књига II, 1898, с.171.
[92] Македонија во билатералните и мултилатералните договори....док. бр. 10, с.81,82.
[93] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.35.
[94] Македонија во меѓународните договори ....док. бр.10, с.71.
[95] Правото на окупацијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија го признала и Високата Порта на 30 мај.
[96] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.35.

Британија, Италија, Русија и Турција. Составен е од 64 члена[97]. Како негови потписници фигурираат: Кнез Бизмарк[98] и кнез Хохенлое – Германија; гроф Андраши, гроф Кароли, барон Хајмерле- Австро-Унгарија; Вадингтон, гроф Сен-Валие, Депре - Франција; гроф Биконсфилд, маркиз Солсбери, лорд Одо Русел-Англија; гроф Корти, гроф Де Лонеј- Италија; кнез Горчаков, гроф Шувалов, барон Дубрил- Русија; Каратеодори паша, Мехмед Али паша и Садула Беј – Османлиска империја.[99]

Конгресот во Берлин го поништил Санстефанскиот договор. Со тоа престанале да бидат во сила сите негови одлуки со што е ставено крај и на идејата за создавање на "Големобугарска држава". Од неа е одвоена Македонија и провинцијата Источна Румелија (која добила автономија).[100]

Според член 1 од договорот Бугарија се формира како автономна вазално Кнежевство под сизеренство на Султанот, со своја христијанска влада и народна војска.[101]

Териториите кои влегле во состав на бугарското кнежество наведени се во чл. 2 . Според овој член границата ќе се движи:

*"На север по десниот брег на Дунав, почнувајќи од старата граница на Србија до точката што ќе биде определена од Европската комисија, на исток од Силистра и оттука се насочува кон Црно Море на југ од Мангалија, која се приклучува кон романската територија. Црното Море преставува источната граница на Бугарија.*

*Од планината Гитка западната граница се насочува кон планината Црн Врв, по планините Карвена Јабука, следејќи ја старата административна граница на Софискиот санџак во горните делови на базените на Егрису и Лепница заедно со неа стигнува до сртовите на Бабина Полјана и оттука до планината Црни врв.*

*Од планината Црн врв границата оди по вододелницата меѓу Струма и Морава по врвовите на Стрешар , Вилоголо и Мешид Планина, натаму преку Гачина, Црна Трава, Дарковска и Драјница Планина и преку Дештани Кладенац стигнува до вододел ницата*

---

97 Actes et traitės internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghėnov, Annuaire de L`universite de Sofia Facultė de droit-tome XXXIV, 1.1938/1939, Sofia, 1940, s.274.

98 Избран за претседател на конгресот во Берлин.

99 Ристић Јован, Дипломатска историја Србије, други рат 1875-1878, Књига II, 1898, с.184

100 Илић П. Никола, Ослобођење ... с.211.

101 Знаменита документа за историју српског народа 1538-1918, Микавица Дејан, Гавриловић Владан, Васин Горан, Нови сад, 2007, док. бр.63,с. 322.

*на Горно Сухово и Морава оди право кон Стол и спуштајќи се оттука го сече патот од Софија за Пирот на растојание 1000 метри кон северо-запад од селото Сегуша потоа таа се качува по права линија на Видлич Планина и оттука на планината Радочина во синџирот на планината Коџа Балкан оставајќи го Србија селото Дојќинци, а во Бугарија селото Сенокос.*

*Од врвот на планината Радочина, границата се усмерува кон запад по сртот на Балканските планини преку Чипровец Балкан и Стара Планина до поранешната источна граница на Српското Кнежевство покрај Кула Смилева Чука и оттука по истата граница до Дунав кон кој таа допира кај Раковица."*[102]

Ова разграничување требало да биде утврдено на самото место од Европска комисија, составена од претставници на земјите потписнички на договорот во Берлин. Бугарскиот кнез требало да се избира на слободни избори од населението, а да биде потврден од Високата порта во согласност со големите сили. Исто така ниту еден член од династиите што владеат со големите европски држави нема да може да биде избран за бугарски кнез (чл. 3 ).[103]

Членот 6 од Берлинскиот договор предвидува времeното управување на Кнежеството Бугарија до изработување на органски устав, да биде во рацете на еден руски императорски комесар во чија работа ќе му помагаат конзулите на големите сили потписнички и еден турски комесар.[104] Привремената управа нема да може да се продолжи на подолг период од девет месеци од денот на размена на ратификациите на Берлинскиот договор, а по завршување на органскиот устав, веднаш ќе се пристапи кон избор на Кнез на Бугарија. По неговото назначување ќе започне да дејствува новата управа, а Кнежеството ќе ја користи својата самоуправа (чл. 7).[105]

Членот 13 предвидува формирање на провинција на југ од Балканот наречена Источна Румелија, која ќе биде под непосредна политичка и воена власт на Султанот во услови на административна автономија. На чело на провинцијата ќе стои Генерал-губернатор христијанин кој ќе биде назначен од Високата Порта

---

[102] Македонија во меѓународните договори ....док. бр. 10, с.72,73,74.
[103] Знаменита документа за историју српског народа... док. бр.63,с.324.
[104] Матеева Мария, Тепавичаров Христо, Дипломатически отношения на България 1878-1988, София, 1989, с. 257.
[105] Actes et traitės internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghėnov, Annuaire de L`universite de Sofia Facultė de droit-tome XXXIV, 1.1938/1939, Sofia, 1940, s. 294.

во согласност на еврпските сили на рок од 5 години (чл.17). Источна Румелија на северо-запад ќе граничи со Кнежеството Бугарија, а териториите кои влегуваат во нејзиниот состав се наведени во член 14 од договорот.[106]

Берлинскиот договор ја регулирал положбата на Србија и новоослободените српски области. Сите ослободени територии од Османлиската империја во војната, Нишки, Пиротски, Врањки и Топлички округ влегле во состав на Кнежеството Србија.[107] Со член 34 е признаена независноста на Србија која подлежи на извесни услови наведени во член 35.[108] Првиот услов е разликата во вера и вероисповед да не се користи како мотив за исклучување од граѓанските и политичките права.[109] Исто така српската влада треба на сите граѓани и странци да им го признае правото за слободно и јавно вршење на црковни обреди и богослужби и не смее да врши никакво ограничување во хиерархиското уредување на разни религиозни друштва и во нивните односи со своите духовни главатори.[110]

Со член 36 се одредени териториите кои влегле во состав на независна Србија:

*" Почнувајќи од планината Црн Врв, новата погранична црта се соединува со пограничната црта на Бугарија, а имено:*

*Од планината Црн Врв границата оди по вододелницата меѓу Струма и Морава, по врвовите на Стрешар, Вилоголо и Мешид Планина преку Гачина, Црна Трава, Даркосовка, Драјница План и преку Дешкани Кладинец доаѓа до вододелницата на Горна Сукова и Морава оди право на Стол и нспуштајќи се оттука , го сече патот Софија-Пирот; на растојание 100 метри на северо-запад од селото Сегуша, потоа се качува по права линија на Видич Планина и оттука на планината Радочина по синџирот на планините Коджа-Балкан оставајќи го во Србија селото Дојкинчи, а во Бугарија селото Сенакос.*

*Од врвот на планината Радочина границата се насочува на северо-запад по сртот на Балканските планини преку Ципровец-Балкан и Стара планина по*

---

[106] Македонија во меѓународните договори ...док. бр. 10, с. 77-78.
[107] Виноградов В.Н. Международные отношения на Балканах 1856-1878, Москва, 1986, с.380.
[108] Илиħ П. Никола, Ослобоħење ...с.211.
[109] Ристиħ Јован, Дипломатска историја Србије, други рат 1875-1878, Књига II, 1898, с.232.
[110] Македонија во меѓународните договори ...док. бр. 10.с. 84.

*поранешната источна граница на Српското Кнежество, покрај Кула Смилиова Чука и оттука по источната граница до Дунав, до кај таа се доближува кај Раковица.“*[111]

Српската војска била должна во рок од 15 дена од денот на размена на ратификациите на Берлинскиот договор да ги напушти сите земји кои не влегле во состав на новите граници на Српското Кнежество (чл. 41).[112]

Меѓу обврските кои Берлинскиот договор ги наметнал на Србија и останатите балкански земји чии граници биле проширени, спаѓал и еден дел од турскиот државен долг за ново земјиште. Висината на овој долг ќе ја определе претставниците на земјите потписнички во Цариград. Истиот требал да биде на правична основа и одобрен од Портата. (чл.42).[113]

Со член 23 Високата Порта се обврзува на островот Крит да го воведе Органскиот устав од 1868 година со одредени измени доколку се неопходни. Слични устави, прилагодени на месните потреби, но со исклучување на повластиците во даноците предвидени за Крит, ќе бидат воведени и во другите делови на Европска Турција.[114] Со чл. 25 провинциите Босна и Херцеговина потпаднале под Австро-Унгарска окупација.[115]

Освен на Србија, со Берлинскиот договор им била признаена независноста и на Црна Гора и Романија (чл. 26 и чл. 43). Со член 63 во сила останале Парискиот договор од 30 март 1856 година и Лондонскиот договор од 13 март 1871 година, заедно со сите решенија кои не се укинати или изменети со некои од членовите.[116] Договорот ќе биде ратификуван, а размената на ратификациите

---

[111] Македонија во меѓународните договори ... док. бр 10, с.84-85.

[112] Actes et traitės internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghėnov, Annuaire de L`universite de Sofia Facultė de droit-tome XXXIV, 1.1938/1939, Sofia, 1940, s.312,314,316.

[113] Ристић Јован , Дипломатска историја Србије, други рат 1875-1878, Књига II, 1898, с.235.

[114] Со Органскиот устав од 10 јануари 1868 година, се предвидува на жителите на островот Крит да им се даде делумна административна автономија.

[115] Македонија во меѓународните договори ...док.бр.10, с. 80.

[116] Actes et traitės internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghėnov, Annuaire de L`universite de Sofia Facultė de droit-tome XXXIV, 1.1938/1939, Sofia, 1940, s.324.

според член 64 ќе биде во Берлин во рок од три недели, а доколку е возможно и побрзо.[117]

Со одредбите од Берлинскиот договор се потврдени одлуките донесени на заседанијата на Конгресот. За Србија овие одредби со кои е признаена нејзината независност и делумното територијално проширување, биле значаен резултат на борбата на српската војска во војната 1877/78 година, без разлика што за тоа платила скапа цена (Австро-Унгарска окупација на Босна и Херцеговина и дозвола да држи свои гарнизони во Новопазарскиот санџак).[118]

За разлика од Србија решенијата на Берлинскиот конгрес биле дочекани со големо незадоволство од целиот бугарски народ.[119] Тие договорот во Берлин го сметале за дело на активната политика на Велика Британија и Австро-Унгарија насочена против бугарските интереси и договор насочен кон уништување на прогресивните резултати од ослободителната војна.[120]

Новата прекроена карта на Балканот била повод за нови конфликти. Противречностите меѓу самите европски држави останале не решени. Барањата на балканските земји биле залудни, тие не биле земени во предвид, бидејќи Големите сили го гледале само сопствениот интерес.[121] По ова националното движење на балканските народи од европскиот дел на Османлиската империја, продолжило со нови сили, а мегаломанските барања за заземање на османлиското "наследство" ќе доведат до нови судири помеѓу балканските земји особено помеѓу Србија и Бугарија.[122]

---

117 Знаменита документа за историју српског народа... док.бр. 63, с. 334.

118 Војводић Михаило, Изазови Српске спољне политике 1791-1918, Историјски институт, Београд, 2007, с.57.

119 В.Божинов, Борбата на Българския народ за национално освобождение и единство, Освобождението на България 1878-1968, Доклади от юбилейната научна сесия в София, Българската академия на науките, София, 1970, с.81.

120 Христов Христо, Освобождението на България ...с. 220.

121 Димитров С. Манчев К. История на Балканските народи XV-XIX век, Наука и Изкуство, София, 1971, 410.

122 Манчев Кръстъо, История на Балканските народи (1352-1878), том 1,София, 2006, с. 281.

Настаните кои што се случиле во текот на завршната фаза од Големата источна криза, како и решенијата од Санстефанскиот и Берлинскиот договор имале големо влијание врз идните српско-бугарски односи и биле одлучувачки за понатамошниот развој на двете држави. Стравот и неизвесноста кои биле донесени во Србија со вестите за создавање на Санстефанска Бугарија, не биле заборавени така ласно. Затоа спречување на сличен развој на настаните, преставувал еден од основните надворешнополитички задачи на српската влада.

По Берлинскиот конгрес биле воспоставени дипломатски односи помеѓу Србија и Бугарија и навидум бил воспоставен коректен однос. Сепак антагонизмот на високите политички кругови на двете држави бил постојано присутен и до израз дошол наредната 1879 година, а кулминирал во 1885 година, со започнувањето на српско-бугарската војна.

# *II Воспоставување на дипломатски односи помеѓу Србија и Бугарија по Берлински конгрес*

## *II.1. Србија и Бугарија помеѓу интересите на големите сили*

Сите големи држави - Англија, Франција, Германија, Австро-Унгарија, Русија повеќе или помалку биле заинтересирани за Балканот и неговите пазари. Тој интерес растел како што растела економската и политичката моќ на Османлиската Империја и речиси целиот период во XIX век бил полн со борби и конфликти за завладување на османлискиот пазар и земјите од нејзиниот европски дел. Стремежот кон економска и политичка пенетрација на Балканот ги заострувал и односите меѓу големите европски земји.[123]

Агресивниот западноевропски капитал во Србија и Бугарија и Османлиската Империја наишол на широко поле за дејствување и извлекувал големи профити. Овој факт ја одредувал и основната политичка определба на поедини големи земји кон Србија и Бугарија во времето на големата Источна Криза и по неа. Но интересот на големите сили за балканските земји не бил одреден само од економски мотиви. Од не помало значење биле стратегиските причини и територијални претензии. Ако се направи еден редослед на земјите чија политика кон Србија и Бугарија и останатите земји од Балканот ја одредувале само економските интереси во тој случај, Англија и Франција би биле први, а Русија би била меѓу последните. Се разбира и стратегиските причини и територијалните

[123] Битоски Крсте, Македонија во времето на големата источна криза (1875-1881), НИО, "Студентски збор", Скопје, 1982, с. 21-22.

претензии директно произлегувале од глобалните економски интереси на односната земја. Сите интереси и претензии на големите сили се покажале многу сложени што го усложнувале и решавањето на Кризата.[124]

Ослободителните движења на Србите и Бугарите` до 1878 година завршени се со надворешна интервенција, диктирана од интересите на големите сили. Така Источната криза отворена со ослободителните движења на Србија и Бугарија и останатите балкански земји се претворила во пропуштена прилика. Големите сили на Берлинскиот конгрес, зад затворени врати ја прекројувале картата на Балканскиот полуостров спрема своите потреби и интереси. Последиците од оваа политика се почувствувале подоцна. Нерешеното балканско прашање од 1878 година ќе се решава под многу неповолни услови кои ќе создадат од балканското подрачје поле за натпревар помеѓу големите сили и порастот на внатрешните сили на Србија и Бугарија по договорот во Берлин.[125]

Положбата на Србија и Бугарија во периодот по Берлинскиот конгрес била условена од односите на земјите потписнички, пред се на Русија, Велика Британија и Австро-Унгарија, зад која често стоела и Германија. Одлуките донесени на Берлинскиот конгрес претставувале голем дипломатски успех за Австро-Унгарија во соработка со Велика Британија. Со нив е спречено руското влијание јужно од планината Балкан и биле обезбедени мореузите. Со окупацијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија и Новопазарскиот санџак, бил обезбеден патот за понатамошна пенетрација на југ во Балканот и ставено крај на можноста за создавање граница помеѓу Србија и Црна Гора. На тој начин со одвојување на териториите кои претставувале извор на проблеми во последните децении, бил воспоставен одбранбен појас на провинциите од Балкански Полуостров до Ерменија, со што е обезбедена стратешката позиција на Велика Британија на Балканот и Блискиот Исток. Во

[124] Битоски Крсте, Македонија во времето на големата источна криза (1875-1881), НИО, "Студентски збор", Скопје, 1982, с. 24-25.
[125] Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа (1804-1914), Београд, 1995, с.91.

годините по Берлинскиот договор, владата на Дизраели водела политика на зачувување на територијалниот интегритет на Османлиската империја и вложувала значајни напори за во целост да се исполнат одредбите на договорот. Но нејзината политика значајно се менува по британското инсистирање на реформи, одбивањето за давање заем на Османлиската империја и по падот на Дизрели и доаѓање на новиот премиер Гледстон, пролетта 1880 година. Сето ова допринело за постепено опаѓање на британското влијание  во Цариград со што бил отворен простор за јакнење на влијанието на друга голема сила.[126]

Австро-Унгарија била една од државите на кои опаѓањето на британското влијание и одело во прилог. После соединувањето на Германија, владеачките кругови на Двојната монархија се свртеле кон т.н. мисија на Балканот. Балканот за Австро-Унгарија бил најзначаен објект во нејзиното политичкото и стопанското ширење, кој претставувал замена за колониите кои Монархијата ги немала. Источната политика на Австро-Унгарија после Берлинскиот конгрес се сведувала на три проблеми: зацврстување на положбата во Босна и Херцеговина, регулирање на пловидбата на Дунав и изградба на железница со која би се олеснило економското врзување на балканските држави за Австро-Унгарија.[127] Еден од творците на источната политика на Хабсбуршката Монархија бил гроф Андраши, претседател на Унгарската влада и министер за надворешни работи на Австро-Унгарија. Тој  ги формулирал некои од основните принципи на балканската политика на Монархијата: одржување на турската управа што е можно подолго и спроведување реформи кои ќе одговараат на европските барања; спречување на промени со кои би се загрозиле австроунгарските интереси, а посебно оневозможување создавање на голема словенска држава; воспоставување на вештачка рамнотежа помеѓу балканските народи и нивните држави; развивање пропаганда во Европа и на Балканот, со која руската политика ќе се претстави како субјективна и себична наспроти објективната и несебична на Австро-

[126] Војводић Михаило, Међународни положај Србије у време ослободилачких ратова од 1876 до 1878 године, Огледи о спољној политци Србије у XIX и  XX веку, Београд 1999, с.15-17.
[127]  Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.62.

Унгарија.[128] Својата надворешна позиција Двојната монархија ја засновала на пријателство со Велика Британија кое својот врв го достигнало за време на конгресот, како и на пријателство со Германија со која во септември 1879 година го крунисала со потпишување на сојуз и со самото тоа ги зајакнала позициите на Балканот. Австро-Унгарија како и Велика Британија се залагала за зачувување на целоста на Османлиската империја и намалување на руското влијание на Балканот. Но одлуките на Берлинскиот договор и окупацијата на Босна и Херцеговина и военото запоседнување на Новопазарскиот санџак, предизвикале незадоволство кај османлиската влада и султан. Токму затоа годините по конгресот во Берлин, биле обележани со постепено опаѓање на Австро-Унгарското влијанието во Цариград.[129]

Опаѓање на британското и австроунгарското влијание во Цариград и одговарало на владата во Берлин. Големата источна криза ја активирала политика на Германија во Источното прашање. Поради касното соединување, германското стопанско и финансиско влијание во Османлиската империја било незначајно за разлика од другите европски сили. Во политиката на Бизмарк и заинтересираноста на Германија за влијание во Цариград, се криел стравот на германскиот канцелар од можен сојуз на некои од соседните земји со Франција, со кои Германија би влегла во војна на два фронта. Слабеењето на англиското и австроунгарското влијание во Цариград, претставувало можност за зголемување на германското влијание на просторот за кој биле заинтересирани нејзините поранешни и потенцијални сојузници од Сојузот на трите цареви. Зацврстување на влијанието во Цариград му овозможило на Бизмарк водечката улога во претстојниот[130] австро- руско- германски сојуз.[131]

---

[128] Терзиħ Славенко, Србија и Грчка 1850-1903, Борба за Балкан, Историјски Институт, Београд, 1992, с.212.
[129] Самарџиħ Момир, Од Сан Стефана... с.62.
[130] Хвостов В.М. История дипломатии II, Дипломатия в новое время 1871 -1914, Москва, 1963, 135-142.
[131] Склучен во Берлин на 6/18 јуни 1881 година, помеѓу Германија, Австро-Унгарија и Русија. Со овој договор Русија најмногу добила; излегла од меѓународната изолација, се обезбедила од стравот за можен сојуз помеѓу Англија и Австро-Унгарија и со посебен протокол добила ветување од Австро-Унгарија дека нема да се противи на соединување на Кнежеството Бугарија и Источна Румелија, а за возврат Русија ја признала австроунгарската анексијата на Босна и Херцеговина, но не и на Новопазарскиот санџак.

За сите сили од посебно значење бил ставот на руската дипломатија во Источното прашање, бидејќи во крајна линија од нејзиниот однос во значајна мерка зависел односот и ставот на останатите големи држави. Надворешната руска политика по Берлинскиот конгрес доминирала во три основни прашања: Излез од меѓународната изолација во која се нашла Русија по Конгресот; обезбедување на мореузите и осигурување на положбата во Бугарија. Дел од своите цели во политиката на Балканот успеала да ги реализира со сојузот на трите цареви, кој бил доста значаен и за Србија и Бугарија . [132]

Крајот на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите години донеле значајни промени во односите помеѓу големите сили и Србија и Бугарија. Борбата на Русија и Австро-Унгарија за придобивање и зачувување на влијанието поврзано со конкретни стопански и политички прашања и испреплетено со бурни политички настани во Србија и Бугарија ги обележале годините по конгресот во Берлин. Австро-унгарскиот процес за спроведување на одлуките на Берлинскиот конгрес многу побрзо се движел во Србија од колку во Бугарија, бидејќи помалку навлегувал во руската интересна сфера, а за тоа допринело и заминувањето на Ристиќ и доаѓањето на новата српска влада, која била доста осетлива на руското однесување и свесна за неопходноста од соработка со Австро-Унгарија.[133] Најубедливиот доказ за јачината на австро-унгарското влијание во Србија претставува железничката конвенција склучена помеѓу Србија и Австро-Унгарија на 28 март/9 април 1880 година, составена во Виена, со која требало да се олесни и уреди сообраќајот помеѓу двете земји со поврзување на нивните железници.[134] Исто така една година подоцна на 16/28 јуни 1881, бил склучен австро-српски таен договор,[135] потпишан од Мијатовиќ и барон Херберт.[136] Со овој договор Австро-унгарија имала за цел Србија да ја стави во положба на целосна политичка зависност, да ја елиминира српската политичка пропаганда во Босна и

---

[132] Jelavich Ch. Tzarist Russia and Balkan Nationalism. Russian Infuence in the Internal Affairs of Bulgaria and Serbia 1979 -1886, Berkeley –Los Angeles, 1958, 1.

[133] Самарџиќ Момир, Од Сан Стефана... с.66.

[134] Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Документи, Миновски Михајло, Скопје, 2000, док. бр.14. с. 97-98.

[135] Димевски Димитар, Битолски вилает, Скопје, 1982, с. 12.

[136] Македонија во билатералните и мултилатералните договори, док. бр.15, с. 99-100.

Херцеговина и да ја пренасочи кон југ поточно кон Македонија.[137] Во Бугарија австроунгарските дипломати морале многу внимателно да делуваат особено после обновата на сојузот на трите цареви. Набрзо како основа за јакнење на нејзиното влијание во Бугарија станал кнезот Александар. Бугарскиот кнез дошол во судир со руските претставници, а по смртта на Александар II ослабела неговата положба во Петроград. Токму затоа по заладување на односите со Русија на бугарскиот кнез му била потребна поддршка од некоја друга сила, а Австро-Унгарија спремно го дочекала овој момент. Така, Русија со својата немарна политика доприенела во голема мера за јакнење на австроунгарското влијание во Србија и Бугарија.[138]

Односите на големите сили не останале без последица во српско-бугарските односи. Во политиката и стратегијата на големите сили, Србија и Бугарија заземале одредена положба. Така политиката на Русија спрема Бугарија по Санстефанскиот мировен договор и Берлинскиот конгрес, многу влијаела на надворешнополитичкиот курс на независна Србија. Настаните кои се случувале во Бугарското кнежество но и на целокупниот "етнички простор" на "бугарскиот народ" како и надвор од него, на просторот кој требало да влезе во состав на ново проектираната голема бугарија, во годините после Конгресот биле од голема важност за српскиот кнез и влада. Политиката на владата на Јован Ристиќ и Милан Пироќанац кон Бугарија била двосмислена: од една страна , искуствата од претходните години им наложувале кон Бугарското кнежество да се однесуваат доста внимателно, но од друга страна било неопходно со соседните држави да развиваат добри односи. Во Белград настојувале да воспостават со Бугарија однос на потполно нова основа, со цел да немаат повод за нови судири после кое би следело непожелно заострување на односите.[139]

---

137 Пржић Илија, Спољашна политика Србије 1804-1914, Политика А.Д , Београд, 1939, с.108.
138 Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.66.
139 Исто, с.68.

## II.2. Српско - бугарските односи во 1879 година, обиди за соработка

Според одредбите од меѓународното право, вазалните држави немале право да склопуваат договори (ius contrahendi), право да водат војна (ius belli gerendi) како ни право да имаат дипломатски претставништва во странство( ius legendi)[140] Настојувањата да се добијат овие права претставувало своевиден облик на борба за јакнење на меѓународната положба, а секој успех бил значаен чекор кон целта за добивање државна независност.[141] Србија како независна земја во овој период била во предност наспроти Бугарија. По добивањето на независност во 1878 година, српската надворешна политика можела да се насочи кон затоплување на односите со Бугарија.[142]

Востановување на добри односи со соседните земји претставува природен надворешнополитички стремеж на секоја новообразувана држава.[143] Овој стремеж бил присутен и кај Србија и Бугарија по конгресот во Берлин. Со спроведување на одлуките на Берлинскиот конгрес и разграничувањето на Србија и Бугарија се отворило ново поглавје во нивните меѓусебни односи. Повеќе не станувало збор за односи помеѓу турското вазално кнежество Србија и бугарскиот народ , поточно помеѓу нивните претставници, туку за односи на две држави со јасно одредена меѓународна положба и меѓународни обврски преземени или наметнати со одлуките на конгресот.[144]

---

[140] Ђетвај Д.П, Развој међународног уговорног капацитета Србије у XIX веку , Београд , 1939, 22-35.
[141] Самарџић Момир, Успостављање дипломатских односа између Србије и Бугарске 1879, Споменица Историјског архива Срем, 3, 2004, с. 153-154.
[142] Србија 1878, Документи, Војводић Михаило, Драгољуб Р. Живојиновић, Митровић А. Самарџић Р. Београд, 1978, с.590.
[143] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886), София, 1979, с.92.
[144] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.69.

Во текот на 1878 и првата половина на 1879 година, за време на траење на руската управа во Бугарија, сите прашања од меѓународен карактер биле во рацете на руските претставници, пред се царскиот комесар за Бугарија кнезот Дондуков Косарков и рускиот пратеник во Цариград кнезот Лобанов Ростовског. Во сите надворешно политички прашања, задачата на руската администрација била да ги штити интересите на Кнежеството Бугарија. Оттука српската влада за спорните прашања кои се однесувале на односите меѓи неа и Бугарија често била во контакт со рускиот претставник во Белград Персијаниј и со самиот царски комесар. Со новиот закон за дипломатски претставништва и српски конзулати во странство од 18 јануари 1979 година, српската влада предвидела отворање на дипломатско претставништво во Бугарија. Српскиот кнез и влада биле заинтересирани за воспоставување непосредни односи со новата бугарска влада , сметајќи дека тоа е наједноставниот начин да се решат сите прашања кои би се појавиле меѓу двете земји. Во овој момент, тоа се однесувало на честите инциденти на српско-бугарската граница. Во спротивно односите би се регулирале со посредство на османлиската влада, а тој начин не бил прифатлив за двете земји особено не за Бугарија која сакала во меѓународните односи да манифестира независност.[145]

Според меѓународното право различни земји имале право да назначуваат свои дипломатски претставници во Бугарија. Според тоа и Србија имала право на свој дипломат во Бугарија, но пред тоа требало да добие согласност од Цариград за да биде акредитиран во Софија. Бугарија исто така можела да има свои претставници во европските држави само со согласност на Портата. [146]

Првите чекори во воспоставување на дипломатски односи помеѓу Србија и Бугарија биле направени со доаѓање на бугарскиот кнез Александар Батенберг на

[145] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.70-71.
[146] Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913), София, 1994, с. 6-7.

27 јуни[147] и образување на новата влада на чело со Тодор Бурмов 5 јули 1879 година.[148] Поради потребата за олеснување на односите на Кнежеството со османлиската, романската и српската влада, со указ издаден во Софија на 19 јуни, Ал. Батенберг ги назначил првите бугарски агенти во Белград, Букурешт и Цариград.[149] Бугарската влада поради лошата финансиска состојба на Кнежеството била принудена да се ограничи со агенставата во соседните земји.[150]

За прв претставник во српската столица бил назначен Димитриј Кировиќ,[151] кој како доктор учествувал во Руско-турската војна (1877-1878 година). Во знак на добрососедските односи, српската влада Кировиќ го прифатила како претставник на независна држава.[152] Кон крајот на август 1879 пристигнал во Белград, но не бил примен веднаш од кнезот Милан. Причина за тоа бил протестот на Портата и нејзиниот претставник во српската престолнина Сермед ефендиј. Имено турската влада сметала дека според одредбите на Берлинскиот договор, Бугарија нема право на свој дипломатски претставник во странство по што барала од европските држави да вршат притисок врз српската влада за непризнавање на дипломатскиот статус на Кировиќ. Истовремено ја истакнувала непходноста да српската влада при поставување на дипломат во Бугарија, да побара одобрување од Портата. На второто барање, српската влада не посветила големо внимание и веднаш по доаѓањето на Кировиќ во Белград, со указ од 20 јули 1879 година од страна на кнезот Милан, поранешниот воен министер и полковник Сава Грујиќ, бил поставен за прв српски дипломатски агент и генерален конзул во Бугарија кој на 2 септември пристигнал во Софија, а на 6 Септември бил

---

[147] Външната политика на България, Документи и материали, Министерство на външните работи том 1 (1879-1886), Наука и Изкуство, София, 1978, док. бр.7, с. 17.
[148] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с71.
[149] Външната политика на България, Документи и материали, Министерство на външните работи том 1 (1879-1886), Наука и Изкуство, София, 1978, док. бр.6, с. 16.
[150] Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913), София, 1994, с.7.
[151] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886), София, 1979, с.93.
[152] Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913), София, 1994, с.7.

примен на ауденција кај кнезот Александар при што ги предал акредитивните писма. Со ова официјално било отворено српското претставништво во Бугарија.[153]

Турскиот дипломатски претставник протестирал против постапката на српскиот кнез и влада, особено по предавањето на акредитациите од страна на Димитриј Кировиќ на кнезот Милан на 27 септември. Како одговор на ова Ристиќ внимателно го избегнал користењето на изразот "дипломатски" за бугарскиот агент. Ова било лесно да се избегне бидејќи тој израз и не се споменува во указот на бугарскиот кнез[154] со кој се именувани првите бугарски претставници.[155]

Пред размената на дипломатски претставници, прв службен контакт помеѓу Србија и Бугарија претставува доаѓањето на аѓутантот на бугарскиот кнез мајор Корвин во Белград. Тој во Србија наишол на благонаклонет прием и бил примен од Јован Ристиќ, а на 27 јули и од кнезот Милан. За оваа посета пишувале и српските весници како службени гласила на српската влада, при што карактеристично е да се спомене дека бугарскиот кнез го нарекле "Височество", титула која можел да ја носи само кнез на независна држава.[156] До тогаш бил ословуван со "Светлост". Во оваа прилика мајор Корвин ја најавил и скорешната посета на бугарскиот кнез Александар на Белград. Во духот на развојот на пријателски и добрососедски односи, била и посетата на аѓутантот на кнезот Милан, Коста Протиќ, во Софија 17-19 август кој со писмо го честитал стапувањето на престолот на бугарскиот кнез.[157]

Меѓутоа во позадина на посетата на српскиот и бугарскиот аѓутант и убавите зборови изречени во таа прилика, стоел спорот во врска со обележување на границата[158] помеѓу двете држави кое ќе ја обележи првата година од српско-бугарските односи. Корените на спорот лежеле во одлуката на меѓународната

---

[153] Самарџић Момир, Од Сан Стефана..... с.71, 76..
[154] Външната политика на България, Документи и материали, Министерство на външните работи том 1 (1879-1886), Наука и Изкуство, София, 1978, док. бр.6, с. 16.
[155] Самарџић Момир, Од Сан Стефана... с.77-78.
[156] Српске новине, бр. 202, 14 Септември 1879 година.
[157] Самарџић Момир, Од Сан Стефана..... с.73.
[158] Илић П. Никола, Ослобођење ... с.215-219.

комисија која при одредување на идната српско-бугарска граница, оставила бугарски села и ниви на српска страна и обратно. Ова прашање било покренато во првите контакти помеѓу српското и бугарското министерство за надворешни работи во текот на 1879 година и предизвикало незадоволство на двете страни. Сепак и покрај ова незадоволство, размената на дипломатски претставници помеѓу Србија и Бугарија и започнување на непосредните врски помеѓу двете влади преставувал значаен чекор, не само во смисла на полесно преоѓање на проблемите кои во односите на двете држави би се појавиле, туку и во целта на нивната можна соработка во врска со прашањата во кои постоел заеднички интерес.[159] Времето и настаните кои ќе следат, требало да потврдат или да ги оспорат ваквите очекувања.[160]

[159] Се мисли пред се на оние прашања кои произлегуваат од Берлинскиот договор .
[160] Самарџиќ Момир, Од Сан Стефана..... с.80.

## *II.3. Обележување на српско-бугарската граница и пограничниот спор*

Според член 2 од Берлинскиот договор, границите на новото кнежество Бугарија ќе бидат утврдени на самото место од една европска комисија, во која големите сили потписнички ќе имаат свои претставници.[161] Исто така била одредена и трасата на новата српско-бугарска граница која кај Смилиова Чука се спојува со старата српско-турска граница и продолжува со нејзиниот тек до Дунав. На делот на српско-бугарската граница која се спојува со старата српско-османлиска граница проблемите произлегле поради одредени непрецизности на австроунгарски воени карти. Во текстот на договорот било јасно одредено дека од Смилиова Чука граничната линија ќе се движи по старата граница до Дунав каде завршува кај Раковица.[162] Текстот на договорот бил јасен и српската влада немала основ, како и во случајот со спогодбата со руската команда во врска со Трн и Брезник, за понатамошно останување на српската управа во Кулскиот округ. Населените на Кулскиот округ испраќало бројни писма до српската влада и претставниците на големите сили во Белград во кои ја истакнувале нивната желба да останат во состав на Србија иако со договорот е предвидено да влезат во состав на Бугарија. Русија како и во случајот со разграничувањето на управата на потегот Пирот-Софија, одиграла одредена улога во повлекување на српската управа од Кулскиот округ. За таа цел рускиот дипломатски претставник во Белград Александар Персијани на 21 август испратил писмо до српскиот министер Милојковиќ, во кое барал повлекување на српската управа од Кулскиот округ. Српската влада без одложување дала наредба на 23 август на својата војска со која побарала напуштање на пределите Кула и Белоградчика и повлекување зад

[161] Македонија во меѓународните договори ...док. бр11.с. 91.
[162] Србија 1878, Документи, Војводић Михаило, Драгољуб Р. Живојиновић, Митровић А. Самарџић Р. Београд, 1978, док. бр.341, с.558,570.

старата граница. Така српската воена и цивилна власт на 26 август 1878 година[163] ја напуштиле територијата на Кулскиот округ. Набрзо потоа руско-бугарската цивилна и воена власт влегле во Кула и некогашното окружно средиште на српската управа го направиле средиште на една од областите на Видинскиот округ.[164]

До први судири на границата дошло набрзо после повлекување на српската управа. Населението од селата кои останале на бугарската страна од границата, а кои за време на турското владеење го обработувале спорното земјиште, биле незадоволни од постапката на српските власти и сметале дека земјиштето им припаѓа ним. Токму затоа во почетокот на септември 1878 година, започнале со рушење на дрвените огради кои ја обележувале границата, поточно на поедини делови каде границата била слабо чувана. Во овој спор набрзо се замешале и руските власти. Но истиот бил забележан и од претставниците на останатите големи сили. Во еден разговор помеѓу Персијани и Ристиќ со британскиот агент Гулд, изразиле желба меѓународната комисија да го обележи овој дел на граница пред таа да прекине со својата работа во 1878 година со цел да се спречат посериозни последици. Ставот на Гулд бил различен и сметал дека комисијата не е задолжена за обележување на делот на српско-бугарската граница кој се поклопувал со старата српско-турска граница. За побрзо решавање на спорот пред сè била заинтересирана руската влада. Нејзина желба била воспоставување на добри односи помеѓу Србија и Бугарија и ова му било пренесено и на рускиот дипломатски агент во Бугарија А. Давидов. Воедно руското претставништво во Белград го известило Министерството за надворешни работи на Србија за предлогот на кнезот Лобанов и кнезот Дондуков-Корсаков, српската влада да одреди еден офицер за соработка со рускиот колега по што би пристапиле кон

---

[163] Владимир Стојанчевиќ во монографијата "*Србија и Бугарска од Санстефанског мира до Берлинског конгреса*" Београд 1986 године, како време на напуштање на Кулскиот округ од страна на српската управа го споменува мај 1879 година. Меѓутоа со новите истражувања се потвдува дека сепак повлекувањето било август. На погрешен заклучок Стојанчевиќ го навел фактот дека во втората половина на 1878 и првата половина на 1879 година, навистна постоел пограничен спор помеѓу српската и руско-бугарската управа, но само на еден краток дел од некогашната српско-турска, а тогашната српско-бугарска граница, помеѓу Црнорешкиот округ и Кулскиот округ.

[164] Самарџић Момир , Европа и обележавање граница Србије 1878-1879,Нови Сад, 2006,с.89-90.

конечно одредување на границата спрема Кулскиот округ. За таа намена српската влада го одредила Стеван Здравковиќ.[165]

Споменатиот дел на границата комесарите го обиколиле во декември. Руският комесар имал налог да се повика на одредбите од Берлинскиот договор (чл. 2 и 36)[166] и да инсистира за воспоставување на онаква граница каква што била пред српско-турските војни 1876-1878 година. Меѓутоа согласност не била постигната бидејќи бугарскиот капетан Плева одбил да ги прими сведоштвата од жителите на српската правна граница од 1833 година, а документи за доказ немала ниту една страна. При првата средба со српскиот комесар, рускиот комесар изјавил дека основа на спогодба треба да биде Берлинскиот договор, односно помеѓу Кулскиот округ и Црноречкиот округ треба да биде воспоставена границата која постоела пред војната. Но Здравковиќ изјавил дека границата која постоела пред војната до 1876 година не е граница која ја обележала руско-турска комисија на почетокот 1834 година, односно дека Османлиите насилно ја одзеле земјата на населените на селото Голем Извор. Но без официјален документ со кој би се потврдило ова, рускиот комесар не можел да прифати никаков аргумент. Кога наишол на Плевеовиот отпор, Здравковиќ предложил поделба на спорните земјишта помеѓу Бугарите и Србите. Но ставот на рускиот комесар бил јасен - воспоставување на старата граница. Поради несогласувањата околу граничната линија договор не бил постигнат.[167]

Во есента 1878 година, Меѓународната комисија ја обележала само српско-турската граница од Пољаница до Бабина Гора. Шест месеци по Берлинскиот конгрес, новата граница на Србија сè уште не била обележана. Членовите на Меѓународната комисија во ноември донеле одлука да продолжат со работата за обележување на српската граница наредната година на 28 април 1879 година. По ваквата одлука сите комесари веќе на 25 април 1879 година биле во Белград, со исклучок на турскиот комесар. На првата седница на комисијата одржана на 30

[165] Самарџић Момир, Европа и обележавање граница Србије 1878-1879...с.98-99.
[166] Знаменита документа за историју српског народа... док.бр. 63, с.322-323 и 330-331.
[167] Самарџић Момир, Европа и обележавање граница Србије 1878-1879... с.100-101.

април била донесена одлука да прво пристапат кон обележување на српско-бугарската граница, а подоцна да го довршат започнатото обележување на српско-османлиската граница од претходната година.[168] На ваквата одлука се спротиставил османлискиот комесар Јаха паша, но останал сам на тоа бидејќи во интерес на Велика Британија било сите прашања поврзани со Бугарија да бидат решени пред повлекување на руските војски. Поради желбата за што побрзо обележување и објавување на новата граница, Комисијата одлучила сите топографи заеднички да ја снимаат границата, а да бидат контролирани од поткомисија составена од британски и руски комесар како и од помошниците на британскиот, српскиот и турскиот комесар. Во текот на работата на комисијата до израз дошле неточностите на австроунгарските воени карти на чија основа на конгресот во Берлин била одредена границата. Обележувањето на српско-бугарската граница траело од 12 мај до 8 јуни 1879 година. [169]

Отткако Меѓународната комисија за разграничување завршила со својата работа, српските власти веќе немале причина за останување во запоседнатите погранични области, по што биле принудени да ги напуштат Трн, Брезник и останатите спорни територии и да се повлечат зад новата граница.[170]

По извршената обиколка Комисијата ги утврдила конечните граници. За таа цел на 19 август 1879 година е составен Протокол од Меѓународната комисија за утврдување на границите на Србија, со извештаи и спецификации на турско-српската граница и со описна состојба на границата. Протоколот е потпишан од Ф. Алтен, С. Андерсон, Јахија, Билимек, А. Велини, Јовановиќ, Ж. Обаре и А. Каулбарс во Белград и содржи 11 члена.[171] Исто така Европската комисија од претставници на Големите сили (Германија, Австро-Унгарија, Франција, Велика Британија, Италија, Русија) и Османлиското царство, составила акт со кој е определена границата меѓу бугарското кнежество и османлиското царство (на

[168] Илић П. Никола, Ослобођење ... с.215-219.
[169] Самарџић Момир, Европа и обележавање граница Србије 1878-1879, Нови Сад, 2006, с113-114, 116.
[170] Исто, с. 128.
[171] Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Документи, Миновски Михајло, Скопје, 2000, док. бр.12, с. 92-93.

потегот кон Македонија),[172] Дунавската граница на Бугарија и српско-бугарската граница. Актот е составен во Цариград на 20 септември 1879 година, содржи 14 члена и заклучоци, со додатна скица спомената во чл. 8, во седум примероци признати за идентични, по еден за секоја сила и потпишан од сите членови. Како негови потписници фигурираат Комесарите назначени од големите сили: Ж. В. Ведел - Германија; барон фон Рип- Австро-Унгарија; Ж.В. Лемоан – Франција; Е.Б. Хемлеј – Велика Британија; Б. Ореро- Италија; А. Богољубов - Русија и М. Тахир – Османлиска империја.[173]

Покрај Протоколот и Актот, во согласност со чл. 13 од Берлинскиот договор за формирање на југ од бугарското кнежество провинција - Источна Румелија[174] и според одредбите од чл.14, Европската комисија на 25 октомври 1879 година во Цариград составила и Акт со кој е определена јужната граница на Источна Румелија.[175]

Отткако Меѓународната комисија за разграничување завршила со својата работа, после 8 јуни сите спорови помеѓу Србија и Бугарија биле решавани со посредство на Русија. Во бројните погранични проблеми кои ги обележале првите години во односите меѓу српската и бугарската држава, прашањето за исправка на старата гранична линија не било споменато. Во односите помеѓу двете влади проблемот на двовласничките имоти на новата граница бил најзначајно прашање. За време на работата на српско-бугарската комисија 1881-1882 година, исправката на границата на овој простор исто така не е спомената. Единствено спорно прашање кое оставило трага во историските извори и на кое двете влади му давале големо значење било прашањето за земјите во трновски “Клуч“, бидејќи Трновчани не отстапувале од намерата да им биде вратена земјата, поточно да им биде дозволено нејзино користење иако останала на територијата на другата

---

[172] Македонија во билатералните и мултилатералните договори.... док. бр.13, с. 93-96
[173] Македонија во меѓународните договори ...док. бр. 11, с. 91-99.
[174] Кесяковъ Б. Приносъ къмъ Дипломатическата история на България 1878-1915, том 1 ,София, 1925, с. 6.
[175] Външната политика на България, Документи и материали, Министерство на външните работи том 1 (1879-1886), Наука и Изкуство, София, 1978, док. бр.16, с. 35-42.

држава. Граничната линија[176] помеѓу Црноречкиот округ и Кулскиот округ била изменета е во корист на српската држава дури по Прва Светска Војна.[177]

[176]Самарџић Момир, Погранични проблеми на српско-бугарској граници у првим годинама после разграничења 1879, године, Пешчаник, I, 2003, 135-146.
[177] Самарџић Момир, Европа и обележавање граница Србије ...с. 143.

*II.4. Припрема на Бугарија за обединување и реакциите на Србија*

Настојувањата на претседателот на српската влада во средината на 1880 година да воспостави подобри односи со Бугарското кнежевство не донеле добри резултати. Иако двете влади имале слични интереси во поедини прашања, како што се отпор на австроунгарскиот притисок во врска со свикување на четворна комисија како и проектот правилник за пловидбата по Дунав, сепак се добива впечаток дека од бугарска страна не постоел вистински интерес за блиска соработка. Покрај тоа, желбата на српската влада за воспоставување на подобри односи со Бугарија дошла во време кога било возможно да бидат загрозени виталните и национални интереси на Србија во Стара Србија и Македонија. Паралелно со работата на Груиќ во Софија, во Белград започнале да пристигнуваат вознемирувачки гласини за можно усложнување на политичките прилики на Балканот поради припремата на Бугарија за соединување.[178]

За бугарското кнежество националното соединување, по кое се подразбирало ослободување од османлиските власти и присоединување на провинцијата Источна Румелија, Македонија и Тракија,[179] претставувало еден од најзначајните надворешнополитички задачи. Неизвесната политичка ситуација во Османлиската империја во годините после конгресот предизвикана од прашањата кои произлегле од одлуките на Конгресот, пред се прашањата за грчко-турската граница и црногорско-турската граница, давала надеж дека обединувањето на Бугарија и повторно создавање голема бугарска држава не било далеку. Односите помеѓу Османлиската империја, Црна Гора и Грција многу се заостриле и малку фалело до избувнување на нова балканска криза. Промената на владата во

178 Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 100

179 Терминот Тракија се употребува за означување на тракиските области надвор од пределите на Источна Румелија.

Велика Британија, пролетта 1880 година, која застанала во заштита на двете христијански држави, дополнително ја правела ситуацијата неизвесна.[180]

Сенародниот стремеж за обединување на "бугарските земји" се пројавува и при свикувањето на Основачкото собрание во Трново на 10 февруари 1879 година, [181] каде биле собрани претставници од сите "краеви" на Бугарија. Меѓутоа несогласувања избиле по прашањето за борбата против решенијата на силите. Конзервативците сметале дека сега не бил моментот да се застане против одлуките на Европа бидејќи тоа би било доста опасно и бесмислено и затоа бугарскиот народ треба да се залага најпрвин за изградба и јакнење на Кнежеството. За разлика од нив, Либералите ја застапуваат позицијата за продолжување на борбата против решенијата на Берлинскиот договор и да не се одржува Основачко собрание, сé додека западноевропските држави не се согласат да дадат слобода на "целиот бугарски народ". Тие сметале дека на тој начин ќе и помогнат на Русија да наметне преразгледување на Берлинскиот договор. Но поставена во дипломатска изолација и со сложени внатрешни проблеми, царската влада се стремела да избегнува секакви потешкотии и несогласувања со европските земји.[182] Заморена од многуте војни, Русија не сакала да влезе во нов спор или војна во која Османлиската империја не би останала сама и без помош од силите. На големо разочарување, таа настојувала Бугарите да се потчинат на одредбите од договорот.[183] Позицијата на Руското Царство ги убедила и Либералите во неопходноста да се прекине со акција и да се отвори Основачкото собрание. Сепак и покрај разликите помеѓу двете партии, тие заедно го демонстрираат својот стремеж за запазување на единството на бугарскиот народ. Впрочем и член 39 од Трновската конституција го осигурува духовното единство на Бугарите на чело со Егзархот независно од политичката определба.[184]

---

[180] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България ( 1879-1886), София, 1979, с.138-143.
[181] Словото на Негово Сиятелство Императорскiй Российскiи коммисаръ въ България Княза Дондукова Корсакова при първото отваряне на народното събрание въ Търново 10-й февруария 1879 година, с.1.
[182] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България...с.140-141.
[183] Рихардъ Фонъ Махъ, Изъ Българскитѣ бурни времена, Спомени отъ 1879-1918, София, 1929, с.2.
[184] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България ...с.140-141.

Интересот на Кнежевството за територите кои останале надвор од Бугарија е деклариран официјално веднаш со изборот на новиот бугарски кнез Александар Батенберг на 27 јуни 1879 година.[185] Во една записка пред почетокот на Основачкото собрание, Дондуков - Косарков предложил кнезот Батенберг да преземе мерки со кои ќе ги убеди европските кабинети во неопходноста да не се вратат турските војски во Источна Румелија и да се исполнат решенијата на Берлинскиот конгрес за Македонија. Оценувајќи ја насоченоста на бугарскиот народ, генерал-губернаторот сметал дека овие прашања треба да заземат видно место во програмата на идниот владетел. [186]

При обиколката која бугарскиот кнез ја имал во мај-јуни 1879 година, во Виена, Берлин, Париз, Лондон, Рим и Цариград, меѓу другите проблеми тој ја третирал и положбата на Македонија и Источна Румелија како услов за мирен развиток на Кнежевството. Тој од секаде добивал одговор дека обединувањето на Северна и Јужна Бугарија е неизбежно, но тоа да се направи полека и без притисок. Во програмите на двете партии, националното обединување било поставено како основна задача.[187]

Карактеристично е да се спомене дека стремежот за обединување на разделените бугарски земји бил и од економски причини. Берлинските граници на бугарската држава имале негативен одраз врз нејзиниот стопански развој, тоа го почувствувал целиот бугарски народ.[188] Економскиот развој на државата и нејзиниот просперитет налагале обединувањето да биде главна политичка цел. Исто така бугарските високите кругови сметале дека понатамошниот капиталистички развој на Бугарија е сврзан со неопходноста од раширување на границите на Кнежеството. За таа цел првите контакти помеѓу Кнежеството и Источна Румелија биле установени во време на управување на конзервативната

---

[185] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр. 7, с. 17.
[186] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България ...,с.141.
[187] Исто, с. 141-142.
[188] Благоев Д. Съченения, Т. 11, с. 85.

влада на чело со Бурмов Т. Тие контакти биле сврзани со националното прашање.[189]

За опстанокот на бугарското населени во Османлиската империја многу големо значење имала егзархиската црковна организација. Помеѓу останатото, со членот LXII од Берлинскиот договор, им се гарантирала верската слобода и правото на јавно вршење на црковни обреди на сите граѓани. Врз основа на овој член, како и фактот дека Портата по започнување на руско-османлиската војна во 1877 година не го поништила ферманот од 1870 година, со кој е основана Егзархијата, лежеле основите на делување на Егзархијата како црковна организација која го симболизирала и политичкото единство на бугарскиот народ.[190]

Во сложени меѓународни околности, веќе во април 1880 година, иницијатива за соединување бил покрената и во Источна Румелија. Постојаниот Комитет[191] како едно од управните тела на провинцијата, испратил во Софија двајца делегати за да воспостават контакт со владата и да се спогодат околу програмата за заедничко делување. Спогодба била постигната но не непосредно со владата, туку со неколку членови на Собранието, со поддршка на Конзервативците, додека Либералите кои биле партија на власт останале неутрални. Оваа спогодба ја поддржал и кнезот Александар. Со неа било предвидено формирање на народна војска, изгласување посебни кредити од страна на кнежевската влада и усогласено дејство на двете страни. Работејќи во согласност со усвоената стратегија, бугарската влада пред Собранието во јуни изнела закон за народна војска, а наскоро започнале и преговори помеѓу владата во Софија и Комитетот во Пловдив за заем од 2.500.000 франка на Источна Румелија. Извршување на најзначајниот дел од спогодбата требало да се одвива во две насоки - владата во

[189] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България...с. 142.
[190] Самарџиќ Момир, Од Сан Стефана...с.102-103.
[191] Постојаниот Комитет на Источна Румелија, трет важен орган во управувањето на автономната област, кој имал контролни и законодавни функции. Во својот состав имал 10 редовни члена и 3 заменици кои биле избирани од Обласното собрание. Кога Обласното собрание не заседавало, Комитетот ги извршувал неговите задачи. На 10. 12. 1870 година, во негов состав влегле: Гешов, Стамболски, Странски, Тилев, Величков и т.н. Во наредните години Комитетот се наметнал како главен орган во управувањето на Областа.

Софија за себе ја презела дипломатската припрема за соединување, додека Комитетот од Пловдив требало да го припреми населението во Источна Румелија за соединување. За таа цел во средината на мај 1880 година во Сливен бил одржан состанок на претставниците на градовите и селата од Источна Румелија, на кој присуствувале и делегати од Софија (Ст. Стамболов, Г. Живков) кои меѓу другото имале за задача да не дозволат пребрзо делување и да ја ограничат работата на собранието. Во таа прилика по настојување на Стамбилов бил основан Централен Комитет, во чиј состав влегле: К. Величков, И.С. Гешов, свеш. Г. Тилев, д-р Г. Странски и д-р Г. Хаканов.[192] Тој имал за задача да ги организира комитетите во сите делови на Источна Румелија и да работи на припремите за обединување. На друга страна, кнезот Александар во Лондон испратил свој претставник со намера да сондира став на британската влада за можно соединување. Нејзиниот став, условен од стравот од јакнење на руското влијание на Балканот и желбата за не влошување на односите со Османлиската империја, бил негативен.[193] Британскиот став бил ист како и рускиот. Русија на која не и одговарало ново усложнување во време кога започнале преговорите со Германија и Австро-Унгарија за обнова на Сојузот на тројцата императори [194] била против секакви бугарски акции. Ставот на големите сили го осудиле бугарскиот обид на неуспех.[195]

За активностите на бугарскиот народ знаела и Србија. Во овој период претседателот на српската влада се залагал за политика на неделување. Но во средината на 1879 година, со завршувањето на работата на европската комисија за разграничување, заминување на руските војски и задушување на буните на христијанското население во европскиот дел на Османлиската империја, било постигнато делумно смирување на приликите на Балканот, по што на српската влада и се заканувала помала опасност да биде обвинета за нарушување на мирот. Така дошол моментот кога владата на Србија можела самостојно или во

---

192 Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България...с. 143-145.
193 Дойнов Д. Комитетите "Единство". Ролята приносът им за съединението 1885, София, 1985, 261-281.
194 Обновен на 6/18 јуни 1881 година во Берлин, со кој се обврзале да не го нарушат територијалното status quo на Европска Турција, освен по заемна согласност.
195 Самарџиќ Момир, Од Сан Стефана...с. 101-102.

согласност со настојувањата на европските држави да спроведе реформи во европска Турција со кои ќе се обиде да ги заштити своите државни интереси и интересите на српското население во Османлиската империја. [196]

Прашањето на кое српската влада и кнез посветувале најголемо внимание и кое претставувало најголема опасност за интересите на Србија било покренување на бугарското прашање, односно обединувањето на Источна Румелија и Кнежевството Бугарија, во период кога Србија не била доволно спремна за позначајна активност насочена кон југ. Од разни извори српската влада добивала вести за настаните во Бугарија и можното скорешно обединување доколку дојде до влошување на ситуацијата на Исток. Христиќ од Виена јавил дека во дипломатските кругови бил споменуван некаков договор во очекување помеѓу Русија и Австро-Унгарија.[197] Со негово склучување, Австрија требало да и остави на Русија слободни раце во Источна Румелија и Бугарија, а за возврат Русија да и даде слобода во Босна, Херцеговина и Србија. Српската влада и политичари не ја криеле својата збунетост. Кнезот Милан отворено истапил против обединување на Источна Румелија со Бугарија, сметајќи дека таа преставува голема опасност за Србија. Сакајќи да превери колку вистина има во вестите за скорешното обединување на Бугарија, српската влада донела одлука да го испрати својот дипломатски агент во Софија, Сава Грујиќ, на патување низ Источна Румелија. Пред да тргне Грујиќ напишал извештај во кој ја изложил дотогашната работа на Бугарите за обединување. Првата половина на август 1880 година тој ја поминал во патување, при што дошол до заклучок дека населението било единствено по прашањето за обединување, но исто така дека тие биле свесни за положбата во која се наоѓала провинцијата во тој момент, односно биле свесни дека турската војска многу лесно би влегла во Источна Румелија. Но сепак биле убедени дека со тек на времето до обединување секако ќе дојде.[198]

---

[196] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.103.
[197] Ф.Христић, J. Ристић, Беч, 3 јули 1880 година, Писма Филипа Христића, Јовану Ристића (1868-1880) к. 8, Београд 1953, док. бр. 343, с. 349.
[198] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.105-108

Опасноста од обединување на Бугарија и се помасовната бугарска пропаганда во Македонија, ја принудиле српската влада да го постави прашањето за оживување на пропагандата во краевите во кои според нејзино мислење, живее српско население. Претходните две години владата одбивала да поддржи основање на одбор кој ќе има за задача ширење на просветата во Стара Србија и Македонија и забранила било каква агитација во Македонија и праќање чети од Србија кој би учествувале во востанијата во Македонија. Но развојот на настаните ја принудиле владата на Србија да го промени ставот. Поради тоа во средината на август 1880 година се обратиле кај шефот на Прес бирото на српската влада Матиј Бан и професорите на Високата школа Панта Сречковиќ и Милош Милојевиќ, како личности кои биле запознаени со напорите на Србија за ширење на просветата во Стара Србија и Македонија пред војната 1876-1878 година. Тие биле повикани со цел да предложат најприфатлив начин според кој оваа задача би можела да се реши. Бан и Милојевиќ на прво место ја истакнале неопходноста од создавање на таен одбор во Белград кој ќе биде задолжен за целокупната работа. Според нивното мислење, поради тајноста на овој одбор тој не би требало да има повеќе од 5-6 члена. Се предвидувало одборот да зависи исклучиво од министерството за надворешни работи и во него да претставува - тајно одделени за задгранични народни работи. Овој предлог бил одобрен од Јован Ристиќ и за први членови на одборот биле поставени Павловиќ, Бан, Сречковиќ и Милоевиќ, а три недели подоцна и проф. Јован Драшковиќ. Според мислењето на Јован Ристиќ, задачата на тајниот одбор била тространа - "од една страна требало да ја штити народната свест на Исток со најприфатливи средства, да ги спречува сите противнички обиди на српската страна и најпосле да ги брани српските интереси пред европското мнение". За исполнување на последната задача бил составен мемоар, поточно брошура од М. Бан напишана кон крајот на август 1880 година.[199] Во неа врз основа на етнографски, статистички и историски податоци настојувал да го докаже правото на Србија на Македонија, а како граница на српското и бугарското влијание ја одредил вододелницата Струма и Места. Во периодот кога во тек биле припремите за основање на Друштвото на

---

[199] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.109-111.

Свети Сава,[200] а српската влада ги правела првите чекори за организирање на пропагандата на југ, во Белград септември 1880 година пристигнал бугарскиот кнез Александар. Неговата посета била прилика да се разменат мислења за бројните прашања кои ги допирале интересите на двете држави, како железницата, дунавската пловидба и царинскиот сојуз, судирот околу интересите во Македонија[201] и евентуално вооружено дејствие.[202]

[200] Јавно друштво, формирано како дел од припремите на Србија за пропаганда во Стара Србија и Македонија. Неговиот статут донесен на 3 октомври 1880 година, бил потпишан од сите претставници на Тајниот одбор. Но сепак како година на негово конечно основање се споменува 1886 година.
[201] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.109-111.
[202] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България...с. 149.

## *II.5. Посетата на Александар Батенберг на Белград и државниот преврат во Бугарија*

Бугарскиот кнез Александар, посетата на Белград ја планирал уште во крајот на 1879 година, непосредно по воспоставувањето на дипломатските односи со Србија. Посетата неколку пати била одложувана, за да на крај биде договорена за септември 1880 година, десет дена по враќањето на кнезот Милан од Австро-Унгарија. За организирање на посетата на прв странски владетел на Кнежевска Србија, владата формирала посебна комисија, при што правела напори на бугарскиот кнез да му приреди сјаен пречек. На 24 септември кнезот Александар пристигнал во Белград и бил пречекан лично од кнезот Милан. Во текот на посетата тие воделе разговор за значајни прашања, покренати во односите на двете држави во претходниот период. Меѓу прашањата за кои разговарале било и прашањето за царинскиот сојуз, кој го споменал самиот бугарски кнез во разговорот со Јован Ристиќ и Владимир Јовановиќ. Иако според сведочењето на Јовановиќ на седницата на владата каде се дискутирало за царинскиот сојуз, на предлог на Ристиќ била донесена компромисна одлука, расправата за прашањата за трговските односи со Бугарија да бидат одложени до склучување на трговски договор со Австро-Унгарија, сепак на двајцата министри им било јасно дека таквата формулација била само начин да се признае поразот на владата во кнежевското противење на овој сојуз. Наоѓајќи се во непријатна ситуација пред бугарскиот кнез, министрите дипломатски одговориле дека е потребно време за созревање на прашањата за сојуз и нивно дефинитивно решавање.[203]

Претседателот на српската влада бил заинтересиран пред сé за соработка, поточно за заедничко истапување во противењата на намерите на Австро-Унгарија во врска со железницата и дунавското прашање. Ристиќ предложил

---

[203] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.112-113.

заеднички отпор на австроунгарските притисоци врз Србија и Бугарија со цел да се согласат за свикување на комисија од четири држави во Виена. Бугарскиот владетел ја истакнал опасноста од попуштање и укажал на неопходноста со заеднички сили словенските држави да истапат против намерите на Австро-Унгарија. Претседателот на српската влада дал предлог Бугарија да изгради железничка врска со европските престолнини преку Романија наместо преку Србија, а кнезот Милан за разлика од својот прв министер инсистирал на изградба пред се на линија кон Цариград. Во врска со регулирање на пловидбата на Дунав, Ристиќ во разговор со кнезот се залагал за спротиставување на австроунгарскиот проект, во кој било предвидено формирање на мешовита комисија од крајбрежните држави над кој Австо-Унгарија би ја осигурала својата контрола, при што се залагал тој надзор над Дунав да им припадне на крајбрежните држави. Карактеристично е што за разлика од првиот министер на српската влада, кнезот Милан ја истакнувал неопходноста од зачувување на добри односи со Австро-Унгарија кој била единствен заштитник од руските балкански аспирации и обнова на Санстефанска Бугарија. Всушност по посетата на бугарскиот кнез, започнала политичката криза во Србија, по што кнезот Милан по враќањето од Виена бил одлучен да побара оставка од Ристиќ. Извесно е меѓутоа дека кнезот и неговиот прв министер имале заедничко мислење по едно прашање - бугарските аспирации спрема вардарската долина кон просторот на Стара Србија и Македонија. Двајцата заземале став дека тоа е проблем кој бара посебно внимание и кој не треба да се избегне во разговорите со Александар. Кнезот Милан отворено говорел за неправедностите на бугарските аспирации кои биле насочени кон освојување на српските територии, при што истакнал дека ќе се спротистави доколку тоа биде потребно. [204]

Според сведочењето на австроунгарскиот дипломатски претставник во Белград, Александар Персијанин, Александар и Милан разговарале и за

[204] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.114-115.

Македонија при што станало збор само за пропагандата во Македонија.[205] Ова прашање е споменато и во годишниот извештај на рускиот цар Александар II, каде е наведено дека Ристиќ предложил спротиставување на грчката пропаганда во Македонија со заедничко отворање на словенски училишта. Исто така Ристиќ предложил и постигнување на договор за сферите на простирање на културното влијание на Србија, односно Бугарија во Македонија кои би претставувале и граница на вооружените дејствија во случај на востание. Ова всушност претставува и прв предлог за поделба на Македонија во историјата на српско-бугарските односи, а предлогот бил даден од српската влада. Овој предлог е последица од несигурноста и неизвесноста на Белград која ја чувствувале во можниот развој на настаните во европскиот дел на Османлиската империја. Меѓутоа овој период не бил погоден за разговор за ова прашање, ниту личностите со кои е воден. Бугарските политичари ниту во 1880 година, ни во годините кои следеле, не биле заинтересирани за разговори за поделба на нешто за кое тие сметале дека во целина им припаѓа ним. Од друга страна бугарскиот кнез не била единствената личноста со која требало да се разговара за тоа прашање. Според бугарскиот устав, кнежевската власт била ограничена и за сите прашања од државен интерес била потребна согласност и од бугарската влада. Покрај тоа, кнезот Александар кој бил со конзервативни политички ставови, често бил во конфликт со својата либерална влада. Сепак иако било разговарано за Македонија, нема податоци за тоа каде поминувала границата на сферите на влијанија. Меѓутоа, нивните погледи кон Македонија – српските до Струма и бугарските за цела Македонија, се во толкава мера спротивни што секој разговор на таа тема би бил бесплоден и само би довел до конфликт. Токму затоа оваа тема била изоставена и бугарскиот кнез си заминал од Белград со позитивни впечатоци. [206]

Во целина гледано, посетата на бугарскиот кнез на српската престолнина, на политички план не донела некаков непосреден успех, поточно спогодба за некои

[205] Самарџић Момир, Посета бугарског кнеза Александра Београда и први предлог о подели Македоније 1880 године, 307-308.
[206] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.115-116.

од прашањата кои биле значајни за двете држави. Царинскиот сојуз, железничкото прашање и регулирање на пловидбата по Дунав, биле прашања кои останале нерешени, а произлегле од негативниот развој на односите помеѓу Србија и Австро-Унгарија. Заедничкото спротиставување на Србија и Бугарија, на интересите на Австро-Унгарија, паднале во вода.[207] Набрзо по падот на владата на Јован Ристиќ на 19 октомври 1880 година,[208] Србија[209] склучила трговски договор со Австро-Унгарија на 24 април 1881 година.[210] Сепак посетата имала една многу значајна последица, допринела за зближување на двајцата владетели кои во текот на разговорите имале можност подобро да се запознаат и да разменат мислења за бројни прашања. Во текот на наредната година српскиот владетел на кнезот Александар гледал како на фактор кој во неизвесната иднина на односите со Кнежеството Бугарија, преставувал извесна потпора. Последиците на ваквите погледи на кнезот Милан се виделе веќе наредната година, кога политичката криза после ударот во Бугарија, значајно допринела за начинот на кој српскиот кнез[211] го потпишал тајниот политички договор со Австро-Унгарија на 16/28 јуни 1881 година.[212]

Според либералниот устав на Бугарското кнежество, кнезот на Бугарија сите прашања од државен интерес морал да ги решава во согласност со својата влада. Кнезот Александар знаел дека мнозинството од народот стои зад Либералната партија, по што сметал дека единствен начин да се спаси од потчинета улога во управување со Кнежеството било отфрлање на конституцијата. Тој не можел да заземе позиција на класичен парламентарен монарх меѓу големите политички сили, по што од почетокот на 1881 година започнал засилена подготовка за отфрлање на конституцијата и државен преврат. Основните напори биле насочени кон добивање на поткрепа од рускиот император во полза на превратот. Позитивниот став на Александар II би го осигурал успехот на превратот на

---

[207] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.116.
[208] Записници седница министарског савета Србије 1862-1898, Никола П. Шкеровић, Државна архива Н.Р. Србије, Грађа, к. 2, Београд 1952, с. 383.
[209] Претходно Србија склучила и железничка конвенција со Австро-Унгарија на 28/9 април 1880 година .
[210] Пржић Илија, "Спољашна политика Србије 1804-1914" Политика А.Д. Београд, 1939, с.106.
[211] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 116-117.
[212] Димитар Димевски, Битолски вилает ...с. 13.

внатрешен и надворешен план. Авторитетот на Русија кај бугарските народни маси бил голем и кнезот Александар се надевал дека Либералите не би се спротиставиле на одлука која би ја поддржала една голема сила како Русија. Во јануари 1881, бугарскиот кнез повторно се обратил кај рускиот цар со настојување за измени на конституцијата.[213]

Од останатите големи сили Германија и Австро-Унгарија го поддржале бугарскиот кнез во намерата за востановување на силна кнежевска власт. Тие се надевале дека на тој начин ќе се создадат услови за ефикасна борба против руското влијание во Бугарија. Според тоа посебни напори за добивање на поддршката од двете земји не биле потребни. Тие дури учествувале и во разработување на конкретните подготовки за планираната антиконституциона акција. Тој стапил и во контакт со британскиот дипломатски претставник, но Англија останала неутрална во поглед на планот на бугарскиот кнез. [214]

Важна улога од приоден внатрешнополитчки карактер за успешно изведување на антиконституционите замисли на кнезот, било привлекување на рускиот генерал К. Ернрот. Тој бил убеден дека кнезот Александар не може да управува со Трновската конституција. Ернрот сам се ангажирал во изработување и исполнување на планот за превратот. Убиството на рускиот император АлексндарII на 1 март 1881 година ги засилило подготовките за превратот. Во почетокот на март, Александар Батенберг присуствувал на погребот на рускиот цар, при што веројатно таму добил впечаток дека рускиот царски двор е благонаклонет кон неговата намера и дека формална дозвола од новиот руски цар Александар III[215] не му е потребна.[216]

---

[213] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава, Национално-освободителни борби (1878-1903), том седми, Българска академия на науките, Институт по история, София, 1991, с. 113.
[214] Исто, с. 113.
[215] Бугарскиот дипломат и историчар Симеон Радев (роден во Ресен) во "Спроителите на съвремена Българи, 1, Царуването на княза Александара 1879-1886, Софија, 1990, 256", запишал дека во приликата кога бугарскиот кнез пристигнал во Русија за да присуствува на погребот на рускиот цар, добил поддршка од Александар III за извршување на превратот. Меѓутоа повеќето автори кои го третираат ова прашање имаат поинаков став. Според Самарџич Момир, прашањето за преврат не било покренато и бугарскиот кнез не добил одобрување за извршување на државен преврат.

За сето ова време либералните водачи биле добро информирани за подготовките за државен преврат, но не превземале конкретни мерки за да го спречат. Главна причина за пасивноста на либералите се должела на неопределеноста на официјалната руска позиција кон подготвуваните настани во Бугарија. Подготовката на превратот во целина била во рацете на еден руски генерал.[217]

Со указ на Александар Батенберг кој е објавен на 27 април 1881 година, било одлучено да се изведе државен преврат. Со него е објавено формирање на привремена влада на чело со генерал Ернрот и било најавено свикување на Големо народно собрание, кое ќе одлучи за барањата кои кнезот ги сметал за неопходни во понатамошниот развој на Кнежеството. Прифаќањето на овие барања било неопходно, а во спротивно кнезот Александар најавил напуштање на престолот. Генералот Ернрот кој воедно ја вршел и функцијата министер за внатрешни работи, го обезбедил неопходното мнозинство на Собранието за да се исполнат барањата на бугарскиот кнез. Либералите немале никакви шанси во борбата против кнезот. Големото народно собрание во Свиштов на 1 јули 1881 година го суспендирало уставот и дало седумгодишно полномоштво на кнезот со кое му била обезбедена надмоќната положба во вршењето на законодавните и извршните власти во Кнежеството.[218]

Српската влада придавала големо значење на настаните кои се случувале во соседното Кнежество, внатрешнополитичката ситуација, промената на владата и кризите кои го следеле нејзиниот развој. Државниот преврат во Бугарија се случил во многу деликатен момент за Србија. После политичките промени во октомври 1880 година и смената на владата на Јован Ристиќ, во внатрешната политика се поочигледно било заострување на односите и судирот помеѓу радикалите и либералите кои отворено ја напаѓале внатрешната, но и надворешната политика

[216] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с. 114.
[217]Исто, с.114.
[218] Пантев А. Нова България 1878-1919, История на Бъгария, София, 1998, 289-292.

на владата, осуетувајќи ја политиката на оддалечување од Русија. Во надворешната политика се поочигледно било приближувањето на Србија кон Австро-Унгарија. Најголем приврзаник на ваквата политика на приближување кон соседната монархија бил самиот српски кнез.[219] Како резултат на ваквите настојувања ќе биде склучена тајна конвенција помеѓу Србија и Австро-Унгарија[220] на 28 јуни 1881 година со која Србија била ставена во целосна политичка зависност од Австро-Унгарија; била елиминирана српската политичка пропаганда во Босна и Херцеговина и истата е насочена кон југ и Македонија.[221] На ваквиот исход, поточно за потпишување на конвенцијата многу влијаел бугарскиот фактор. Имено обидите за обединување на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија внеле немир кај Србите поради можноста за повторно отворање на Источното прашање и негово решавање на штета на српските интереси. Исто така државниот преврат во Бугарија и кризата која со превратот била отворена, уште еднаш го предочиле неизвесниот развој на политичката ситуација на Балканскиот полуостров. Во таква ситуација владата во Србија сметала дека е неопходно да ги заштити сопствените државни интереси. Токму затоа излез побарале во поблиските политички врски и односи со Австро-Унгарија, кои во овој момент ги сметале за најдобро решение за нивната надворешна политика и ширење кон југ.[222] Сепак во годините кои што следат, кнезот Милан ќе се увери дека како и Русија така и Австро-Унгарија, не е ништо подобра спрема српската држава и дека можеби најдобро би било доколку својот поглед го сврте кон Франција. Неговата одлука е донесена на брзоплета основа, со недоволен углед и под големо влијание на австриската агитација. [223]

Настаните во Бугарија биле будно следени од српските власти. За таа цел на владината[224] седница одржана на 11 септември 1881година, било решено на српскиот дипломатски претставник во Софија, Сава Грујиќ, да му се исплати

---

[219] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 119.
[220] Знаменита документа за историју српског народа 1538-1918, Микавица Дејан, Гавриловић Владан, Васин Горан, Нови сад, 2007,док. бр. 66, с. 338-340.
[221] Македонија во билатералните и мултилатералните договори...док.15, с. 99-100.
[222] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 127.
[223] Десница Гојко, Историја Српског народа ( 850-1903), Београд, 1981, с. 380.
[224] На чело на српската влада во овој период е Милан Пироќанац ( 19.10.1880-21.09.1883).

паричен надоместок со цел тој да присуствува на Големото народно собрание во Свиштов и по завршување на работа на Собранието да се врати во Белград.[225] Ден по доаѓањето на Мијатовиќ од Виена, од Софија во Белград пристигнал Сава Грујиќ. Вестите за настаните од Софија во Белград пристигнале истиот ден кога е објавен и указот на Александар Батенберг, а во текот на наредните денови и недели повремено доаѓале информации за дејствијата во бугарската престолнина. Со доаѓањето на Грујиќ, српскиот кнез и влада подетално биле информирани за превратот во Бугарија и неговата суштина. Според извештаите српскиот кнез Милан со големо внимание следел се што се случувало во соседното Кнежество и одлуката на Батенберг ја сметал за оправдана и ја бранел пред австроунгарските дипломати. Кнезот Милан не сакал настаните во Бугарија да доведат до нова политичка криза, но сакал на бугарскиот престолот да остане кнезот Александар. Опстанокот на бугарскиот кнез тој го сметал за поволен за Србија и понатамошниот развој на српско-бугарските односи, бидејќи имал целосна доверба во неговата лојалност и преставувал еден вид сигурност дека во скоро време до обединување на Бугарија со Источна Румелија нема да дојде. За голема неповолност ја сметал можноста во Бугарија на власт да дојде опозицијата, бидејќи на тој начин би се активирале територијалните аспирации на Бугарија кон територииите кои Србија ги сметала за свои и на кои според нејзино милење имала одредени права засновани на етничка и историска основа.[226] На ваквиот исход кнезот Милан се заканил со војна, бидејќи како што истакнал нема да дозволи повторно создавање на Санстефанска Бугарија. Токму затоа во Петроград имал намера да лобира против бугарските намери за обединување и да го одбие секој предлог кој би се однесувал на унија помеѓу двете балкански територии.[227]

Решенијата на Собранието во Свиштов кои биле во корист на барањата на бугарскиот кнез Александар, донеле решение на кризата отворена со указот на

---

[225] Записници седница министарског савета Србије 1862-1898, Никола П. Шкеровић, Државна архива Н.Р. Србије, Грађа, к. 2, Београд 1952, с.396.
[226] Самарџић Момир, Од Сан Стефана... с. 122-124.
[227] Ковачевић Д. М. Србија и Русија 1878-1889, Од Берлинског конгреса до абдикације крања Милана, Београд 2003, с. 153.

Батенберг од 27 април. По ова станало јасно дека Кнежевството Бугарија имало за цел од буржоаскодемократска парламентарна демократија, да биде претворено во држава со конституционално-монархиски ред и со политичко господство на парламент без претставителен карактер, лишен од законодавната иницијатива и со влада која нема да полага одговорност пред парламентот. Кнезот и конзервативците сметале дека државата најдобро ќе се развие доколку со неа раководат само компетентни и образовани луѓе од имотната класа; доколку има дисциплина, ограничени права и без учество во управувањето на народот.[228]

Решавањето на кризата во бугарското Кнежество, отворена со указот на Александар Батенберг, предизвикало олеснување кај српските власти. Српските весници, одлуката на Собранието во Свиштов ја означиле како почеток на нова ера, а претседателот на српската влада изјавил дека негова желба е кнезот Александар да успее да го зацврсти новото уредување во својата држава. Смирувањето на политичката ситуација во Бугарија за српската влада значело помалку грижи и помалку опасности за својата држава.[229]

[228]История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава, Национално-освободителни борби (1878-1903), том седми, Българска академия на науките, Институт по история, София, 1991, с.117-118.
[229] Самарџиќ Момир, Од Сан Стефана...с.130-131.

# *III Време на влошени Српско-бугарски односи 1883-1885 година*

## *III.1. Тимочката буна и емигрантското прашање*

Во средината на 1883 година во Србија е забележително заострување на односите помеѓу кралот Милан[230] и Радикалите. На изборите во септември убедлива победа однеле радикалите. Но наместо на радикалите кралот Милан довербата за составување влада ја дал на Никола Христиќ, кој ќе биде на чело на српската влада од 21 септември до 1883 до 7 февруари 1884 година.[231] Тој бил стар реакционер и министер за внатрешни работи во времето на кнезот Михаило. Христиќ веднаш го свикал и распуштил новоизбраното Собрание. Во исто време дал наредба да се спроведе одлуката на Военото министерство за одземање на оружјето, издадена на 25 јуни 1883 година, врз основа на новиот Закон за војската, изгласан од Собранието на 27 декември 1882 година. Според овој Закон, сите војници од 20 до 50 години, после отслужување на воениот рок биле сметани како резервна активна војска. Крајот на септември, по завршување на работата во штабовите, регрутната комисија преминала на работа на лице место по окрузите. Една од најтешките и најделикатни работи била задачата за одземање на оружјето на првата и втората класа на народната војска, како непотребно и старо, со цел да се замени со ново, кое нема да им се дава на војската на рака туку ќе

[230] На 22 февруари 1882 година, Србија е прогласена за кралство, а Милан Обреновиќ за крал.

[231] Записници седница министарског савета Србије 1862-1898, Никола П. Шкеровић, Државна архива Н.Р. Србије, Грађа, к. 2, Београд 1952, с.417.

остане во магацините. Спротиставувањето на оваа одлука ќе доведе до буна која најпрво е регистрирана како Заечарска, а потоа Тимочка буна.[232]

Тимочката буна започнала кон крајот на октомври 1883 година[233] и траела само неколку дена, меѓутоа поради многубројните учесници, суровите репресалии, последиците кои се чувствувале и паметеле со децении по неа, таа примила размер на историско револуционерно бунтовничко движење. Првите одбивања на послушноста со кои почнува бунтовничкото движење, биле регистрирани истовремено во неколку села во двата округа на Тимочката краина, болевскиот црноречки округ и бањскиот алексички округ, веднаш од како комисијата започнала со работата за собирање на оружје и други воени работи крајот на Септември.[234]

Главниот одбор на Радикалната партија директно не учествувал во кревање на буната, но ја поддржале и нејзините агитатори учествувале во организирање на бунтовничкото движење, без конкретен и конечен план.[235] Според одлуката на Главниот одбор секој требало да замине во својот изборен округ и да делува според потребите. Но пред да имаат прилика да постапат во согласност со одлуката, членовите на Главниот одбор Перо Тодоровиќ, Коста Таушановиќ, Рашо Милошевиќ, Пајо Михаиловиќ и други биле уапсени ноќта на 25/26 октомври. Само Никола Пашиќ успеал да се спаси и пребегал во Видин каде бил сместен кај видинскиот окружен началник Христо Иванов. Операциите на редовната војска против бунтовниците траеле од 26 октомври до 2 ноември. Одредите на бунтовниците биле разбиени, а судот осудил 734 луѓе. Од истакнатите радикали покрај Пашиќ, со бегство во Бугарија се спасиле и Станоевиќ, Миленковиќ и други. Од осудените со смртна казна, шеесет и тројца биле помилувани и осудени на затворска казна. На оваа одлука најмногу влијаел министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија Густав Калноки, кој на

[232] Раденић Андрија, Из историје Србије и Војводине 1834-1914, Нови Сад-Београд 1973, с.440-441.
[233] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886), София, 1979, с.108.
[234] Раденић Андрија, Из историје Србије и Војводине...с. 440-441.
[235] Екмечић Милорад, Стварање Југославије 1790-1918, том 2 , Београд , 1989, с.376.

кралот Милан му препорачал умереност во казните со цел да не се остави лош впечаток во Европа. [236]

По задушувањето на Тимочката буна, плашејќи се од внатрешни немири организирани од Радикалната партија, кралот Милан настојувал да ја оневозможи нејзината обнова. Во таа смисла настојувал да обезбеди поголема австроунгарска поддршка и во случај на негово симнување од престол да си обезбеди политички азил во Хабсбуршката монархија.[237]

Кралот Милан бил уверен дека Тимочката буна била резултат на радикално-руска завера и дека бунтовниците се надевале на поддршка и симпатија однадвор.[238] По востанието во Босна и Херцеговина во 1882 година[239] и женидбата на Петар Караѓорѓевиќ со ќерката на кнезот Никола и фактот дека буната избувнала на границата со Бугарија, било само уште еден доказ за руската активност насочена против него и династијата. На исти начин бил толкуван и ставот на бугарската влада.[240]

За време на буната во Србија и преминот на радикалите на бугарската територија, во Бугарија се случуваат значајни политички промени. На 7 септември 1883 година, кнезот Александар ја назначил новата коалициона влада, составена од либерали и конзервативци на чело со Драган Цанков кој воедно бил и министер за внатрешни работи. Пред новата влада стоеле неколку задачи: измена на Конституцијата, воведување на железничка линија Цариброд-Вакарел и пред Народното Собрание да ја стави на разгледување конвенцијата за окупациониот долг кон Русија. Проектот за изменување на конституцијата бил ставен на разгледување на 5 декември 1883 година, без претходно најава поради што многумина од депутатите од кои се очекувало да гласаат против измена на

---

[236] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.168-169.
[237] Екмечић Милорад, Стварање Југославије 1790-1918, том 2, Београд , 1989, с. 377-378.
[238] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.168-169.
[239] Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа (1804-1914), Београд, 1995, с. 99.
[240] Ковачевић Д.М. Србија и Русија 1878-1889, Од Берлинског конгреса до абдикације краља Милана, Београд , 2003, с. 237-238.

конституцијата, не присуствувале на гласањето. Така со 37 гласа бил усвоен проектот за измена на законот за конституцијата. Со него се предвидувале следните измени: намалување на бројот на депутатите во Народното собрание, изборното право се давало само на лица кои поседуваат недвижен имот, бројот на министерствата требало да се одредат со специјален закон, а титулата на кнезот била променета од "Светлост" во "Височество".[241]

Веднаш отткако Народното собрание започнало со својата работа, министрите од конзервативната партија Начовиќ, Стоилов и Икономов си поднеле оставка. На 31 декември кнезот назначил нова влада на чело со Цанков во која со исклучок на Икономов, сите членови на кабинетот биле умерени либерали.[242]

Влезот на Цанков и на либералите во владата, како и измената на уставот со кој се предвидува ценз, сенат и ограничување на весниците и слободата, довеле до расцеп на либералите од кои се одвоила групата на чело со Петко Каравелов. Сложената внатрешна ситуација се одразила на ставот на бугарскиот политички врв во прашањето за српските емигранти. Кнежевскиот конзервативен блок, не гледал позитивно на радикалите во сопствената држава поради нивните антиавстриски и проруски ориентации, но поради скорешниот политичкиот пораз биле принудени да се воздржат од осуда на емигрантите. Меѓу либералите преовладувале различни мислења. Разочарувањето од руската царска политика спрема Бугарија ги пробудиле сомнежите кај либералите за тоа на кој начин би се одразила политичката или династичка промена во Србија на позицијата на бугарските либерали. Таа противречност играла одредена улога во меѓудржавните односи на Србија и Бугарија. За неопходност од блиски односи со српските радикали се залагала само крајната лева либерална групација–Стојанов, Сукнаров и други, кои биле под големо влијание на идејата на Светозар Марковиќ и поради тоа ги сметале српските радикали за свои идејни браќа, воедно не

[241]История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с. 128-131.
[242]Исто, с. 131.

заборавајќи ја нивната отворената поддршка за време на бугарскиот државен преврат во 1881.[243]

Пограничните власти на Бугарија ги примале бегалците од Србија, ги разоружувале и потоа ги сместувале воглавно во Видин.[244] Скоро сите бегалци[245] биле осудени на смрт и не помислувале да се вратат во Србија се додека кралот Милан е на власт. Српските власти се плашеле од можноста за организирање на емигрантите на чело со Пашиќ и почеток на нова буна од Бугарија за што би биле помогнати од неговиот роднина кој бил началник на Видин. За таа цел српскиот министерот за надворешни работи дал наредба на претставникот во Софија, Ѓорѓе Симиќ, да пренесе порака на бугарскиот кнез дека кралот Милан се надева на нивното пријателство и очекува Бугарија да не дозволи никаква буна, а Пашиќ и останатите бунтовници да бидат оддалечени од границата. Австроунгарскиот агент, Бигелебен му соопштил на Симиќ дека во еден разговор со Балабонов, тој му напоменал дека Бугарија е спремна да ги оддалечи бунтовниците од Видин, доколку српската влада ги плати сите трошоци кои таа ги имала до тогаш за издржување на емигрантите. Но на средбата на 5 декември за ова прашање не било разговарано и Балабанов го известил Симиќ дека бугарската влада донела одлука за оддалечување на Пашиќ од Видин и негово сместување во друго бугарско место кое не се наоѓа на границата. Останатите емигранти бугарската влада немала намера да ги оддалечува од Видинскиот округ, со цел залудно да не се вознемирува јавното мнение кое било наклонето кон емигрантите. [246]

По првобитните неуспешни чекори кај бугарската влада за целосно оддалечување на емигрантите од српската граница, сепак српската влада била задоволна и од минималните напори кои биле во пресрет на нивните молби. Кралот Милан не сакал да му создава поголеми проблеми на кнезот Александар кој во овој период бил под голем притисок од либералната опозиција. Мирувањето

---

[243] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.169-170, 176.
[244] Пантев А. Емигрантското прашање и българско-сръбските отношения (1883-1886) -Векове, 1973, к.4.с. 5-8.
[245] До крајот на 1883 година во Видин и останатите погранични села се наоѓале околу педесетина српски емигранти меѓу кои имало и пет поранешни народни пратеници.
[246] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.172-173.

на емигрантите во Видин и ветувањето на министерот за надворешни работи дека бугарската влада нема да дозволи никаков бунт, давала одредена гаранција на Србија дека барем привремено не постои никаква опасност. Дејствијата на емигрантите во првите месеци од 1884 година, односно преминот на границата на четворица од нив кој живееле во пограничното село Кириев, биле повод за српската влада одново да го актуелизира прашањето кај бугарската влада за нивно оддалечување од границата.[247]

Стравот на кралот Милан од организирање на српските емигрантите од Бугарија и нивен бунт бил сосема оправдан. Првата мисија на Никола Пашиќ по доаѓањето во Бугарија била подигање на востание во Србија, рушење на владата и симнување на кралот Милан од престолот. Намерата за преврат во Србија и антидржавните дејствија на емигрантите се изложени во изјавата од 1 декември 1883 година објавена во Новосадски весник. Меѓутоа за нивна реализација била потребна политичка поддршка и финансиски средства кои во овој период тие ги немале. За таа цел Пашиќ стапил во контакт со М. Алексиевиќ, еден од најзначајните агенти на династијата Караѓорѓевиќ, а во есента 1884 година и со поранешниот кнез Александар, кој до април 1884 година парично ги помагал емигрантите. Меѓутоа и самиот Пашиќ знаел дека без помош од Русија, со која српскиот крал бил во сé полоши односи, нема да успеат во реализацијата на бинтот, по што издејствувал средба во Софија со рускиот дипломатски претставник Јонин. Тој во духот на официјалната руска политика во тој период за немешање во внатрешните работи на српското кралство, бил против револуција во Србија по што го одбил Пашиќ. [248]

Пашиќ по средбата со Јонин, единствената надеж за воспоставување на врски со Русија ја гледал во симнатиот митрополит Михаил[249] кој во тој период се наоѓал во Рушчук. До нивна средба дошло во крајот на ноември 1883 година, на

[247] Самарџић Момир, Од Сан Стефана... с. 174, 181.
[248] Исто, с.176-177.
[249] Ја напуштил Србија на 23 април 1883 година и заминал во посета на Цариград, Ерусалим и Света Гора, а во октомври пристигнал во Рушчук каде требало да ја помине зимата.

која бил составен план за завера помеѓу српските радикалци и Караѓорѓевиќи со Русија, за симнување на династијата Обреновиќ. Но за разлика од Пашиќ кој се залагал за промена на српскиот престол со кнез Никола или Петар Караѓоѓевиќ, митрополитот сметал дека на српскиот престол треба да останат Обреновиќи, а Милан да биде заменет со неговиот малолетен син Александар, до чие полнолетство со Србија ќе раководи намесништво. Со ова Пашиќ се согласил но под услов намесништвото да биде заменето со кнезот Никола или Петар Караѓорѓевиќ, доколку работи несовесно. Упад на емигрантите бил планиран за мај 1884 година, но Пашиќ го поместил датумот. Причината за ваквата одлука не е позната но се претпоставува дека упадот бил откриен и за тоа е предвидено негово одложување.[250] Меѓутоа првиот неуспешен обид за упад не го обесхрабрил Пашиќ, по што тој продолжил со работа и агитации во таа насока и наредната година за кога бил планиран нов упад во август 1885 година. Конечните припреми за упад во Србија започнале во неповолни околности за емигрантите. Заминувањето на блискиот пријател на Пашиќ, Сукаров од позицијата министер за внатрешни работи во бугарската влада и неговиот отворен судир со П. Каравелов, допринеле за слабеење на положбата на српските емигранти кај бугарските власти. За тоа делумно влијаела и пропагандата на Србија и Бугарија во Македонија и се поизразениот судир околу неа, по што бугарските власти и јавност биле внимателни кон сите Срби во бугарското кнежество вклучувајќи ги и емигрантите. Оставена сама на себе без помош, српска радикалната емиграција едвај преживувала. Недоволната подготвеност за востание во Србија како и зајакнатите заседи на српските власти на границата ќе го осуетат планот за упад на емигрантите.[251]

Тимочката буна оставила длабоки рани во Србија. Таа го сопрела процесот на демократизација на Србија и ја уназадила радикалната опозиција која по овој период и самата морала да се прилагоди кон волјата на кралот Милан. Исто така оваа буна многу влијаела на односите помеѓу Србија и Бугарија. Бугарската

[250] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с177-181.
[251] Исто, с.213-227.

држава станала место за собирање на српските емигранти, воглавно припадници на Радикалната партија, групирани во две средишта: Северна Бугарија и Букурешт. Во исто време врските помеѓу Србија и Бугарија биле оптоварени и со економски прашања. Како резултат на сето ова ќе дојде до заладување на односите за да во пролетта 1884 година и до нивен целосен прекин. [252]

[252] Екмечић Милорад, Стварање Југославије 1790-1918, том 2, Београд, 1989, с.376-379.

*III.2. Бреговската криза и прекин на дипломатските односи помеѓу Србија и Бугарија*

Тимочката буна и емигрантското прашање довеле до заладување на српско-бугарските односи. Емигрантското прашање пак било усложнето и од граничните спорови. Бугарско-српската граница по реката Тимок останала неопределена.[253] Меѓународната комисија која ја обележувала границата на Србија според одлуките на Берлинскиот конгрес не го обележала спорниот дел од границата бидејќи според членовите на договорот[254] кои се однесувале на српско-бугарската граница за овој дел е наведено дека останува идентичен на старата граница помеѓу Србија и Османлиската империја.[255] Исто така со промената на коритото на реката, дел од српските владенија останале на другата страна, поточно на бугарската територија.[256] Станува збор за неколку декари земја во близина на селото Брегово, за кои и двете земји тврделе дека им припаѓале ним.[257] За време на работата на пограничната српско-бугарска комисија, на Србија не и било оспорено правото да држи стража на бреговските ливади. Ова прашање било покренато во време кога на бугарската влада и било потребно некакво прашање со кое ќе и парира на српската влада во врска со емигрантите и со намера на тој начин да го ослаби нејзиниот притисок и да го сврти вниманието на големите сили и нивната оправданост за барањата на српската влада во врска со бегалците.[258]

Во почетокот на мај 1884 година, во време на разгорување на српската дипломатска офанзива по емигрантското прашање, српскиот вооружен караул ја поминал реката Тимок во реонот на селото Брегово. Тоа предизвикало

[253] Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913), София, 1994, с. 34.
[254] Знаменита документа за историју српског народа 1538-1918...док. бр.63, с. 322-334.
[255] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 184.
[256] На бугарската страна останале и дел од имотите на Обреновиќи, кои кнезот Милош ги купил триесетите години, т.н . Кралска ливада, а Царската ливада останала на српска страна од границата.
[257] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886), София, 1979, с. 109.
[258] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 183-184.

неспокојство кај месното бугарско население и по наредба од Софија на 16 мај, видинскиот окружен управител бил протеран од Тимок.[259]

По примање на веста за заземање на караулата, Гарашанин издал наредба до Симиќ во која побарал да и врачи нота на бугарската влада со која ќе констатира дека границата на Србија и Османлиската империја од секогаш поминувала покрај десниот брег на Тимок, неговото старо корито, а Берлинскиот договор како граница помеѓу Србија и Бугарија децидно ја навел старата граница. Во нотата се окарактеризирани бугарските барања како неосновани. Протесната нота Симиќ ја врачил на 23 мај 1884 година. Отсуството на Батенберг[260] во време на заострување на односите помеѓу двете влади е факт кој не треба да се занемари. Тој во овој период бил надвор од Софија и не бил информиран за настаните на границата. Во спротивно тој не би дозволил спорот да ги доведе двете земји до граница на прекин на дипломатските односи.[261] Кнезот Батенберг преферирал добри односи со кралот Милан. Во нотата која Балабанов ја испратил на 25 мај до српскиот дипломатски претставник во Софија, Симиќ е искажан ставот на Кнежевството за Бреговското прашање. Во неа Балабонов се оградува од настаните на границата и јасно истакнува дека: Кнежеството во ниеден момент немало претензии за граничниот пункт кој претставувал неразделен дел од Српското кралство; Кнежевството никогаш своето внимание не го насочило кон српската караула; вооружените дејствија на границата биле производ на изолирани вооружени групи за кои Кнежеството ќе даде наредба да ја напуштат бугарската територија. На крајот од нотата Балабанов потенцира дека во овој случај станува збор за недоразбирање за кое се надева дека ќе биде уредено во најбрзо време со цел нормализирање на односите помеѓу Србија и Бугарија.[262] За разлика од конзервативецот Балабанов и кнезот Александар, претседателот на бугарската влада Цанков имал сосема поинаков став по прашањето за границата.

---

[259]Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация...с. 34-35.
[260] За спорот со српската влада Батенберг дознал дури по доаѓањето во Софија, а за заземањето на бреговската караула од страна на бугарските власти дознал дури од како го примил Симич на 24 мај и отворено ја осудил постапката.
[261] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 190.
[262] Външната политика на България, Документи и материали...док. бр.251, с. 511-513.

Разликата во пристапот веќе била воочлива и преставувала повод за спор помеѓу нив. Во периодот кога бугарскиот кнез се вратил во Софија, веќе било касно за заземање на поблаг пристап во однос на спорот, знаејќи ги пријателските односи на Батенберг со Милан.[263] Воедно претстојните избори не дозволувале никакво попуштање кое опозицијата наклонета кон емигрантите би ги искористила за напад на владата.[264]

Пред предавање на нотата на 25 мај Симиќ ги посетил австроунгарскиот и германскиот дипломатски агент, кои на средбата му ветиле поддршка во спорот со Бугарија. По враќањето од претставништвото Симиќ добил наредба од Гарашанин за предавање на нотата потенцирајќи го одговорот на бугарската влада од 23 мај од кој било јасно дека бугарската влада останува на ставот дека бреговските ливади се дел од бугарската територија. На 25 мај српскиот дипломатски претставник во Софија ја предал нотата на бугарскиот министер за надворешни работи во врска со спорните прашања помеѓу двете влади. Било јасно дека одговорот на нотата ќе биде негативен, а на таков заклучок упатувал целокупниот развој на спорот во последниот период. Гаршанин бил дециден во ставот дека одбивањето на српските барања од страна на бугарската влада ќе значи отповикување на српскиот дипломат од Софија. За барањата на српската влада, било расправано на седницата на бугарската влада на 26 мај. Била донесена одлука одговорот да биде негативен. Истовремено под влијание на кнезот Александар е договорено да биде направен последниот обид за компромис со Србија. Истиот ден Балабанов го посетил Симиќ каде ги приложил компромисните решенија. Како решение за бреговската криза тој ги предложил: напуштање на бреговската караула од страна на бугарската војска, но српските власти да не ја заземаат и истата да остане незапоседната се додека српско-бугарската комисија не излезе на лице место и да донесе конечната одлука. Во врска со емигрантското прашање, бугарската влада не можела да излезе во пресрет на српските барања и Балабанов отворено признал дека тоа би влијаело на угледот на владата и

[263] История на Сръбско-българската война 1885 година, Щабъ на армията-Военно историческа комисия, София, 1925, с. 59.
[264] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.190.

владеачките партии, но ветил дека емигрантите ќе бидат контролирани и нема да дозволат никакви нивни дејствија против владата на Србија. Но ваквото решение за компромис не и одговарало на српската влада и единствено на што таа би одговорила позитивно е целосно исполнување на сите нејзини барања.[265]

Во српско-бугарските односи настанува сериозна криза. Тврдата позиција на бугарската влада и одбивањето да го исполни ултиматум кој на 25 мај 1884 година и бил врачен од српскиот дипломатски агент во Софија, Д. Симиќ во кој се бара: во тридневен рок да се востанови српскиот караул, да се протераат сите емигранти од соседните области на кралството како и од Софија, вклучувајќи го и митрополитот Михаил кој во тој период се наоѓал во бугарската престолнина, ќе доведе до прекин на дипломатските односи помеѓу двете земји.[266] На 29 мај Симиќ ја напуштил Софија, а наредниот ден бугарскиот агент Гешов го напуштил Белград. По пет години од воспоставување дипломатски односи помеѓу двете држави тие се прекинати. Заштитата на српските поданици во Бугарија, на барање на српската влада ја презело грчкото претставништво во Софија, а во бугарската престолнина на лична молба бил задржан Димитриј Боди, секретар на српското дипломатско претставништво во Софија. На пограничните власти им била дадена наредба да се однесуваат мирно дури и во случај на провокации.[267]

Понатамошниот развој на односите помеѓу Србија и Бугарија во голема мера зависел од ставот на големите сили. Емигрантското прашање и бреговската криза уште еднаш укажале на спротивностите меѓу трите империи. По отповикувањето на Симиќ од Софија, Балабанов изготвил мемоар[268] за историјата на емигрантскиот и пограничниот спор, кој го врачил на 16 јуни на претставниците на Русија, Германија и Австро-Унгарија во Софија. Повеќето претставници на

---

[265] Самарџић Момир, Од Сан Стефана... с.191-193.
[266] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886), София, 1979, с.110.
[267] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.194.
[268] Външната политика на България, Документи и материали...док. бр254, с. 524-532.

големите сили зазеле став во пилог на Бугарија и настојуваат за мирно решавање на конфликтот.[269]

Обидот на Бугарија за уредување на односите со Србија од позиција на сила останале без успех. Спорното Бреговско прашање станало предмет на меѓународно третирање. По барање на Србија, летото 1884 година, со цел уредување на српско-бугарската граница е составена комисија со претставници од Русија, Австро-Унгарија и Германија. Но и таа не успеала да дојде до решение кое ќе биде прифатливо за сите. Имено рускиот претставник настојувал реката Тимок да биде решението на Европската комисија за граница помеѓу двете држави. Но австриските и германскиот претставник го застапувале мислењето, дека Берлинскиот договор ја потврдува границата од Хатишерифот од 1833 година, поточно старото корито на реката. Противречните балкански интереси на трите империи дошле до израз за време на средбата во гратчето Скерневиц, во близина на Варшава.[270] На оваа средба тие се согласиле околу посредништвото во спорот помеѓу двете земји, но до решение не дошле, бидејќи австро-германската дипломатија ја поддржува Србија, а руската Бугарија.[271]

По прекинот на дипломатските односи, првиот чекор за нови преговори и спогодба помеѓу двете влади е направен од бугарска страна. Во Софија се стремеле да избегнат посредување и мешање на големите сили при решавање на едно според нив не толку важно прашање. По иницијатива на дипломатскиот агент во Букурешт, Начовиќ во октомври 1884 година, бугарската влада испраќа со посредство на српскиот агент во Романија Калевиќ, предлог до Белград за двострани разговори. Српската влада се согласила да го третира прашањето но под услов преговорите да останат во тајност. Фактот дека Србија веќе побарала поддршка од трите големи сили (Русија, Австро-Унгарија и Германија) ја принудиле Бугарија да биде повнимателна. Пред да го добијат одговорот од српската влада, кнезот Батенберг без знаење на своите министри го искористил

[269] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886), София, 1979, с.109-111.
[270] Външната политика на България, Документи и материали...док. бр.256, с. 534-535.
[271] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България ...с. 111.

престојот на Ербах Шонберг, за да влезе во лични преговори со кралот Милан. Желбата на српскиот крал разговорите меѓу нив да се водат во присуство на доверливо лице на бугарскиот кнез не била прифатена од кабинетот на Каравелов. Не сакајќи да ја остави работата во раце на Батенберг, Министерскиот совет решил преговорите да бидат во Софија, каде српската влада ќе испрати свои претставници.[272]

Кнезот Батенберг есента започнал лични преговори со српскиот крал.[273] За таа цел од Софија на 5/17 ноември 1884 година испратил писмо до кралот Милан со цел уредување на односите помеѓу Србија и Бугарија. Во него тој се повикува на дотогашното заемно пријателство и ја истакнува желбата за брзо решавање на спорните прашања. Во писмото Батенберг му предлага на Милан на агентот Боди[274] да испрати предлог од српската влада за решавање и уредување на прашањето кое довело до влошување на односите помеѓу двете земји. Исто така побарал од Милан да го постави Боди за неофицијален преговарач по тоа прашање каде по постигнатата взаемна согласност по сите точки Батенберг ќе испрати делегат во Белград за составување на официјален акт за спогодба.[275] Во преписката од наредниот период, двата монарха изработиле проект за спогодба, составен од 4 точки.[276] Точниот текст на спогодбата не е познат. Според неколкуте документи може да се востанови приближно неговата смисла.[277] По прашањето за границата се предвидува Бугарија да искаже жалење за настанатиот конфликт, да ги откупи од кралот Милан бреговските ливади, емигрантите да се оддалечат од границата и нивното движење да се ограничи во рамките на определена зона.[278] Владата на П. Каравелов одбива да ја прими спогодбата, сметајќи дека ќе се ограничи политичката дејност на емигрантите и дека со неа Бугарија прави

[272] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България ...с. 111.
[273]История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава... с. 138.
[274] Чиновник во српското дипломатско агенство во Софија. За време на прекинот на дипломатските односи помеѓу Србија и Бугарија и отповикување на агентот Симич од Софија, Боди останал да внимава на архивата на агенството.
[275] Външната политика на България, Документи и материали...док. бр.256, с. 534-535.
[276] Исто, док. бр. 260, с. 540.
[277] Стателова Елена , Дипломацията на Княжество България...с. 112.
[278] Външната политика на България, Документи и материали...док. 258, с. 537.

отстапка. Рускиот дипломатски агент Којандер го поддржувал Каравелов во неговите ставови. По ова Министерскиот совет настојува да влезе во директни преговори со бугарската влада. [279]

Обидот на бликсите конзерватори на Батенберг да го искористат патувањето на Сукнаров[280] во мај 1885 година во Србија за разговори останал без успех. Под влијание на Кевенхилер австриски пратеник во Белград, Гарашанин ги прекинал разговорите со поранешниот министер поради впечатокот за неговата поддршка на српските емигранти.[281] Неговата посета на Ниш и Белград била погрешно протолкувана. На ваков заклучок упатува и самиот избор на личноста која е избрана за започнување на преговорите со Србија. Имено, Сукнаров во средината на март бил сменет од позицијата министер и влегол во личен и политички судир со претседателот на бугарската влада, Каравелов. По смената тој се поврзал со опозицијата и отворено го напаѓал претседателот на бугарската влада и бил главен агитатор за негова смена. Од друга страна, Сукнаров бил долгогодишен пријател со водачот на српските радикали Пашиќ, кој за време на престојот во Софија често бил негов гостин. Со оглед на ваквите околности, тешко е да се поверува дека Каравелов го одбрал Сукнаров да преговара во име на бугарската влада со владата на Србија за било што, а особено не за вака важни прашања во односите на двете држави. Сепак точно е дека Суканров го покренал бреговското прашање за време на својот престој во Србија, но тоа не го сторил во име на бугарската влада. За неговата посета на Србија знаел и бугарскиот кнез. Тој пред заминувањето го посетил кнезот и побарал да го најави кај српскиот крал со цел да се избегнат сите непријатности при преминот на српската граница. По неуспешните преговори со Гарашанин, Сукнаров се вратил во Бугарија и својата активност ја насочил кон агитација против Каравелов пред почетокот на состанокот на новото Собрание. [282]

---

[279] Външната политика на България, Документи и материали...док. бр. 260, с. 540-541.
[280] Никола Сукнаров, министер за внатрешни работи во владата на П. Каравелов.
[281] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България...с112.
[282] Самарџиħ Момир, Од Сан Стефана...с.227-229.

Во август 1885 година бугарската влада повторно прави чекор за воспставување на односи со Србија и решавање на бреговското прашање. Секретарот на српското агенство во Софија Боди во Белград го предал предлогот на бугарскиот министер за надворешни работи И. Цанов во таа смисла.[283] Бугарската влада го застапувала гледиштето во кое го потенцирала приватното право на ливадите, признавајќи дека нивните сопственици живеат во Србија, но српската влада сметала дека тие се државна територија и никако не може да се разгледуваат од аспект на приватно право. Како најприфатливо решение за бугарската влада за решавање на бреговското прашање било составувањето на конвенција со која ќе се признае дека ливадите се српски и ќе се осуди постапката на претходната влада, но истовремено тие да се отстапат на Бугарија. Но во Белград веројатно под притисок на се́ побројните предупредувања за можен иден упад на емигрантите во Србија, не биле спремни за преговори. [284]

Во почетокот на септември 1885 годинае направен последниот обид за решавање на бреговската криза. На таа тема разговарале српскиот пратеник во Букурешт, Љубомир Каљевиќ и бугарскиот агент Григор Начовиќ. Но обидот на бугарската влада повторно останал без успех. Српската влада во тој период не била заинтересирана за подобрување на односите помеѓу двете влади.[285] Но ваквиот став не можел долго да биде застапуван бидејќи самата српска влада посакувала успешно решавање на железничкото прашање и спојување на српската железница со Цариград.[286] Меѓутоа, Пловдивскиот преврат и обединување на Кнежеството Бугарија со Источна Румелија дополнително ги влошиле односите со Србија и прашањето за границата и емигрантите ги ставиле во втор план. Тие одново ќе бидат поставени во почетокот на 1886 година за време на преговорите за мир во Букурешт.[287]

[283] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България...с.112
[284] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с.230.
[285]Исто, с.230-231.
[286] Външната политика на България, Документи и материали...док. бр.214 с. 446-458, док.бр.261 с. 542-543.
[287] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България...с. 113.

# *IV Обединување на Кнежеството Бугарија и Источна Румелија и почеток на српско-бугарската војна*

## *IV.1. Подготовките на Бугарија за обединување и дејноста на Бугарскиот таен централен револуционерен комитет*

Прогласување на обединувањето било подготвувано уште во 80-те години. Движењето во таа насока добило размери на општонационално дело. Најпрвин започнало со протести против решенијата на Берлинскиот конгрес, потоа се изразило во континуирана пропаганда на идеалот за обединување во бугарскиот печат, во дипломатските сондажи пред големите сили и поддржување на тесните врски помеѓу Северна и Јужна Бугарија. Бугарското Кнежество станало трајна морална политичка потпора на бугарското население кое живеело надвор од границите на новата држава. Со обидите за обединување во периодот од 1880 до 1884 година, бугарските влади настојувале да вршат постојана дипломатска агитација на националниот стремеж и постојано го држеле "отворено" пред Европа прашањето за евентуално обединување.[288]

По одлуките донесени на Берлинскиот конгрес за одвојување на Источна Румелија,[289] дошло до бурни демонстрации во низа градови во Бугарија по што биле упатени бројни петиции до големите сили. Од ова движење произлегле нови организации кои се потпирале на постоечката револуционерна мрежа од претходните немири.[290] Посебен вид ослободителни организации преставувале новооснованите гимнастички друштва, кои наоружани од руските воени магацини, ја мобилизирале бугарската младина и со тоа го надополнувале ограничувањето

[288] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава... с. 157.
[289] Actes et traitės internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghėnov, Annuaire de L`universite de Sofia Facultė de droit-tome XXXIV, 1.1938/1939, Sofia, 1940, s.274-324.
[290] Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа ...с. 102.

наметнато со формирање на редовната војска. На иницијатива на политичките партии од Бугарија и Источна Румелија, во 1880 година е основан Бугарски таен револуционерен комитет, со големобугарска програма за оживување на Санстефанска Бугарија. Во мај истата година во Сливен е формиран Централен народен комитет за Јужна Бугарија. Неговите основачи се надевале на грчко-османлиската војна како предуслов за акција.[291] Меѓутоа, војната помеѓу Грција и Турција била избегната со дипломатска спогодба во која е одредена новата гранична линија помеѓу двете земји, пролетта 1881,[292] со која Тесалија и дел од Епир влегле во состав на Грција. Работата на комитетот во 1882 година не довела до некакви позначајни резултати. Тој одново се развил дури во 1884 година и почетокот на 1885.[293]

Крајот на 1884 година се актуелизирало прашањето за судбината на Македонија и нејзиното ослободување кое што Бугарија тесно го врзувала со прашањето за обединување на Источна Румелија со Кнежеството, односно за полно национално ослободување и обединување на бугарскиот народ.[294] Во таа насока се развило и движењето во Источна Румелија, на кое покрај националните многу влијаеле и економските причини. Имено според решенијата донесени на Берлинскиот конгрес, провинцијата била задолжена 30% од приходите (даночни) да ѝ ги дава на Високата порта, поради вазалниот статус кој го имала. Воедно Источна Румелија била вклучена во царинскиот систем на Османлиската империја, немала свои поштенски марки и многу стари занаети замреле поради зголемениот прилив на западноевропски стоки. Така поради целиот комплекс од причини, идејата за соединување завладеала кај народот од Кнежевството Бугарија и провинцијата Источна Румелија.[295]

Во периодот 1884-1885 година, социјално-економските услови веќе сосема созреале за пресврт во борбата за обединување на двете области. За таа цел од

[291] Исто, с. 102-103.
[292] Јовановски Далибор, Грчката балканска политика и Македонија 1830-1881...с.203-204.
[293] Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа ... с. 103.
[294] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с. 157.
[295] Митев Йоно, Съединението 1885, Издателство “Христо Г. Данов“, Пловдив, 1985, с.155-165.

големо значење биле новите одлуки според кои: а) Народната борба за обединување била под раководство на претставниците на националноревлуционерно движење; б) Востановен бил конституционален режим во Кнежеството, каде кнезот Александар Батенберг се залагал за единствена држава, со што сакал да стане владетел на една Голема Бугарија и да си го зацврсти сопствениот авторитет.[296]

Движењето за обединување било природно продолжение на националноревлуционерната борба. Подготовката за обединување до 1885 година била раководена и од националреволуционери и од еволуционисти. Најтипични еволуционисти како Г. Влковиќ, Ив. Салабашев, Ив. Ст. Гешов, М. Маџаров, Ст. Бобчев, К. Стоилов, Хр. Христов и други, играле раководна улога. Но потоа настанал пресврт. По определување на Д. Благоев, буржоаските партии кои што ја експлоатирале националната идеја, требало да го отстапат раководството на движењето за обединување. Првостепена улога во тоа изиграл бугарскиот писател и еден од организаторите на националната револуција во Пловдивскиот револуционерен округ од 1876 година, Захари Стојанов. По бегството од Кнежевството во 1882 година тој се установил во Пловдив[297] и во 1885 започнал да го издава весникот "Борба"[298] чија дејствување било во знакот на организирање на борбата за обединување. Протоколот за создавање на в. Борба е составен на 6 мај 1885 година. Во него се дефинирани причините и целите за издавањето на весникот. Негови редактори биле З. Стојанов и Тодор Гатев. Тие сметале дека партиите во Румелија ги експлоатирале народните интереси и неопходно е создавање на еден весник кој ќе ги штити интересите на бугарскиот народ и нема да ги жртвува за никаков авторитет, а воедно и ќе ги покрене прашањата кој дотогаш никој не ги третирал. [299] Стојанов во својата работа бил потпомогнат и од друг публицист, редактор на весникот "Јужна Бугарија" - Георги Банев. За

[296] Митев Йоно, Съединението 1885, Издателство "Христо Г. Данов", Пловдив, 1985, с.166.
[297] Христев Хр. Принос към историята на Съединението, Известия на БИД, к. 22-24 , 1948, с. 57.
[298] Првиот број на весникот "Борба" излегол на 28 мај 1885 година , а вкупно има 15 броја . Последниот број е од 4 септември 1885 година.
[299] Съединението 1885, Спомени, Стателова Е. , Попов Р.Български писател, София, 1985, док. бр. 159, с.266-267.

соединувањето агитирале и водачите на Либералната партија – Г. Странски, Ив. Салабашев, Кочо Хачикалчев и други, но тие повеќе не претставувале раководна политичка сила. Раководството на борбата преминало во рацете на создадениот комитет од Захари Стојанов т.н. Бугарски таен централен револуционерен комитет –БТЦРК.[300]

Бугарскиот таен централен револуционерен комитет бил основан на 10/22 февруари 1885 година[301] во Пловдив, кој станал центар на движењето за обединување.[302] Во негов состав влегле поранешни револуционери, а на чело застанал Захари Стојанов. За секретар на комитетот бил избран Иван Андонов, касиер Тодор Гатев, а негови членови биле: Петар Зографски, Спиро Костов, Иван Стојановиќ, Спас Турчев, поручник Гано Атанасов и Тома Карајовов. Со тоа всушност бил преобразуван стариот комитет од 1880 година. Целта на комитетот била да се бори за обединување на Источна Румелија со Бугарското Кнежество и ослободување на Македонија која требало да влезе во нејзин состав.[303] Комитетот добил поткрепа и од кнезот Александар, кој исто така започнал со работа во полза на обединувањето. Неговиот крајно разнишан авторитет сред народот по суспендирање на Конституцијата на 27април/9 мај 1881 година[304], можел да го востанови единствено со формирање на голема национална армија. Воедно бугарскиот кнез сметал дека по стабилизирање на тронот тој лесно ќе може да им парира на руските претензии за негово детронизирање. Но повеќето негови соработници, меѓу кои бил и Головин (советник на Батенберг) го советувале да заземе поинаков став и да ги подобри односите со Русија, чија поддршка била многу важна за време на подготовките на еден голем настан за Бугарите – Обединувањето.[305] Во Софија било создадено и Македонско благотворно друштво на чело со П. Каравелов, а голема агитација за обединување на Бугарија, ослободување на Македонија и образување на балканска федерација развил и

---

[300] Митев Йоно, Съединението 1885, Издателство "Христо Г. Данов", Пловдив, 1985, с.166-167.
[301] Исто, с.169.
[302] Съединението 1885, Спомени ... док. бр. 151, с. 254-255.
[303] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.157.
[304] История на Сърбско-българската война 1885, Министерство на народната отбрана, Генерален щаб-военноисторически отдел, София, 1971, с. 25.
[305] Митев Йоно, Съединението 1885, Издателство "Христо Г. Данов", Пловдив, 1985, с.167.

весникот "Македонски глас" редактиран од Димитар Ризов, кој заедно со Коста Паница, Д. Петков и др. го создале Македонскиот комитет, со разграноци во Русе, Варна и други градови со цел подигнување на востание во Македонија. Меѓутоа внатрешнополитичките услови не биле благопријатни во Македонија и уште едно востание само бил ја влошила состојбата на народните маси и би го одвлекло вниманието од движењето за обединување кое во овој период заземало централно место.[306] Тоа значело дека идејата за ослободување на Македонија не треба да се поврзува со идејата за обединување на Бугарија со Источна Румелија.[307]

Програмата и Уставот на БТЦРК биле донесени во април 1885 година,[308] составени од З. Стојанов. Програмата содржи 8 точки во кои јасно се дефинирани целите на комитетот за ослободување на целиот бугарски народ и негово обединување со помош на пропаганда, печат, оружје и оган. Исто така е нагласено дека комитетот ќе се придржува до ставот бугарскиот народ да живее заедно со сите соседи на Балканскиот Полуостров и за таа цел ќе се залага за формирање на федерација од слободни земји.[309] Уставот на БТЦРК содржи 50 члена поделени во IX глави во кој е дефиниран составот на комитетот, неговите должности, својствата на револуцијата, начинот на снабдување со пари и оружје итн. Во нив се превземени основните постулати од Програмата и Уставот на БРЦК во Букурешт, но прилагодени кон новите услови и барања.[310]

Пролетта и летото 1885 година подготвителната работа веќе се водела многу засилено. Претседателот на БТЦРК Захари Стојанов лично вршел агитациона и организаторска работа во различни градови на Румелија. Поручникот Вељко Стојанов успеал да привлече значителен број на офицери и граѓански лица. Кнезот Батенберг сакајќи да биде уверен дека агитацијата се води

[306] Митев Йоно, Съединението 1885, Издателство "Христо Г. Данов", Пловдив, 1985, с. 170-172.
[307] История на Сърбско-българската война 1885...с. 27.
[308] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с. 160.
[309] Съединението 1885, Спомени, Стателова Е. Попов Р. Български писател, София, 1985, док. бр155, с. 259-260.
[310] Исто, док. бр. 156,с.260-264.

во негово име, дал наредба Димитар Ризов[311] и мајор Сава Муткуров да заминат за Кнежеството, каде требало да разберат дали офицерството е вовлечено во движењето за обединување.[312]

Различните настани на бугарскиот народ, поврзани со борбите за негово ослободување, биле вешто исползувани од БТЦРК, со цел да се популаризира идејата за обединување на Бугарија. Така на 19/31 мај во Пловдив по повод девет годишнината од смртта на Хр. Ботев но и во околните градови избувнале демонстрации кои поминале во знакот на борбата за обединување. На 21 јули повторно биле организирани демонстрации на Бузлуџа, а повод било одбележувањето на 17-годишнината од смртта на Хаџи Димитар. Комитетот дал наредба за масовно учество, каде се собрале голем број на приврзаници на идејата за обединување не само од Румелија туку и од Кнежеството. Се разбира тука биле присутни и Захари Стојанов со најблиските соработници - Иван Андонов, Петар Зографски, Димитар Ризов, Д. Куртев и други.[313]

Раководството на чело со Гаврил Крстевиќ извршило бројни арестувања, меѓу кои било и арестувањето на видниот борец за обединување Д. Куртев. Во писмото кое Крстевиќ го испратил до главниот секретар Н. Начов на 21 мај, ја истакнал активноста на Куртев против властите и неговата борба и организирање на народните маси во духот на обединувањето.[314] По бројните извештаи и писма кои биле испраќани за дејноста на Куртев, на 31 мај А. Абаџиев издал заповед за негово арестување.[315] Потоа бил екстрадиран во Кнежеството. Тие сметале дека

---

311 Ризов Димитар (1860, Битола- 23.04. 1918 година, Берлин), општествен деец, публицист и дипломат. Во 1885 година заедно со Д. Петков го основале Софискиот Македонски Централен Комитет, јули 1885 година е избран за член на БТЦРК. Во периодот од 1897-1899 бил бугарски трговски агент во Скопје, потоа дипломатски агент во Цетиње( 1903-1905 година), во Белград( 1905-1907 година) и полономошен министер во Рим (1908-1915). Го редактирал в. "Христо Ботев", како и в. "Трновска конституција" и "Македонски глас".

312 История на Сърбско-българската война 1885, с. 30.

313 Исто, с.30-33.

314 Съединението 1885, Спомени...док. бр. 184, с. 288-289.

315 Исто, с. 299.

оваа постапка ќе придонесе за задушување на демонстрациите, но напротив тие уште повеќе се засилиле. [316]

Полициските мерки на румелиското раководство не успеале да го задушат движењето и пред демонстраторите и народните маси се обиделе да го наметнат својот мислење. Тие истакнале дека не се против соединување, но сметале дека сега не е вистински момент за тоа и треба да се почекаат поблагопријатни услови по што ќе следи и руската помош и поддршка. БТЦРК го осудиле ваквиот став.[317]

Настаните од врвот Бузлуџа несомнено имале огромен отзвук во цела Бугарија. На него се покажало единството на бугарскиот народ. Тогаш БТЦРК донеле историско решение во најбрзо време да објават востание во Источна Румелија.[318] Четири дена покасно, на 25 јули 1885 година бил одржан таен состанок во селото Дермендере (Првенец) каде Захари Стојанов и Ив. Андонов извршиле преустројување на БТЦРК. Во негов состав влегле Димитар Ризов и капетан Коста Паница.[319] Двајцата биле во тесни врски со кнез Батенберг.[320] Во комитетот биле привлечени и водачот на либералната партија од Источна Румелија Георги Странски ,[321] мајор Р. Николов, мајор Д. Николов и други. Големо влијание во комитетот покажал секретарот и советник на кнезот Александар, А. Ф. Головин. Членовите на комитетот безрезервно го поддржале бугарскиот кнез во намерата да застане на чело на обединета Бугарија, како и во неговата длабока омраза кон Русија. Воедно тие биле согласни и се сообразувале со гледиштето за отстапување од идејата за востание во Македонија. Како причина за ова отстапување, Батенберг ја навел Австро-Унгарија која Македонија ја сметала за своја сфера на влијание и би се спротиставила на бугарското востание во тој дел за обединување со Бугарија.[322]

---

[316] История на Сърбско-българската война 1885, с.30
[317] Исто, с. 30
[318] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава,..с. 164.
[319] Димитар Ризов бил претседател на софискиот комитет, а Коста Паница на рушчучкиот комитет.
[320] История на Сърбско-българската война 1885, с.29-30.
[321] Венедиков Йордан, История на доброволците от Сръбско-българската война 1885 година, София, 1985, с.26.
[322] История на Сърбско-българската война 1885... с.29-30.

БТЦРК имал функција на врховен орган и во Кнежеството каде требало да се преобразуваат друштвата во револуционерни комитети. Заедно со развивање на дејноста за востание и обединување, комитетот ја активирал и борбата за даночната политика на владата. Во август на многу места излегле со барање за намалување на даноците и откажување од нивно собирање, а некаде побарале и смена на месните власти. Властите немале намера со оружје да ги спречат, тие настојувале проблемите да ги решат по пат компромис отстапки. Настаните во Источна Румелија во крајот на август земале карактер на народно движење. По тој повод комитетот разработил конкретен план за започнување на востание во септември 1885 година. Во овој период бугарскиот кнез Батенберг се наоѓал во Шумен. Таму на 30 август ги примил Д. Ризов и С. Муткуров пришто го одобрил планот за востание и се согласил да се прогласи Обединување.[323]

Александар Батенберг не само што бил запознаен со текот и активностите на БТЦРК, туку до некој степен бил негов идеен основач, бидејќи целата негова дејност од почетокот на 1885 година била насочена кон подготовка на обединувањето на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија. Неговите патувања во Европа во јули и август, дале можност за сондирање на владите во Англија и Австро-Унгарија по тоа прашање.[324]

Така покрај една неблагопријатна надворешнополитичка положба, но во време на голем подем на националниот стремеж на двете бугарски области БТЦРК смета, дека политичката подготовка за обединувањето била готова и треба да се премине во акција.[325]

---

[323] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава.., с.164.
[324] Исто, с. 164.
[325] Митев Йоно, Съединението 1885...с. 203.

*IV.2. Прогласување на обединување на Кнежеството Бугарија со провинцијата Источна Румелија и првите стапки за негово признавање*

Крајот на јули 1885 година, раководството на новоизбраниот Централен комитет во кој влегле и претставници на бугарскиот кнез, одлучило обединувањето на Бугарија да го спроведе и стави под свршен чин. За време на демонстрациите во август биле симнувани турските знамиња, а нередите уште повеќе се зголемиле во почетокот на септември. Воениот маневар од август во Бугарија и од септември во Источна Румелија, пружале поволна прилика за прогласување на обединувањето кое војската целосно го поддржувала. Комитетот добил согласност и од Батенберг и од мајор Николаев, командант на трупите во Источна Румелија.[326]

Положбата во Источна Румелија особено се изострила во почетокот на септември и подготовката за обединување до толку напреднала, што на некои места започнале спонтани пројави во таа насока.[327] Според одлуката донесена на состанокот на БТЦРК на 25 јули, како датум за почеток на акцијата бил одреден 15 септември. Припремите и демонстрациите низ разни градови течеле брзо и успешно. [328]

На 30 август додека се воделе разговорите помеѓу делегатите на комитетот (Муткуров и Ризов) со Батенбег во Шумен[329] во Пловдив и околните села положбата била крајно напрегната. Уште на 6/18 август во с. Големо Коњаре, Пловдивско, каде работел темпераментниот обединувачки функционер Продан

---

[326] Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа (1804-1914)...с. 103.
[327] История на Сърбско-българската война 1885...с. 35.
[328] Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 253-254.
[329] Летото била одржана средба помеѓу Гирс и Батенберг. Во разговорот Гирс го искажал ставот на Русија во врска со обединувањето на Бугарија. Русија сметала дека сега не поволен период за тоа и побарала одложување на акциите. По ова Батенберг почнал да се колеба. На средбата во Шумен со делегатите на комитетот тој добил алтернатива или да го изврши обединувањето или да се повлече. Батенберг се разбира избрал акцијата да се изврши во негово име.

Тишков, од селаните била заземена општината. На тој начин тие покажале дека не го признаваат румелиското раководство. Била испратена жандармерија но нејзиниот командир откако ги арестувал виновниците, бил принуден од населението да ги ослободи. По ова, желбата за исполнување на својата цел кај функционерите кои се бореле во името на обединувањето на Бугарија, уште повеќе се осилила. На 30 август на чело со Петар Шилев во Големо Коњаре одново била извршена демонстрација против раководството. Со биење на камбаната, било повикано населението да излезе и да го изрази гневот против официјалната власт. Општината веќе била во рацете на обединувачите.[330]

На заседанието на БТЦРК на 1 септември, било решено дел од членовите на комитетот да заминат во различни градови на областа, со цел да подготват терен за прогласување на обединувањето предвидено за 15 септември. Но некои настани ќе придонесат за промена на планот.[331]

На 2 септември избиле демонстрации во Панаѓуриште. Демонстрациите биле раководени од млади луѓе, исклучени ученици од Пловдивската гимназија, меѓу кои бил и Андреј Љапчев (со потекло од Ресен) кој БТЦРК го испратил во Панаѓуриште да го засили комитетот. Тој останал малку и во Големо Коњаре каде агитацијата за обединување на чело со Христо Македонски, Петар Шилев, Продан Тишков – Чардафон и други, била во полн ек. [332] Тие успеале селото да го претворат во центар на револуционерната борба за обединување на двете области во 1885 година. Го арестувале пловдискиот градоначалник П. Димитров и ја срушиле локалната власт. Под притисок на управителот на рускиот конзулат Густав Игелстром, тој бил ослободен, но не успеал да ги смири немирите и движењето уште повеќе се осилило.[333]

[330] История на Сърбско-българската война 1885...с. 36.
[331] Исто
[332] Митев Йоно, Съединението 1885...с. 219.
[333] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.165.

Во Панаѓурскиот комитет за соединување влегле и старите револуционери како Филип Шарбанов, Павел Шопов и Манчо Манев, тројцата учесници во Априлското востание од 1876 година. Малку подоцна комитетот бил обновен со Тодор Симонов Киров - претседател, Сабко Милков – секретар и Андон Орешков - касиер. За време на демонстрацијата во Панаѓуриште, биле подигнати повеќе пароли, како "Долу Румелија", "Соединувањето ја прави силата" и други. Жандармеријата успеала да го одземе знамето на демонстрантите и да ги арестува неговите раководители С. Милков и Т. Симеонов со исклучок на Андреј Љапчев и А. Орешков кои успеале да се скријат. Народот по ова се кренал на бунт. Две илјади души го нападнале околното раководство, го ослободиле и зеле знамето. Во Панаѓуриште била испратена и жандармерија од Пазарџик командувана од капетан Канчев. Заменик – префектот на Пазарџик Ив. Мишајков, сфатил дека веќе власта не е господар во настаните и го советувал панаѓурскиот околиски началник да настојува да ги смири духовите и да дејствува благоразумно. Жандармерискиот капетан исто така настојувал војската да не се праќа во Панаѓуриште сметајќи дека со тоа само би се влошила ситуацијата. Фактички со тоа признал дека не можат да ја сопрат акцијата.[334]

Вооружената акција во Панаѓуриште треба да се разгледува во врска со дадените инструкции од БТЦРК. Имено на 1 септември, Захари Стојанов му соопштил на Илија Куртев во Софија дека акцијата за прогласување на обединувањето треба да биде што поскоро. Затоа немало време за составување на устави на комитетите за соединување како што сакал Куртев. Истовремено биле дадени наредби за спроведување на бројни демострации во Областа, меѓу кои биле и оние од Големо Коњаре. [335]

Немири и демонстрации ги зафатиле и Пазарџик, Хасково, Стара Загора Сливен, Бургас, Чирпан и други. За таа цел С. Бобчев, на 4 септември 1885

[334] Митев Йоно, Съединението 1885...с. 219-220.
[335] Исто, с. 220.

година испратил телеграма[336] до окружните прокуори и претседателите на окружните седишта на Т. Пазарџик, Хасково, Стара Загора, Сливен и Бургас. Со неа побарал да преземат строги мерки против нарушувачите на мирот и истите да бидат најстрого казнети.[337] Во окружното пак кое Ив. Ст Гешов го испратил на 5 септември 1885 година до привrзаниците на народната партија, во врска со демонстрациите во Чирпан и Големо Коњаре, тој искажал загриженост за акциите на борците за обединување и ја истакнал неопходноста од воведување на ред во селата. Од ова јасно се гледа колку биле проширени и зголемени активностите на обединувачите и колку истите навлегле длабоко сред народните маси во Источна Румелија.[338]

На 1 септември 1885 година, Г. Крстевиќ се вратил од Цариград.[339] Тој наредил за време на немирите да се дејствува многу внимателно и разумно. Под негово претседателство раководството решило на 3 септември да се востанови цензура врз печатот и да се изнесат пред суд тие кои проповедале неплаќање на даноците и го наведувале населението на противзаконски и престапни акти. Согласно планот на властите во почетокот на септември требало да се спроведат маневри на источнорумелиските дружини со учество на резервисти. За началник на лагерот кај Пловдив бил избран Д. Николаев.[340] По наредба на мајор Николаев на 1 септември биле свикани првите резервисти. Но по укажување на БТЦРК, Николаев решил да ги свика прво на обучување, кое давало можност тој да ги исползува за политичка цел - симнување на власта на чело со Г. Крстевиќ. Под негова команда биле не само дружините од Пловдив, туку и Хасковската, Пештерската, Пазарџиската и Казанлашката, кои одиграле позитивна улога за време на источнорумелиската револуција во 1885 година.[341]

---

336 Съединението 1885, Сборник от документи 1878-1886, Стателова Е. Попов Р. Дойнов Д. Наука и Изкуство, София, 1985, док. бр. 281, с. 373
337 Исто, док. бр. 281, с. 373.
338 Исто, док. бр. 282, с. 373
339 История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.165.
340 Исто, с.165.
341 Митев Йоно, Съединението 1885...с.220-221.

Мобилизацијата на резервистите под знамето на обединувањето, било една од основните причини за форсирање на настаните и акциите. Во овој период резервистите биле на број од околу 16.000 души. Така располагајќи со една сериозна сила, раководството на движењето за обединување дале наредба да не се чека определената дата 15 септември за соборување на власта и прогласување на соединувањето[342] туку акцијата да започне на 5/6 септември.[343]

Според утврдениот план ноќта на 5 спрема 6 септември, востаничките чети и војска ја превзеле власта во Источна Румелија.[344] Главниот управител на Румелија Гаврил Крстевиќ, бил арестуван и испратен за Софија од каде што заминал за Цариград.[345] По ова на 6 септември 1885 година било прогласено обединување на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија.[346] Била составена привремена влада на чело со д-р Г. Странски[347] (водач на либералната партија во источна Румелија), а за потпретседател бил избран д-р С. Чомаков. Според прокламацијата која Бугарскиот таен централен револуционерен комитет ја издал во Пловдив на 6 септември, за членови на новата привремена влада биле избрани Д. Николаев, Д. Филов, Муткуров, Рајчо Николов, Груев, Пеев, Јанкулов, З. Стојанов, Јуруков, Г. Данчев, А. Самоковец и Г. Бенев.[348] Новата влада го прогласила мајор Данаил Николаев за главен командант на јужнобугарската војска.[349]

По прогласување на Обединување на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија, новата привремена влада на 6 септември испратила неколку телеграми. Првата телеграма била наменета за кнезот Александар Батенберг кој во овој

[342] Митев Йоно, Съединението... 1885 с. 221.
[343] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с. 254.
[344] Исто
[345]Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Берон Петър, Държавно издавателство "д-р Петър Берон", София, 1985, с. 130.
[346] Сръбско-българската война 1885, Сборник документи, Институт за Военна история при Генералния щаб на БНА, София, 1985, док. бр. 1, с. 15.
[347] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886)...с. 164.
[348] Сръбско-българската война 1885, Сборник документи,...док. бр. 2, с. 16
[349] Съединението 1885, Сборник от документи 1878-1886....док. бр. 314, с. 389.

период се наоѓал во Варна. Во неа тие го информираат кнезот за прогласување на обединувањето низ цела Румелија во името на неговото височество кнезот на Бугарија.[350] Потоа владата по повод обединувањето испратила телеграма и до претседателот на Министерскиот совет на кнежеството Бугарија П. Каравелов и до рускиот император Александар III.[351]

Наоѓајќи се пред свршен чин, бугарскиот кнез и влада во Софија многу не се колебале.[352] Со Прокламација до целиот бугарски народ, Александар Батенберг на 8 септември 1885 година прогласил обединување на Кнежеството бугарија и Источна Румелија. Телеграмата е испратена од старата бугарска престолнина Трново и со неа тој официјално застанува на чело на новата обединета држава како кнез избран од народот.[353] Батенберг со цел да ги информира големите сили за обединувањето и за неговото прогласување за кнез и на Источна Румелија, испратил телеграми до нивните дипломатските претставници во Софија.[354] Султанот бил признат за суверен, а до големите сили била упатена молба за залагање кај Портата за признавање на свршениот чин. Започнала борбата за дипломатско признавање на бугарското обединување.[355]

По прогласување на обединување на Бугарија, биле превземени мерки за одбрана на јужната граница. Објавена е општа мобилизација и за 10 септември била закажана вонредна седница на Народното собрание.[356] Наредниот ден П. Каревелов отпатувал за Пловдив, а привремената влада била распуштена. Оваа постапка била значајна политичка маневра, бидејќи од сцената за дипломатска борба за зачувување на постигнатото биле тргнати оние кои биле одговорни за нарушување на меѓународниот договор, а одбраната на обединувањето била

[350] Съединението 1885, Сборник от документи 1878-1886....док. бр 317, с. 390.
[351] Сръбско-българската война 1885, Сборник документи...док. бр. 4 и 5, с. 18.
[352] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с. 254.
[353] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр. 279, с. 565-566.
[354] Исто, док. бр. 281, с. 567.
[355] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с. 254.
[356] Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913)...с.45.

доверена на луѓе кои не можеле да бидат обвинети за тоа. Султанот бил признат за суверен, а до големите сили била упатена молба за залагање кај Портата за признавање на свршениот чин. По ова започнала борбата за дипломатско признавање на обединувањето.[357]

Покрај очекувањата, рускиот цар Александар III не одговорил на молбата на кнезот Батенберг. На 9 септември, руската влада телеграфски му наредила на Кантакузин[358] да си подаде оставка и руските офицери да не учествуваат во движењето кое императорот не го одобрувал. Овој потег на Русија бил преземен со цел да се избегнат меѓународни усложнувања кои би произлегле поради нарушување на одредбите донесени на Берлинскиот конгрес во 1878 година и да не подлежи на одговорност за настаните поврзани со обединувањето кои не можеле да бидат предвидени. На 8 септември германскиот канцелар Бисмарк му соопштил на рускиот претставник во Берлин, дека по Пловдивскиот преврат,[359] на сила треба да се стави договорот од 1881 година,[360] а Босна и Херцеговина да биде анектира од Австро-Унгарија, каде веќе се наоѓал императорот Франц Јосиф. По кратко размислување руската влада го одбила овој предлог.[361]

Уште во 1884-1885 година, словенофилските кругови го критикувале Гирс за договорот од 1881 година, бидејќи обединувањето на Бугарија не содејствува со анексијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија, по што нејзиното влијание на Балканот многу би се зголемило и би ја поставиле Србија во тешка положба. Сето ова како и стравот од војна, биле причина Русија да се откаже од договорот од 1881 година, а руските офицери да бидат отповикани од Бугарија. Александар III се надевал дека со тоа ќе изврши притисок врз бугарските раководители и ќе ги натера на полна послушност, по

---

[357] Самарџић Момир, Од Сан Стефана.....с. 254
[358] Кантакузин М. А. Руски генерал мајор, воен министер во Кнежеството Бугарија од 29 јануари 1884 до 10 септември 1885 година, поточно до отповикување на сите руски офицери во Бугарија.
[359] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.169.
[360]Македонија во меѓународните договори (1875-1919), Христов Александар, Донев Јован...док. бр. 13.с.104-108.
[361] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.169.

дезорганизацијата која ќе настанела, како што верувал тој. На 10 септември за воен министер бил назначен капетан Константин Никифоров. Така, Бугарија била оставена сама пред Османлиската империја.[362]

По отповикување на руските офицери од Бугарија, Османлиската влада на 9 септември, испратила нота до големите сили со која побарал од нив да преземат интервенција со која ќе го натераат Александар Батенберг на послушност и почитување на договорите и задолженијата. Руският пратеник му соопштил на султанот дека настаните во Источна Румелија се од општоевропски интерес и било каква вооружена акција на империјата би можела да има лоши последици. Сличен став имале и останатите големи сили. На 13 септември големи везир во Османлиската империја станал Ќамил паша, а министер за внатрешни работи Саид паша, дотогашен пратеник во Берлин. Тој бил согласен со Бисмарк дека не треба да се преземаат никакви големи вооружени дејствија без решение од големите сили.[363]

Ставот на бугарскиот народ и неговите водачи бил јасно искажан на 11 септември на заседанието на Народното собрание. Таму во духот на манифестот, П. Каравелов го прочитал писмото од кнез Батенбрг, во кое се истакнувало дека Бугарите со сиот имот и со сопствениот живот ќе се борат за зачувување на слободата и независноста. По предлог на С. Стамболов уште на 11 септември била испратена телеграма до рускиот император во која побарале да не се разрешуваат руските офицери и тие да останат во бугарската војска и да го земе под свое покровителство обединувањето на двете бугарски држави. Рускиот дипломатски агент во Софија, Којандер, одбил да ја предаде лично телеграмата до Александар III, по што ја пратил преку пошта. Одговор од императорот добиле на 13 септември, во кој е наведено дека Русија не го одобрува обединувањето.[364]

---

[362] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.169.
[363] Исто, с.170.
[364]История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава с. 170-171.

По завршувањето на мобилизацијата, основниот дел од бугарските војски биле насочени кон османлиската граница од Црно Море до Осоговските планини над Ќустендил, каде очекувале напад од Османлиите. Како помош на војската биле формирани доброволно одреди од цела Бугарија, а во Софија, Ќустендил и Дупница биле организирани чети, составени воглавно од стари војводи како Иљо Марков, Димитар Јуруков, Стојан Богданцалијата и други. Како прво БТЦРК предвидувал нивно испраќање во Македонија со цел подигнување на востание. На 7 септември во весникот "Македонски глас" бил објавен повик од претседателот на друштвото "Македонски глас" за подигање на востание во Македонија. Но Каравелов забранил секакви акции и нарушување на границата кои би можеле да го загрозат и упропастат целото дело.[365]

Со прогласување на обединувањето на Бугарија е направен првиот чекор во обединување на населението од двете бугарски области. Бугарија се претворила во сериозен политички фактор на Балканот. Во периодот од прогласување на соединувањето па се до детронизацијата на Александар Батенберг, бугарската надворешна политика била принудно дезангажирана од прашањето за национално обединување поради внатрешни, а особено поради надворешно политички проблеми, кои ја одредувале неговата судбина.[366] Еден од тие проблеми секако била Србија, за која Бугарското соединување претставувало повод за почеток на војната со Бугарија.[367]

---

365 История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава ...с.171.
366 Сгателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886)...с.177.
367 Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа (1804-1914)...с. 103.

*IV.3. Одглас на Бугарското обединување кај големите сили*

Пловдивскиот преврат од 6 септември 1885 година и прогласувањето на обединување на Кнежеството Бугарија со Источна Румелија, предизвикало големи реакции кај за сите балкански земји и кај големите сили.[368] Крајниот исход за успешното изведување на соединувањето зависело пред се од ставот на големите сили.[369]За европски држави настаните во Пловдив не биле големо изненадување. Европската дипломатија од поодамна била убедена во неизбежното спојување на двете бугарски области, а воедно и Бугарите многупати го декларирале својот стремеж за обединување. Конзулите на големите сили кои биле стационирани во Пловдив и Софија, редовно ги известувале своите влади за јавното мнение и движења во Северна и Јужна Бугарија и за агитацијата на БТЦРК. Реакцијата на големите сили во овој период била прилично бавна. Тоа се должело на нивната желба за побрзо добивање на информации за тоа кој всушност стои зад Пловдивскиот преврат. Уште на 6 септември европските претставници во Софија се обратиле кај Цанов, со цел да дознаат дали зад прогласување на обединување на Бугарија стои Русија и да го отстранат Александар Батенберг од бугарскиот престол, кој претставувал пречка, за засилување на нејзиното влијание.[370]

За време на прогласување на обединувањето сите дипломати во Софија и Пловдив сметале дека тоа е работа на Русија. На митингот во Софија, кој бил организиран од Петко Славејков бил издигната паролата "Да живее обединета Бугарија, да живее рускиот император". Ова било причина военастроеното турско население да се откаже од намерата за брза воена акција против

[368] Терзић Славенко, Србија и Грчка 1856-1903, Борба за Балкан, Историјски Институт, Српска академија наука и уметности, Београд, 1992, с. 258.
[369] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с. 255.
[370] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр. 277, с. 564.

Бугарија.[371] Имено обединувањето ги засегнало интересите на Османлиската империја и затоа во Цариград биле крајно незадоволни. Првичниот став на населението од османлиската престолнина бил започнување на воена интервенција против обединета Бугарија, со цел окупација на Источна Румелија и востановување на правата на султанот дадени со Берлинскиот договор. Султанот Абдул Хамид на 7 септември свикал совет. Големиот везир Саид паша, воениот министер Осман паша, претседателот на државниот совет Акиф паша како и други, го искажале сопствениот став за започнување на воена интервенција и навлегување на војската преку Одрин во Румелија. Германскиот воен инструктор генерал фон дер Голц, исто така приврзаник на воена интервенција се подготвувал за поход но бил сопрен од султанот кој се предомислувал за таквата акција. Од досегашното искуство Турција во било каква војна секогаш губела територии, а не добивала. Токму затоа тој не сакал со едно непромислено решение, повторно да ја стави Империјата во тешка положба. Покрај тоа на границата со Бугарија веќе биле испратени војски и опасноста од војна била голема. Затоа султанот на 9 септември се обратил до Големите сили и побарал од нив востановување на status quo-то. Во спротивно Турција ќе биде принудена со оружје да го востанови редот и да ја врати старата положба.[372]

Воена интервенција на Османлиската империја во Источна Румелија не посакувала ниту една европска земја и покрај тоа што сите се изјасниле против нарушување на одредбите од Берлинскиот договор. Токму затоа дејствијата на Русија во овој период биле насочени, не кон испраќање на ноти до бугарската влада туку кон Портата со цел да ја оттргне од идејата за војна во Источна Румелија.[373] Рускиот амбасадор во Цариград Нелидов, на султанот и големиот везир и го пренел ставот на Русија според кој таа не би можела да дозволи премин на турските војски во Источна Румелија.[374] На 20 септември, Александар

371 История на Сърбско-българската война 1885...с. 46
372 Исто...с. 45.
373 Митев Йоно, Съединението 1885...с.282.
374 Самарџиќ Момир, Од Сан Стефана....с. 256.

III во Копенхаген примил бугарска делегација со митрополитот Климент на чело.[375] Во таа прилика тој им рекол дека за разединување на Бугарија веќе не може да стане збор, но како и во каква форма ќе биде обединувањето тоа е прашање за кое во иднина треба да се дискутира и реши. Нема сомневање дека во Петроград во ниеден момент не размислувале за враќање на status quo ante, односно за поништување на обединувањето, но нивната желба била да ја искористат приликата и да го разрешат бугарскиот кнез. Очекувале дека внатрешната и надворешната политика ќе влијае на Бугарите да се свртат против кнезот и насочат кон Русија. Во таква ситуација тие би ја оствариле својата цел, би го детронизирале Батенберг и симнале Каравелов од власт, би го промениле уставот по што би следело формирање на нова влада и отворено признавање на обединувањето. Поддршката на сојузниците Германија и Австро-Унгарија, требало да допринесе за остварување на тој план. Така Русија на чело со императорот Александар III, започнала своја политика на "Обединување без Александар Батенберг" која била основа за нејзините делувања во наредните месеци.[376]

Од Копенхаген митрополитот Климент и Ив. Ев. Гешов испратиле писмо на 23 септември 1885 година до министерот за надворешни работи на Бугарија, во кое го информирале за средбата на бугарската делегација со рускиот император Александар III и министерот за надворешни работи на Русија - Гирс, а по повод обединувањето.[377]

Ставот на Русија го одредувал и ставот на останатите големи сили, а пред се на Велика Британија. Британската влада во сите настани поврзани со превратот во Пловдив, гледала можност за нивно искористиле, за да и се спротистави на Русија и да и нанесе удар кој ќе влијае на нејзиниот престиж на Балканот. До спроведување на обединувањето на Бугарија, Солсбери не дал никаков аванс на Батенберг. Само кралицата Викторија, кој била во роднински врски со кнезот,

---

[375] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.171
[376] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с. 256.
[377] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр299, с. 586-588.

искажувала симпатии кон него. Од дописите на повеќето дипломати, акредитирани во Лондон, до своите влади, може да се заклучи дека владата на Солсбери со ништо не влијаела и не го поддржувала Батенберг и неговите приврзаници да го извршат превратот. Така за пример во една телеграмата која италијанскиот пратеник ја испратил на 19 септември 1885 година во Рим, истакнал дека англиската влада е изненадена од револуцијата во Румелија и дека на неа гледале како на дело на Русија. Токму затоа во Лондон се надевале на побрза акција на Султанот, за воведување на мир и ред во Источна Румелија.[378]

Со цел да влијае на ставот на британската влада во врска со Пловдивскиот преврат, Бугарија го испратила Гешов во Лондон. Тој пристигнал таму на 26 септември каде имал средба со Солсбери и со други со англиски државници и новинари. Од сите нив тој примил добри зборови но без ветување за конкретна поддршка.[379] Официјалните англиски претставници му порачале на Гешов дека нивната држава ќе го поддржи соединувањето само доколку Бугарија ги следи нејзините совети. На прво место тие препорачале влегување во преговори со Османлиската империја и решавање на спорните прашања. Со тоа би се засилиле позициите на Батенберг на бугарскиот престол и би се оттргнала опасноста од зголемено руско влијание во Бугарија. Меѓутоа англиските ветувања не биле категорични. Тоа се гледа во изјавата на Солсбери пред Гешов, во која истакнал дека решението за спорот зависи од позициите на Русија, Германија и Австро-Унгарија и воедно ја истакнал и опасноста од поведението на Србија.[380] Во писмото кое Гешов го испратил од Лондон на 27 септември 1885 година до министерот за надворешни работи, го навел ставот на англискиот печат кон српските воени намери по повод обединувањето на Бугарија. Во него истакнал дека Англија се плашела од бурните реакции на Грција и Србија особено на последната. Англиските весници ја обвинувале Австро-Унгарија, која како што пишувале, ја навеле Србија на воено расположение.[381] Од сето ова станало јасно

[378] История на Сърбско-българската война 1885...с. 51.
[379] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.171
[380] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България ( 1879-1886)...с.167.
[381] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр. 303, с. 592-593.

дека Англија колку и да го посакувала обединувањето, сепак таа немала намера да се бори за него.[382]

Мисијата на Гешов продолжила и во Франција. На 23 октомври тој се сретнал со Фрејсине.[383] Тој ги искажал своите симпатии кон Бугарија но сепак го застапувал ставот за востановување на status quo-то. Го советувал Гешов, Бугарија да се потчини на решението на големите сили.[384] Но постепено, Франција ја подржала англиската идеја за уредување на спорното прашање со една бугарско-турска спогодба.[385] Сличен став завзела и Италија. Таа како и Франција играла активна улога во Источнорумелиската криза, со цел подигнување на сопственото значење и положба во меѓународните односи. Меѓутоа за најзначајните прашања ја чекале одлуката на заинтересираните и појаки европски држави.[386]

Австро-Унгарија која имала важни интереси на Балканот, особено економски во Бугарија, обединувањето го пресретнала со големо изненадување и негодување. Австро-Унгарија заедно со Англија биле главните виновници и борци за ставање крај на Санстефанска Бугарија во 1878 година. Токму затоа нејзиното незадоволство од бугарското обединување, било само природна последица од политиката која ја водела при креирањето на Берлинскиот договор. Првата реакција во Виена по Пловдивскиот преврат била во таа насока, на запазување на неговите клаузули. Според размислувањата на Австро-Унгарскиот канцелар гроф Густав Калноки, Александар Батенберг и бугарската влада извршиле тешки нарушувања на договорите и препорачал да преземат соодветни мерки, особено да се спречи евентуално проширување на движењето во Македонија.

[382] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886)...с.167.
[383] Претседател на владата во Франција и министер за надворешни работи во периодот од 1879-1880, 1882 и 1885-1886, 1890-1892 година.
[384] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886)...с.167.
[385] Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Берон Петър, Държавно издавателство "д-р Петър Берон ",София, 1985, с. 225.
[386] Самарџиќ Момир, Од Сан Стефана....с.258-259.

Дипломатските претставници на Австро-Унгарија на Балканот имале сличен став кон обединувањето. [387]

Во 1885 година, Австро-Унгарија била доведена во една посебна позиција. Нејзината влада, сметала дека Високата порта, не треба да испраќа војска во Источна Румелија. Според Виена тоа би претставувало повод за Русија да дејствува со своја војска во Бугарија, а тоа било крајно непосакувано за австро-унгарската влада. Токму затоа го советувале султанот да внимава и да не дозволи востание во Македонија. За таа цел Османлиската империја ќе испрати околу 80.000-илјадна војска во Македонија.[388]

На 9/21 септември англискиот вицеконзул во Бургас Бљак, пренел информација за групирање на турски војски кај Одрин, како и за тоа дека има најави за навлегување на руски војски по море. Ваквите информации предизвикале загриженост кај австроунгарските управници, сметајќи дека повторното навлегување на руски војски на Балканот нема да донесе ништо позитивно за нивните интереси. Покрај тоа во сила се уште бил сојузничкиот договор (Сојузот на тројцата императори),[389]според кој Австро-Унгарија требало да го запази неутралитетот кон Русија во случај на воени интервенции на Балканот. Токму затоа во Виена се стремеле да ја оттргнат Османлиската имеприја од идејата за инвазија во Источна Румелија. [390]

Во историографијата Хабсбуршката империја е окарактеризирана како најголема заштитничка на одредбите донесени на Берлинскиот конгрес. Покрај останатото, уште една причина за незадоволството од Источнорумелиската револуција, бил фактот дека по обединување на двете бугарски области, империјата требало да ја анектира Босна и Херцеговина, а тоа во 1885 година не била во можност да го направи. Таа како и другите сили не верувала во успехот

[387] Митев Йоно, Съединението 1885...с.315-316.
[388] Исто, с.317-318.
[389] Македонија во меѓународните договори ...док. бр.13 и док. бр. 14, с.104-113.
[390] Митев Йоно, Съединението 1885...с.318.

на акцијата за обединување. Единствена работа која ќе влијаела на промена на ставот на австроунгарските власти била територијалната компензација, која Бугарија требало да ја даде на својата сојузничка на Балканот, Србија. Ова го потврдил и бугарскиот дипломат Григор Начовиќ, кој со тревога ја пренел информацијата на својата влада, дека Австро-Унгарија го признала правото на Србија да земе дел од бугарската територија.[391] Во почетокот на октомври Начовиќ имал средба со Калноки[392] во Виена. Основна мисла која тој ја истакнувал во разговорот била дека признавање на Соединувањето ќе значело зајакнување на положбата на кнезот Батенберг, а тоа ќе доведе до слабеење на руското влијание во Бугарија. Меѓутоа било јасно дека австроунгарската јавна поддршка на кнезот била невозможна поради Србија.[393]

Гледано во целина, Австро-Унгарија се држела воглавно за политиката за запазување на status quo-то на Балканот и ја поддржала идејата за свикување на дипломатска конференција во Цариград, со цел решавање на Источнорумелиската криза отворена по Пловдивскиот преврат.[394]

Од останатите сили доста значаен бил и ставот на Германија, кој произлегувал од погледите на германскиот канцелар на општоевропската политика и положбата на германската држава по обединувањето. За Бисмарк најзначајно било да не дозволи заострување на односите на сојузниците од Сојузот на тројцата императори.[395] За таа цел германскиот канцелар тајно ја поддржувал британската дипломатија во истапите против Русија, за да се изостри англо-рускиот антагонизам.[396]

Колку и да бил Бисмарк суров во испадите кон Батенберг како нарушувач на договорот, сепак ставот и позицијата на Берлин биле полезни за Бугарите.

---

391 Митев Йоно, Съединението 1885...с.318-319.
392 Густав Калноки, министер за надворешни работи на Австро-Унгарија, во периодот од 1881 до 1895.
393 Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.258.
394 Митев Йоно, Съединението 1885... с. 319.
395 Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.258.
396 Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник...с. 26.

Германија била против избрзаните мерки на која и да било голема држава, а исто така се спротиставила на испраќањето на османлиските војски од Портата во Источна Румелија.[397]

При меѓународно третирање на бугарското прашање во овој период произлегуваат две карактерни тенденции: 1. Стремежот на големите сили да ја ограничат акцијата за обединување само на Источна Румелија; 2. Спречување на избувнување на блискоисточен конфликт, кој лесно би можел да премине во европски.[398] Усмениот британско-германски договор за персонална унија на Кнежевството Бугарија и Источна Румелија во личноста на кнезот Александар, кој го поддржувала и Австро-Унгарија, практично веќе по неколку дена пронајденото решение и исход на кризата станал извесен. Останало само прашањето за начинот и средствата со кои тоа ќе се оствари. Овој процес траел неколку месеци, а ставот кој во врска со новата криза на Балканот го заземала Србија и развојот на српско-бугарските односи после Пловдивскиот преврат го отежнале, но и го оневозможиле неговото остварување.[399]

[397] Митев Йоно, Съединението 1885... с. 323.
[398] Стателова Елен, Дипломацията на Княжество България (1879-1886)...с.169.
[399] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.259.

## *IV.4. Реакциите на Србија по Пловдивскиот преврат и припремите за војна*

Обединувањето на Источна Румелија со Бугарија предизвикало криза на Балканот.[400] Вестите за настаните во Румелија предизвикале голема вознемиреност кај балканските држави, особено во Белград. Единствена земја која Соединувањето го пресретнала мирно и спокојно била Романија, а сето тоа како последица на традиционално пријателската политика на двата народа.[401] Настаните од времето на Големата источна криза, а пред се Санстефанскиот прелиминарен мировен договор, оставиле траен впечаток кај српската политичка елита и кај самиот крал Милан и биле извор на одлуките на кралот за промена на надворешнополитичкиот курс на српската држава, кон крајот на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите години на XIX век. Иако тенденциите на руската балканска политика и бугарската интелигенција изразени во Санстефанскиот договор биле причина за внимателната политика на Србија кон Бугарија по 1878 година, во Белград во 1885 година, по смирување на Авганистанската криза, не верувале во можноста за усложнување на меѓународните односи како и во значајните промени на односите на силите на Балканот.[402] Пловдивскиот преврат го променил нивниот став и стравот од создавање на голема бугарска држава повторно се појавил.[403]

Кралот Милан сфатил дека бугарското обединување значи голема промена на силите во корист на Кнежеството, кое како такво ќе претставува не само опасен

---

[400] Јовановски Далибор, Односот на Грција кон Македонија за време на Источнорумелиската криза (септември-ноември 1885), Годишен зборник, Книга 58, Филозофски факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Скопје, 2005, с. 227.

[401] История на Сърбско-българската война 1885... с. 56-57.

[402] Самарџиќ Момир, Од Сан Стефана....с.261.

[403] Терзић Славенко, Србија и Грчка 1856-1903, Борба за Балкан, Историјски Институт, Српска академија наука и уметности, Београд, 1992, с. 259.

соперник во Македонија, туку и ќе ги загрози српските интереси во Стара Србија. Меѓутоа, Пловдивскиот преврат ја затекнал Србија без јасна концепција и стратегија за националната политика и работа во Османлиската империја. Притисната од сите страни таа реагирала нервозно и без доволно разработен план. Сите политички кругови во Србија воглавно се сложувале со кралот Милан во поглед на сфаќањето на опасноста по српските интереси на југ од така проширена Бугарија, но различни биле ставовите за тоа на кој начин и по кој правец српската држава треба да тргне во овој важен историски период.[404]

Бидејќи бугарското обединување се косело со интересите на Србија, кралот Милан решил да протестира против овој чин, повикувајќи се на повреда на одредбите донесени на конгресот во Берлин. Оваа теза кралот ја изложил на состанокот на Народното собрание, одржано само неколку дена подоцна во Ниш и кое имало за цел одобрување на кредити за мобилизација, наредба која била дадена веднаш по прогласување на обединувањето.[405] За извршената мобилизација од страна на Србија известил министерот за надворешни работи Цанов, во телеграмата која ја испратил до кнезот Александар Батенберг во Пловдив на 12 септември 1885.[406]

Идеите на Милан биле тешко разбирливи за српското население, на кое не му било јасно зошто Србија сака да го спречи обединувањето на Бугарија. Воено настроената струја била насочена против Османлиската империја и сметала дека моментот е поволен за упад во Македонија. За кралот Милан пак оваа војна би била војна за престиж на Балканот. Австро-Унгарија се обидела да ја оттргне од идејата за војна, ветувајќи и одбрана на нејзините интереси по дипломатски пат, така доколку силите би го признале бугарското обединување, во тој случај таа ќе настојува Србија да добие некаква територијална компензација од бугарската територија - видинскиот или трнскиот крај, а било можно да ги добие и двата. Кралот Милан го послушал овој совет и во претстојната беседата со која го

404 Терзић Славенко, Србија и Грчка 1856-1903, Борба за Балкан....с.259.
405 Пржић Илија, Спољашна политика Србије (1804-1914), "Политика", Београд, 1939, с. 111.
406 Външната политика на България, Документи и материали... док. бр.285, с. 570.

отворил Собранието барал или враќање на состојбата пред превратот или надомест за Србија. [407]

Во наредниот период кралот Милан своите напори ги насочил кон преговори со Портата за издејствување неутралитет како и кон создавање на антибугарски сојуз во кој би влегле Грција и Романија.[408] За активностите на Србија насочени кон создавање на сојуз со Романија и Грција, бил информиран Батенберг од министерот Цанов на 17 септември 1885 година. Во писмото тој го пренесува демантот од Букурешт во врска со учеството на Романија во некаква спогодба со Србија и Грција.[409] Ставот на српскиот крал и влада дека бугарското обединување е еднакво опасно како за српските така и за романските интереси, не наишол на позитивен прием во Букурешт. Романската влада го одбила предлогот на Милан за српско-романска воена демонстрација со што Романија би ги окупирала Силистра и териториите до линијата Русе-Варна. Тие не сакале да ги влошат добро соседските односи со Бугарија, а на нејзиниот неутралитет многу влијаела и Русија.[410]

Политиката на српската влада за создавање на коалиција против Бугарија била осудена и од српските опозициони партии на либералите (Јован Ристиќ) и на радикалите на чело со Никола Пашиќ и Петко Павловиќ. Исто така негодување кон активностите на Србија искажале и Хрватите и Словенците, кои со симпатии гледале кон бугарското обединување. Незадоволството на народот од политиката на крал Милан се повеќе растела, а за тоа придонела и тешката финансиска криза. Така проектот на М. Гарашанин за создавање на воен антибугарки блок пропаднал.[411]

Грција била земјата која зазела целосно воинствена позиција кон бугарското обединување и заедно со Србија жестоко реагирала и протестирала кај големите

[407] Пржић Илија, Спољашна политика Србије (1804-1914), "Политика", Београд, 1939, с. 111.
[408] Исто
[409] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр.294, с. 580.
[410] Митев Йоно, Съединението 1885... с. 328.
[411] Исто

држави за нарушување на рамнотежата на Балканот. Како и во Србија така и во Грција започнале подготовки за војна и била прогласена општа мобилизација. Антибугарски митинзи биле организирани низ цела држава. Прашањето за заедничко истапување на Србија и Грција било поставено веднаш по Пловдивскиот преврат.[412] Расположение за договор со Србија постоело и кај грчката јавност и опозиција. Трикупис кој бил лидер на грчката опозиција, за време на својот престој во Лајпциг, на тамошните грчки студенти им изјавил дека било потребно да соработуваат со Србија бидејќи таа била единствената држава чии што интереси се поклопувале со грчките и не се прекршувале, затоа што српските аспирации не оделе подалеку од Стара Србија и Косово. Тоа не било вистина но потребата од сојуз била посилна.[413]

Се очекувало дека евентуална заедничка акција помеѓу Србија и Грција, доколку не се врати старата состојба во Источна Румелија, ќе биде насочена во исти правец - кон Османлиската империја, поточно кон Македонија.[414] Претседателот на српската влада Милутин Гарашанин го известил грчкиот пратеник во Белград Назос, дека политичката ситуација налага склучување на спогодба помеѓу двете земји.[415] Грчкиот дипломат не дал конечен одговор за оваа понуда. Во Атина иако постоело расположение за сојуз со Србија, сепак тие немале целосна доверба во српските аспирации и пропаганди во Македонија. Многу лесно било двете држави да се сложат околу тоа кој им е заеднички непријател, но било речиси невозможно да се одреди зоната на интересите во Македонија. Исто така започнало да се поставува и прашањето дали евентуалниот сојуз можел да се материјализира. Трикупис[416] кој, наводно, сметал дека бил можен сојуз со Србија, во разговорот со српскиот пратеник во Лондон, Мијатовиќ, на 29 септември 1885 година, изразил сомнеж во можноста од заедничка српско-грчка акција и тоа против османлиската држава, пред се поради

[412] Терзић Славенко, Србија и Грчка 1856-1903, Борба за Балкан....с.260-263.
[413] Јовановски Далибор, Односот на Грција кон Македонија за време на Источнорумелиската криза (септември-ноември 1885), Годишен зборник, Книга 58, Филозофски факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Скопје, 2005, с.234.
[414] Терзић Славенко, Србија и Грчка 1856-1903, Борба за Балкан....с.263.
[415] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886)...с.170.
[416] Премиер на Грција во периодот 1875, 1883, 1885, 1886-1890, 1892-1895 година.

воената неспремност на неговата држава, која немала генерали, високи штабни офицери и никакво воено искуство на грчката армија. Оваа изјава не била далеку од вистината. Оваа констатација на искусниот грчки политичар, најверојатно имала влијание врз понатамошните српски чекори во однос на Грција и на можноста од заедничко дејствување. Преговорите продолжиле и понатаму, но со многу послаб интензитет.[417]

Кралот Милан поттикнат од Австро-Унгарија на 19 септември 1885 година од Виена наредил да се мобилизира српската армија. До тогаш српскиот Генерален штаб немал сопствен план за војната со Бугарија. Но набрзо кралот Милан заедно со военонастроените кругови кои ги истакнувале антибугарските и антируските чувства, ја поставиле политичката цел на војната - што е можно побрзо заземање на западните области на Бугарија (Видинскиот, Софискиот, Ќустендилскиот и Трновскиот округ). По политичката била утврдена и стратегиската цел на војната според која требало брзо да се разбие неорганизираната и неподготвена бугарска војска и да се заземе седиштето на Софија како и Видинскиот крај. Исто така требало да се пробијат до Ихтиман, каде требало да биде разбиена бугарската војска.[418]

При составување на планот биле дефинирани двете цели на војната која Србија требало да ја започне со Бугарија. Првата била политичка - заземање на територии и втората стратегиска - брза и решителна победа над бугарската армија. Дејствијата требало да се развиваат во три етапи: во првата било предвидено пробивање до линијата Гинци - Берковица, а во втората требало да се достигне линијата Ботевград - р. Искр. По завршување на последната етапа требало да се започнат преговори за мир, а доколку бугарската војска не капитулирала, пробивањето на српските војски да продолжело кон Трново.[419]

---

[417] Јовановски Далибор, Односот на Грција кон Македонија за време на Источнорумелиската криза (септември-ноември 1885).... с. 235-236.
[418] История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1971, с.136.
[419] Исто, с. 103.

Во споредба со Србија во овој период Бугарија не разработила план за војна против која и да било балканска земја, вклучително и Османлиската империја, која во тогашни политички услови важела за единствен возможен потенцијален противник. На чело на бугарската армија стоеле многу руски офицери кои сметале дека без руска помош невозможно било Бугарија да војува со Османлиската империја. Според ова тие се согласиле да има само најопшти идејни стратегиски определби за дејствување против Османлиите, без да се создадат и разработат конкретни планови за војна.[420]

Карактеристично е да се спомене дека до обединувањето, а и пред тоа никој од бугарските политички и воени раководители не ни помислувале на евентуална опасност од една братска словенска држава. Напротив тие сметале и на српска поддршка во тие тешки момент или евентуална борба против турските поробители. Токму ваквиот став довел до тоа Бугарија да не разработи никаков воен план за војна со Србија. При ваква ситуација и неочекуван напад од српска страна стратегискиот план на Бугарија не можел да биде поинаков освен одбранбен.[421]

Пред избувнување на војната Бугарија и Србија извршиле максимални подготовки со цел што поспремни да влезат во борба. Овие подготовки започнале со разгледување на економскиот потенцијал на својата земја, а продолжиле со организација на вооружените сили. Во двете земји било извршено пополнување на армиите со офицери, подофицери и војници и била спроведена обука, воспитување и снабдување со оружје, облека и храна. Мобилизацијата на бугарските војски требала да се изврши што е можно побрзо со цел да не се дозволи навлегување на турски војски во Јужна Бугарија надевајќи се дека опасноста во овој период ќе дојде од Србија. Во Северна Бугарија наредбата за мобилизирање на армијата била дадена уште на 6/18 септември, а во Јужна Бугарија официјалната наредба била дадена со прокламацијата за

[420] История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1971, с.103.
[421] Исто, с. 103.

соединувањето. Во прокламацијата се повикувале во војска сите постоечки членови на возраст од 18 до 40години. Во Србија мобилизацијата започнала на 9/21 септември, а наредбата за неа била издадена на 12/24 септември, бидејќи општиот план се уште не бил готов.[422]

За разлика од кралот Милан, бугарскиот кнез А. Батенберг се уште верувал во можноста од подобрување на односите со Србија. Со таа намера од Пловдив на 30 септември 1885 година испратил писмо до кралот Милан со предлог за спогодба помеѓу Бугарија и Србија и за мисијата на д-р Константин Стоилов.[423] Во него бугарскиот кнез дава оправдување за прогласување на обединувањето на Кнежеството со Источна Румелија, кое поради влијанието од силата на модерните идеи и економската криза предизвикана од разделување на една територија, која што не можела да не претставува една административна целост, населението прогласило спојувањето на двете области. Батенберг бил принуден да го прифати свршениот факт, кој бил логична последица од нештата создадени од Берлинскиот договор, за да стави крај на анархијата во Румелија и безредието во Бугарија. Бугарскиот кнез сметал дека сега е вистинскиот момент, да се стави во дејство чувството за братство помеѓу двете земји и да се разгледаат единството и солидарноста. Тој предложил спогодба за сферата на влијание на српската и бугарската држава, за географските и внатрешните граници според кои ќе се ограничат дејствијата и претензиите на двете држави.[424]

За да се постигне таа цел Батенберг планирал К.Стоилов како свој доверлив човек, да го испрати кај српскиот крал Милан. Мисијата на Стоилов била да ги пренесе на претседателот на српската влада како и на српскиот крал, ставовите на Батенберг и неговиот предлог за спогодба. Потпирајќи се на доброто

[422] История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1971, с.103
[423] Сръбско-българската война 1885, Сборник документи, Институт за Военна история при Генералния щаб на БНА, София, 1985, док. бр. 70, с. 80-81.
[424] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр.305, с. 595-596.

пријателство со Милан, Батенберг искрено верувал дека ќе успее да ги подобри лошите односи со Србија.[425]

Кон официјалното писмо од 30 септември, Батенберг испратил и пропратно писмо до кралот Милан, за подетално образложение на мисијата на К. Стоилов за да се склучи сојуз помеѓу Србија и Бугарија.[426] Целта на мисијата била составување на една интимна спогодба помеѓу двете држави, која била неопходна се додека на Балканот има Турци. Батенберг предложил да се одредат сферите на влијанија во Турција и ја истакнал готовноста на својата војска да влезе во војна со Османлиската империја, имајќи ја предвид веќе објавената мобилизација.[427] Доколку кралот Милан ги прифател предлозите од Стоилов, Батенберг имал намера да замине за Ниш со цел понатамошно заедничко уредување на планот за дејствие.[428] Меѓутоа оваа мисија не била остварена.[429]

Со планот на бугарскиот кнез едвај била запознаена владата на чело со П. Каравелов. Либералниот кабинет на Каравелов без сомнение ја одбил замислата на Батенберг, која во случај на индискретност на Србија, би го навлекол гневот на Портата и големите сили врз Бугарија. Меѓутоа сето ова не го обесхрабрило бугарскиот кнез. Тој искрено верувал дека ќе дојде до договор помеѓу двете земји и за таа цел определил нов пратеник – Д. Греков.[430] Во писмото кое кнезот Александар I го испратил до кралот Милан Обреновиќ, на 6 октомври 1885 година, известил за мисијата на Димитар П. Греков која имала за цел подобрување на односите помеѓу Бугарија и Србија.[431] Писмото содржи најопшти уверувања во пријателските чувства. Пред да биде испратено, тоа било покажано на турскиот комесар во Бугарија. Меѓутоа српските власти одбиле да го примат Греков со образложение дека целта на Бугарија била да дејствува против Османлиската

[425] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр.305, с. 595-596.
[426] Сръбско-българската война 1885, Сборник документи, Институт за Военна история при Генералния щаб на БНА, София, 1985, док. бр. 71, с. 82.
[427] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886)...с.173.
[428] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр.306, с. 597.
[429] Исто, с. 596
[430] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886)...с.173.
[431] Сръбско-българската война 1885, Сборник документи...док. бр. 80, с. 88-89.

империја и се плашеле од можно влошување на односите со Цариград.[432] Обидот за преговорите повторно останале без успех, а откако Милан решил да бара компензации од бугарската територија, тој не гледал смисла во продолжување на истите.[433]

Отказот на кралот Милан да го прими Д. Греков, било примено со неодобрување од големите сили. Официјалното објаснување на српскиот министер за надворешни работи, дека тоа е направено со цел да не се усложнат преговорите помеѓу силите  и да не се превземаат дејствија кои биле насочени кон интересите на Империјата, не биле прифатени. Уште повеќе што кнежевското писмо во Софија било публикувано во "Државен весник", а со тоа била отфрлена можноста за обвиненија. [434]

На 22 септември пратениците на големите сили во Цариград, го одржале првото заседание, на кое требало да се изработи општ став за одговорот на молбата на Портата за свикување на конференција од големите сили. Додека ги изјаснувале позициите за исходот од бугарската криза, големите држави правеле и напори за ограничување на оганот и спречување истиот да прерасне во балкански пожар. Во овие дејствија ќе се искристализира различноста помеѓу нив, особено помеѓу земјите од обновениот сојуз на тројцата императори од 1884 година.[435]

[432] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр.322, с. 613-614.
[433] Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България ( 1879-1886)...с.173.
[434] Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913)...с.60.
[435] Исто, с. 60.

*IV.5. Цариградската конференција*

Настаните во Источна Румелија и нејзиното обединување со Кнежеството, го свртеле вниманието на цела Европа. Обединувањето требало да биде прифатено или отфрлено од големите сили и Портата.[436] Идејата за свикување на дипломатска конференција во Цариград била од руската дипломатија.[437] Како што изјавил рускиот пратеник во Цариград, Александар Нелидов, Румелиското прашање е "руско-европско". Ваквиот став влијаел на турската влада да не дејствува со помош на воена сила, туку источнорумелиската криза да ја реши со помош на преговори на една меѓународна конференција. Останатите пет големи сили – Германија, Австро-Унгарија, Англија, Франција и Италија, ја прифатиле идејата за свикување на таков форум.[438]

Конференцијата на амбасадорите на големите сили се састанала во Цариград на 24 октомври /5 ноември 1885 година, при што било решено Портата да го формулира својот предлог, бидејќи таа била свикана по нејзина иницијатива.[439] Цариградската конференција се одржала во дворецот Топхане, поради што и била наречена Топханенска конференција, а по повод источнорумелиските настани. [440]

Пред официјалниот почеток на Конференцијата, големите сили на заседанијата одржани на 22 септември и 5 октомври, без учество на Османлиската империја - најзаинтересираната сила, а се разбира и без учество на Бугарија, изработиле проект - декларација, која била прифатена со мали

[436] Митев Йоно, Съединението 1885... с.361.
[437] Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник...с. 232.
[438] Митев Йоно, Съединението 1885... с.361.
[439] Ђорђевић Владан, Историја Српског-Бугарског рата 1885, Од Пирота до Сливнице, Књига прва, Београд 1908, с. 213.
[440] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр.336, с. 636.

измени. Декларацијата била соопштена на Бугарија, Србија, Грција и Османлиската империја. Во неа се карактеризираат три нешта: а) пофалба на султанот за неговото мироъубие и одлуката да не употреби сила; б) обвинување на бугарските власти за нарушување на мирот; в) напомена да не се дозволи распространување на воинствената агитација во соседните земји. Со последново се означувва не само спречување на бугарска агитација во Македонија, туку и на употреба на воена сила во останатите балкански држави.[441]

Бугарската влада дала одговор на декларацијата од големите сили. Во него се истакнува дека Бугарија нема да врши агитација во соседните земји каде живеат Бугари, но за повлекување на војските од Источна Румелија воопшто не станувало збор. Воедно испратиле молба до големите сили да дејствуваат пред султанот за признавање на Соединението. Единствено нешто кое владата на Каравелов можела да декларира, било повлекување на некои полкови од југозападната граница, поточно од Самоков, Дупница, Ќустендил и други. Со ова Бугарија сакала, големите сили да разберат дека таа ќе се бори за признавање на Соединувањето. Владата на Каравелов пред почетокот на заседанијата, имала најмногу контакти со англиската влада и со нејзиниот полномошник во Цариград В. Ваит.[442]

Цариградската конференција била отворена на 24 октомври,[443] а на неа учествувале шесте големи сили и Османлиската империја. Претставител на Бугарија не бил допуштен.[444] Србија изјавила дека нема да превзема никакви воени дејствија се додека конференцијата не заврши со својата работа.[445] Уште на првите заседанија станало јасно, дека главната борба ќе биде околу ставовите на Англија и Русија, кои се бореле за признавање на Обединувањето на Бугарија, но едната во името на кнезот Батенберг, а другата целела негово целосно

---

[441] Митев Йоно, Съединението 1885... с.365.
[442] Исто, с. 372-373.
[443] Ђорђевић Владан, Историја Српског-Бугарског рата 1885, Од Пирота до Сливнице, Књига прва, Београд 1908, с. 213.
[444] История на Сърбско-българската война 1885...с. 61.
[445] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.174.

компромитирање. Покрај овие две гледишта, се истакнувало и трето – на Австро-Унгарија. Нејзиниот претставник, барон Х. Каличе, го застапувал гледиштето за воспоставување на status quo или во спротивно давање од бугарската територија, компензација за Србија .[446]

На третиот состанок Портата го поднела својот предлог, кој се состоел од два дела. Во првиот дел се утврдувало: 1. Портата не може да се обврзува на нови жртви, ни материјални ни територијални; 2. По враќање на редот во Источна Румелија, според правото кое и го дава Берлинскиот договор, може да го окупира Балкан; 3. Румелиското прашање да се реши на тој начин што соседните земји не би имале повод да влезат во нејзиното земјиште.[447] Во другиот дел Портата предложила: 1. Доколку кнезот Александар се повлече со војската од Источна Румелија, кон него да се постапи со миролубивост; 2. Во Румелија да се постави нов гувернер; 3. Да се размисли за начинот според кој Александар би можел да се повлече од Источна Румелија.[448] Првиот дел од предлогот на Портата, големите сили сметале дека не треба ни да се дискутира. Нелидов за точката 3 од овој дел изјавил, дека нема никаква потреба соседите да се консултираат за некакво мислење. В. Вајт пак изјавил, дека големите сили немаат никаква потреба да водат сметка за државите кои не се потписнички на Берлинскиот договор. Австроунгарскиот амбасадор признал, дека балканските држави немаат право да се мешаат во румелиското прашање, но бидејќи тие покажуваат намера да се вмешаат во него, нивното мислење би требало да се земе во предвид како еден факт. Другиот дел од предлогот на Портата, конференцијата го сметала за многу неодреден и непрецизен. Сепак Русија, Германија, Австрија и Италија начелно го примиле предлогот, кој биле целосно спротивен со оној на Англија кој бил во насока на сослушување на желбите на народните маси во Румелија. Во наредниот

[446] История на Сърбско-българската война 1885...с. 61
[447] Ђорђевић Владан, Историја Српског-Бугарског рата 1885, Од Пирота до Сливнице...с. 213-214.
[448] История на Сърбско-българската война 1885...с. 63.

период францускиот делегат маркиз Ноаљ правел обиди да ги усогласи двата предлога, но тоа било прилично тешко и речиси невозможно.[449]

Најтешка била задачата на рускиот претставник Нелидов,[450] кој што бил потписник на Санстефанскиот договор.[451] Тој требало пред Бугарите да ја произнесе фразата "формално враќање на status quo ante"– враќање на претходната состојба во Румелија, со цел воспоставување на мир врз основа на Берлинскиот договор. Оваа теза тој ја изнел на второто заседание одржано на 26 октомври[452] и била поткрепена од германскиот и италијанскиот претставник. Англискиот и францускиот претставник го декларирале својот став - да се води сметка за желбите на барањата на населението во Источна Румелија, но изразиле готовност да побараат одново воспоставување на редот и мирот во областа. [453]

Ставот на Ваит бил прилично неопределен, а главно нешто, кое што сакал да го постигне, се разбира во согласност со инструкциите на својата влада, било одолговлекување на конкретното решение и бранење на Батенберг од нападите на рускиот делегат. Во своите говори истакнал дека Велика Британија сака да бидат запазени интересите на Османлиската империја и султанот. Истовремено потенцирал дека нема да дозволи да се прифати руското гледиште за виновноста на бугарскиот кнез[454] и дека таа ќе го земе под своја заштита. Оваа позиција на Ваит, целосно одговарала на инструкциите дадени од англискиот премиер и министер за надворешни работи Солсбери.[455]

Инструкцијата на Солсбери не остава никакво сомнение, дека неговата влада има намера да се спротистави на Русија. Исто така зацврстување на позицијата на Батенберг не можело да се спроведе поинаку освен со признавање

---

[449] Ђорђевић Владан, Историја Српског-Бугарског рата 1885, Од Пирота до Сливнице...с. 213-214.
[450] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.174.
[451] Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник...с.157.
[452] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.297.
[453] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.174.
[454] Хуна Фонъ А. Борбата на Българитѣ за съединението си, Политическо военна история на Българо-румелийскитя събитиѣ въ 1885, Руссе, 1890, с. 64.
[455] История на Сърбско-българската война 1885...с. 62.

на обединувањето под една или друга форма. Англискиот премиер сфатил, дека оттргнувањето на кнежевските војски од Источна Румелија или пак испраќање на какви и да било војски, ќе има за последица – паѓање на кнезот Батенберг. Токму затоа англискиот претставник на Цариградската конференција требало да ги спречи тие чекори и да ја советува Портата да влезе во директни контакти со бугарската влада, за да се решат спорните прашања и со тоа да се заштитат интересите на румелијците и на Османлиската империја.[456]

Германскиот делегат (фон Радовиц) и австроунгарскиот (барон Каличе) застанале на позициите, блиски до оние на Нелидов и Саид паша- да се запази Берлинскиот договор и да се принудат Бугарите да ја почитуваат волјата на Европа. Карактеристично за искажувањето на фон Радовиц било, дека мирот не може да биде прекинат само од неколку бунтовници. Со ова тој сакал да истакне дека сите револуционерни актови треба да бидат спречени и отфрлени. Италијанскиот делегат гроф Корти, се изјаснил доста неопределено и го пренел ставот на својата влада, за поддржување на мирот и ја прифатил декларацијата на Пората.[457]

Маркиз Ноаљ, согласно инструкциите на Фрејсине, посакувал просперитет на Османлиската империја и целел да се приклучи кон оние комбинации на конференцијата, кои ќе содејствуваат за поткрепа на мирот и уважување на правата на неговото Височество Султанот.[458] Сепак, неговата влада го советувала да се воздржи од заземање на страна, пред да се изјаснат останатите големи сили. Но и покрај воздржаното однесување, францускиот став се повеќе се приближувал кон оној на Англија, отколку кон која и да било друга сила и бил во прилог на Бугарија.[459]

---

456 История на Сърбско-българската война 1885... с. 62-63.
457 Митев Йоно, Съединението 1885... с.376.
458 Исто, с.376.
459 История на Сърбско-българската война 1885... с. 63.

На заседанието одржано на 28 октомври, британскиот амбасадор прочитал декларација од својата влада со која, како предуслов за продолжување на конференцијата[460] се барало спроведување на анкета меѓу населението во Источна Румелија, со цел да се дознаат нивните желби. Парирајќи на ова барање, на четвртото заседание на Цариградската конференција, одржано на 31 октомври, претставниците на членовите од сојузот на тројцата императори( Русија, Австро-Унгарија и Германија) ја принудиле турската влада да излезе со својот предлог во кој побарала: повлекување на кнезот Батенберг од Источна Румелија, потчинување на нејзиното население на волјата на Султанот и измена на органскиот статут од една мешовита комисија. Но британскиот и францускиот амбасадор одбиле да гласаат за овој предлог, поради неополномоштеност за тоа. Така всушност британската декларација од 28 октомври практично значела крај на работата на конференцијата.[461] Наредното заседание кое било закажано за 2 ноември 1885 година, не се одржало поради еден настан, со кој била свртена нова страница во историјата на Балканскиот полуостров[462]- објавување на војна од страна на кралот Милан на Бугарија и премин на границата од страна на српските војски .[463]

Почетокот на српско-бугарската војна имала големо влијание врз работата на Цариградската конференција, поради што ги прекинала своите заседанија. Истите биле возобновени во февруари 1886 година по барање на Високата порта. За разлика од претходно, сега сите сили биле со единствен став- востановување на status quo во Источна Румелија е невозможно.[464] На 24 март/ 5 април 1886 година, делегатите на големите сили и Османлиската империја потпишале османлиско-бугарска спогодба за Соединувањето, позната како Топханенски акт.[465]

---

[460] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с. 175.
[461] Самарџиħ Момир, Од Сан Стефана....с:297.
[462] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.174-175.
[463] Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник...с.194.
[464] Исто, с. 232.
[465] Actes et traitès internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghènov, Annuaire de L`universite de Sofia Facultè de droit-tome XXXIV, 1.1938/1939, Sofia, 1940, s.326.

Топханенскиот акт е потпишан во Цариград од претставниците на големите сили и Османлиската империја[466]- Саид, Сервер, Каличе, Радовиц, Нелидов, Ваит, Галаванја и Габриел Аното. Тој содржи четири точки, според кои: управувањето на Источна Румелија ќе биде доверено на бугарскиот кнез, согласно член 17 од Берлинскиот договор; муслиманските села од Крџалијската околија, од Родопската околија и останатите, ќе бидат одделени од таа провинција и управувани од императорската влада, согласно првата алинеја од член 15 од Берлинскиот договор. Разграничувањето на овие околии, ќе биде направено од една техничка комисија, назначена од Високата порта и од бугарскиот кнез. [467]

Во точката 3 од Топханенскиот акт, силите се согласиле околу следното: со цел осигурување на редот и спокојството во Источна Румелија, ќе биде назначена една комисија од Високата порта и од бугарскиот кнез, која ќе има за задача да го проучи органскиот устав и да го прилагоди според локалните потреби.[468] Таа требало да заврши со својата работа во рок од четири месеци, а нејзините решенија ќе бидат дадени на санкционирање на Цариградската конференција. Доколку тие измени бидат санкционирани, во тој случај грижата за управувањето на Областа, ќе биде доверено на кнезот. Сите останати одредби од Берлинскиот договор останале во сила (точка 4).[469] Со потпишување на Топханенскиот акт е ставено крај на работата на Цариградската конференција.[470]

---

[466] Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913)...с.82.
[467] Actes et traitès internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghènov...s. 328-332.
[468] Външната политика на България, Документи и материали... док. бр. 463, с. 789-790.
[469] Actes et traitès internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghènov...s. 332-336.
[470] Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник...с.232.

*IV.6. Српско-бугарската војна*

Трагичната српско-бугарска војна била последица од обединувањето на Бугарија и политиката на кралот Милан, чија цел била враќање на авторитетот кај српскиот народ. Тоа предизвикало нов судир на интересите помеѓу големите сили, посебно на Англија и Русија. Српскиот крал Милан, кој бил во отворен судир со својот народ, огорчен од соработката помеѓу српската радикална емиграција со бугарските либерали и уплашен од оживување на Санстефанска Бугарија, се обидел со сила да го спречи обединувањето на Кнежеството Бугарија со Источна Румелија, потпирајќи се на поддршката на Австро-Унгарија. Наместо акцијата да ја насочи против Османлиската империја, кон неослободените краеви на Балканот, тој се одлучил на војна со Бугарија. [471]

За време на заседанијата на Цариградската конференција, ветувањето на кралот Милан дека нема да објави војна се додека големите сили не донесат конечно решение за источнорумелиската криза, се повеќе го мачело. Нему му станало јасно, дека до конечно решение европските држави лесно нема да дојдат, пред се поради опозициониот став на Англија. Тој стравувал од фактот дека не само што нема да се воспостави посакуваното status quo ante, но и од можноста Србија да не добие ни територијална компензација. Ова било причина кралот Милан да ги зголеми агитациите за војна.[472] Нему му биле неопходни нови поводи, за да ги насочи своите војски кон бугарската граница[473] и да се оправда пред големите сили и вината за прекин на ветувањето за неотпочнување на воени дејствија да ја насочи кон Бугарија.[474]

[471] Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа (1804-1914)...с. 103.
[472] История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1925, с. 74
[473] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.177.
[474] История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1971, с. 165.

Поводот за објавување на војна со Бугарија, српскиот крал го нашол кај пограничните инциденти. Од друга страна тоа всушност било и начин да го подигне духот на своите војски. Така на 18/30 октомври 1885 година, воениот министер дал наредба на командантот на Шумадиската дивизија да ја проучи можноста за напад на бугарската позиција во реонот на Гоин или друго место, но тој напад да се изведе на тој начин што никој не би поверувал дека српските војски го предизвикале.[475] Во овој реон бугарските војски биле оддалечени од границата и Србите требало да навлезат во бугарската територија. Воениот министер издал наредба да се предизвикаат инциденти во Трново, каде условите за тоа биле благопријатни, поради планинската местност и близината на бугарските војски до границата. Тука инцидентите од српската страна продолжиле се до објавување на војната. Командата на бугарската војска, дала наредба за игнорирање на српските провокации.[476]

Пограничните инциденти продолжиле во текот на месец октомври и биле предизвикани серија погранични инциденти. На 14 октомври српските војски влегле во бугарската територија и кај Власина заробиле еден војник кој бил испратен за Ниш, но по пат успеал да побегне. На 24 октомври две вооружени патроли и тројца артилерци навлегле во бугарската територија но биле запрени од тамошните војски, а на 27 октомври било стрелано кон секој забележан бугарски војник по граничната територија. За време на српскиот напад врз бугарската погранична територија првата жртва паднала на 30 октомври кај Гоин дол каде еден бугарски војник бил ранет, а другиот бил убиен.[477]

До крајот на октомври инцидентите на бугарската гранична територија станале секојдневие. Но кога веќе им станало јасно дека војната е неизбежна Штабот на армијата на Бугарија дал наредба да се атакуваат и прогонат српските војски во случај да се доближат до некој населен пункт на бугарската територија. На 1/13 ноември 1885 година граничниот инцидент кај Цветков гроб, бил повод

---

475 Ђорђевић Владан, Историја Српског-Бугарског рата 1885..с.122.
476 История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1971, с. 165.
477 Исто, с.166.

Србија да и објави војна на Бугарија.[478] Министерскиот совет се состанал во Ниш каде по одлуката за објавување војна била изготвена и нота која веднаш била предадена на грчкиот дипломатски агент во Софија Рангавис, кој бил заштитник на српските интереси во Бугарија. Негова задача била нотата да ја достави на бугарската влада. На 2/14 ноември министерот за внатрешни работи Илија Цанков ја предал нотата на главната команда во Пловдив каде Рачо Петров ја соопштил на кнезот Батенберг и Петко Каравелов.[479]

Со окружно писмо од 2 ноември, Цанков ги информирал и дипломатските претставници на големите сили во Софија за објавената војна од страна на Србија кон Бугарија.[480] Истовремено кнезот Батенберг од Пловдив испратил телеграма до султанот и големиот везир,[481] а на 2 ноември 1885 година издал Манифест до бугарскиот народ за објавување и почеток на српско-бугарската војна.[482]

Кралот Милан, придружен од началникот на штабот на армијата полковник Петрович и австриското воено аташе фон Пинтер, на 2/14 ноември пристигнале во Пирот каде била дадена воена директива. Според неа Моравската дивизија требало да ја премине границата, да го заземе Трн[483] и да се сретне со Шумадиската дивизија, која се движела од Пирот кон Трн. Коњаничката бригада требала да ја премине границата кај Одоровци и да стигне до линијата Становци-Извор.[484]

Дунавската дивизија по преминувањето на границата кај Милојковци и Гоин дол, според дадената директива, требала да го заземе Цариброд и да се пробие до линијата Вашан-Калотина. Дринската дивизија била ставена во резерва и се

[478] Венедиков Й. История на доброволците от Сръбско-българската война 1885 година, София, 1985, с. 86
[479] История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1971, с.170.
[480] Сръбско-българската война 1885, Сборник документи, Институт за Военна история при Генералния щаб на БНА, София, 1985, док. бр.130, с. 125-129.
[481] Външната политика на България, Документи и материали ...док. бр. 338, 339 , с. 641-643.
[482] Съединението 1885, Сборник от документи 1878-1886, София, 1985, док. бр. 490, с. 511-512.
[483] Ђорђевић Владан, Историја Српског-Бугарског рата 1885...с. 277.
[484] История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1971, с.174

стационирала кај Суковски мост, а Шумадиската дивизија по пробивањето кај Горна Држина требало да ја заземе височината "Кукла" кај Бански дол. Основната замисла на директивата била да се притисне бугарската армија од двете страни кај Сливница со што би ја принудиле да бара помирување и да се прекинат сите нејзини комуникации со Софија и Источнта Румелија.[485]

Коњаничката бригада успешно се пробивала во својот реон и еден ескадрон го насочила кон Одоровци, Смиловци и Петерлаш. Бугарската армија за одбрана на овој регион го ангажирала т.н Смиловски одред, а еден негов ескадрон бил испратен како засилување на Одровската чета (која била составена од околу 100 селани) кои требало да се поставаат по линијата Одоровци-Петерлаш.[486]

По судирот кој започнал на 2 ноември, а бил прекинат поради доаѓањето на ноќта, Бригадата со едниот ескадрон успеала да се пробие до Гухеновци, со другиот до позицијата пред Смиловци, а со третиот до Петерлашките височини. Ескадронот кој настапувал кон Петерлаш се судрил со бугарската чета од царибродскиот одред која била принудена да се повлече кон Комштица. Така врската со Дунавската дивизија била осигурана и патот кон Беренде - Извор бил слободен. Вечерта на 1 ноември командирот на Дунавската дивизија Јовановиќ, дал наредба на четите да се распоредат во реонот близу до границата со цел утрото на 2 ноември да се упатат кон Цариброд. Според планот десната колона заедно со артилериската требало да настапи прва за да го прикова противникот и да го повлече неговото внимание, додека левата колона требала да го заобиколи и да им го отсече патот за Драгоман. Но составениот план за дејствување пропаднал поради широкото распоредување на четите и задоцнетото предавање на заповедите.[487]

---

485 История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1971, с.175-176.

486 Кратка историја на Сръбско-българската война презъ 1885 година, Министерство на войната, Щабъ на войската - военно-историческа комисия,София, 1943, с. 15.

487 История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1971, с.176.

Кога кралот Милан со штабот пристигнал кај Суковски мост,[488] изразил големо незадоволство од неорганизираноста на Дунавската дивизија и издал наредба левата колона да ја премине границата без да ја чека десната. Бугарија за одбрана на овој регион го поставила Царибродскиот одред составен од една дружина, три чети и еден ескадрон. Тие биле под команда на капетан Попов. Позицијата на одредот била на линијата: северозападно од Цариброд, каде реката Лукавица се слева во реката Нишава и северните делови на планината Колар.[489]

Престрелката започнала кога Дунавската дивизија се доближила на околу 1500 метри, од предните бугарски постави. Бугарската војска била подложена на силен артилериски напад со што по наредба на командата се повлекле јужно и југоисточно од Цариброд.[490] На 2 ноември Србија го зазела Цариброд.[491]

Во наредните четири дена српските војски успешно се пробивале и биле заземени Трн, Врабча и Кула, а била утврдена положбата кај Драгоман и Брезник.[492] Успешно се одвивал и пробивот кај Видин,[493] но напредувањето се одвивало премногу споро. Ваквото одвивање на настаните, предизвикало незадоволство во Русија, која се плашела од можноста Србија да ги прошири воените операции по воените успеси и да ја занемари прокламираната цел т.е. воспоставување на Берлинскиот договор. Поради тоа се предвидувало да се направи чекор со што би се издејствувало српскиот крал да ги прекине воените операции. Според претпоставките во Петроград, бугарската војска требало да биде разбиена со што би се предизвикала реакција против кнезот и владата по што народот ќе се обрати за помош кај Русија. Со ова таа би добила можност за

[488] Ђорђевић Владан , Историја Српског-Бугарског рата 1885..с.293.
[489] История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1971, с.177.
[490] Исто, с.179.
[491] Кратка историја на Сръбско-българската война презъ 1885 година, Министерство на войната, Щабъ на войската- военно-историческа комисия,София, 1943,с. 96.
[492] Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Берон Петър...с. 37.
[493] Хуна Фонъ А. Борбата на Българитѣ за съединението си, Политическо военна история на Българо-румелийскитя събитиѣ въ 1885, Руссе, 1890, с. 101.

воспоставување на ново влијание во Бугарија. Овој план бил составен во Руското министерство за надворешни работи, а го подржале царот и Гирс.[494]

Но ситуацијата на военото поле видно се сменила. Српските војски биле поразени кај Сливница. Единиците на бугарските војски кои биле распоредени по границата, Сливничките позиции и оние кои се наоѓале кај Сливница во целост успеале да ја исполнат задачата која им била поставена и да ја задржат српската војска, до доаѓањето на војската од Румелија. Сливничката битка траела од 5 до 7 ноември 1885 година каде српската војска не успеала да ги пробие бугарските утврдени позиции.[495] Наредниот ден на 6 Ноември, српската команда добила вест дека Бугарите се обидуваат да го заобиколат српското лево крило, а тоа значело опасност за Цариброд каде се наоѓал кралот со Врховната команда. По ваквата информација кралот Милан наредил повлекување на Врховната команда во Пирот. Одлучувачки во ова борба кај Сливница бил третиот ден, 7 ноември. Бугарската војска успеала да ја заземе стратешката важна позиција т.н Три уши и да го потисне левото крило на српските војски. Ова значело опасност и за останатите сили, по што и тие морале да се повлечат. Битката кај Сливница била завршена, кралот Милан побегнал во Бела Паланка, а војските се повлекле кај Пирот.[496]

По повлекувањето кај Сливница, кралот Милан побарал од австро-унгарското воено аташе полковник Пинтер, кој се наоѓал во Врховната команда како посматрач да и пренесе на својата влада молба за итно склучување примирје. Известен за кралската молба, Гарашанин од Белград заминал за Бела Паланка. Тој бил убеден дека воената ситуација не била толку опасна и настојувал, да го наговори кралот да премине во напад. Наредбата за

---

[494] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.300.
[495] Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Берон Петър...с. 189.
[496] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.300-301.

повлекување до Пирот била отповикана,[497] а била донесена нова според која српските војски требало повторно да ја заземат положбата кај Драгоман.[498]

Пинтер бил замолен на австро-унгарската влада да ја пренесе одлуката од српската влада за продолжување на воените настани. Ваквиот тек на настаните не и се допаѓал на Русија како и на Портата, кои настојувале Србија и Бугарија да склучат примирје.[499] На 9 ноември 1885 година, Портата ги повикала српската и бугарската влада да склучат примирје. Но и двете одбиле. Портата истовремено дала прелог до бугарската влада за испраќање на царски комесар во Румелија, кој би ја презел управата до воспоставување на *status-quo*-то. Ова било повод Цанов на 11 ноември да испрати циркуларно писмо до големите сили во кое бара одложување на решавањето на румелискиото прашање се до крајот на српско-бугарската војна.[500]

По дводневно затишје, бугарската војска на 10 ноември извршила нов напад со кој успеала да ја потисне Србите до Драгоманските височини.[501] Бугарскиот успех повторно ги поматил плановите на кралот Милан, кој по враќањето на Нишавската армија кај Драгоман се охрабрил да дојде и до Цариброд. По ваквиот тек на настаните кралот свикал воен совет, на кој било решено армијата да се распореди по границата и да биде подготвена за една решителна одбрана. За командување на Нишавската армија бил поставен командирот на Моравската дивизија, а за началник на штабот бил назначен полковник К. Миловановиќ.[502]

Полковникот Тополовиќ издал наредба Нишавската армија да отстапи кон границата, а истата при повлекувањето да биде заштитена од Дринската дивизија, која одредено време била поставена на позициите кај Драгоман и Драгоил. Ноќта на 10 ноември српските дивизии отстапиле кон Цариград и само четири батаљона

---

[497] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.300-301.
[498] Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Берон Петър...с. 37.
[499] Кратка историја на Сръбско-българската война презъ 1885 година...с. 41.
[500] Исто, с.41.
[501] История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с. 187.
[502] Кратка историја на Сръбско-българската война презъ 1885 година... с. 41-42.

од Дринската дивизија останале на позициите, кои наредбата за отстапување на 11 ноември ја примиле доцна. Така бугарскиот преден одред лесно ги разбил четирите српски батаљони. Тие едвај успеале да се повлечат кај Цариброд и да се присоединат кон другите чети од дивизијата кај Планиница. На 11 ноември кај Цариброд се судриле српската и бугарската војска. Српската војска отворила оган кон бугарската војска од в. Бабина Глава. Бугарските војски брзо реагирале и му се спротиставиле на противникот. Кулминацијата на овие судири била борбата кај Нешков Врв каде на 12 Ноември бугарската армија го поразила 12-от Шумадиски полк и завладеала со височините.[503] Наредниот ден по наредба на српското главно командување Нишавската армија се повлекла кај Пирот.[504]

Бугарското главна команда по настојување на капетан Рачо Петров, одлучило да се продолжи со војната во пределите на српската држава. На 13 ноември, Бугарите започнале жестока борба и влегле во градот Пирот, од каде биле протерани српските војски.[505] Но добри и целосни резултати околу градот можеле да се постигнат по завладување на јужниот дел на Черен Врв, по што бил извршен атак во тој реон. На 14 ноември Бугарија завладеала со северниот дел на Черен Врв. По ова српските војски отстапиле во големо безредие.[506]

На 15 ноември се одвивале решителните дејствија во Пиротското бојно поле. Бугарија успешно напредуавла и завладеала со в. Сарлика. Ова послужило како сигнал за разгорување на борбата по целиот фронт. Бугарските воени крила се размрдале и започнале жесток судир на Пиротското бојно поле. Во ова време Дунавската дивизија поттикната од полковник Тополовиќ извршила силен противнапад врз бугарските дружини во Пирот. Српските војски започнале успешно да завладуваат со градот благодарејќи на неговата слаба одбрана и задоцнувањето на бугарските крила. По ваквиот развој на настаните капетан Кисов веднаш испратил на помош две од своите дружини кои се придружиле во

[503] Кратка историја на Сръбско-българската война презъ 1885 година...с.42.
[504] Венедиков Й. История на доброволците от Сръбско-българската война 1885 година, София, 1985, с.181.
[505] Исто, с.181.
[506] Кратка историја на Сръбско-българската война презъ 1885 година... с.56-57.

одбрана на Пирот. Дејствијата се промениле и српскиот противнапад на Пирот завршил безуспешно.[507]

По паѓањето на височината Кел Таш во бугарски раце и отстапувањето на бугарската дивизија кон Блато, Дунавската дивизија се повлекла кон Суводол. Бугарите дошле до Гнилјан по што на 15 ноември сите српски дивизии биле отфрлени од силните позиции кои го заземале.[508]

Српското главна команда по низата промени ја загубило надежта за успех во борбата со Бугарија. Единствен спас гледале во големите сили.[509] По тој повод на 16 ноември австрискиот пратеник Кевенхилер му соопштил на Александар Батенберг[510] дека волјата на Големите сили е да се прекине војната, а во спротивно ќе бидат пресретнати од австриските војски.[511] Немајќи друг избор бугарските воени началници биле принудени да ги прекинат воените дејствија и да го прифатат предлогот за примирје.[512] Според усмениот договор тоа значело прекин на непријателствата и воените дејствија. Склучувањето на формалниот договор за мир било оставено на Бугарија и Србија, кои требале да се договорат по пат на непосредни договори.[513]

---

507 Кратка историја на Сръбско-българската война презъ 1885 година... с. 58-64.
508 Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Берон Петър...с.195.
509 Кратка историја на Сръбско-българската война презъ 1885 година... с, 64-68
510 Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Берон Петър...220.
511 Сръбско-българската война 1885, Сборник документи ...док. бр.165, с.159-160.
512 Външната политика на България, Документи и материали ...док. бр.348, с. 657-658.
513 Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.303.

*IV.7. Преговорите за мир и склучување на Букурешкиот мировен договор*

По поразот на српските војски кај Пирот, на 16 ноември 1885 година по наредба на Виена кај бугарската Главна команда пристигнал австро-унгарскиот дипломатски претставник во Белград, Кефенхилер. Од името на големите сили, посебно од Австро-Унгарија, Германија и Русија, побарал од кнезот Александар Батенберг да ги сопре воените дејствија, во спротивно се заканил со напад од страна на австриските императорски војски.[514] Кнезот бил принуден да го прифати овој ултиматум.[515] Истиот ден И. Цанов соопштил со нота до големиот везир и европските држави дека Бугарија како одговор на декларацијата на Кефенхилер[516] ги прекинува воените дејствија и спремна е да започне со преговорите за примирје.[517]

Кефенхилеровата мисија била неповолно примена во Петроград но и во Берлин. На Австро-Унгарија и било замерено што не ги консултирала големите сили при донесување на одлуката, а особено што и се заканила на Бугарија со руска окупација и австроунгарска на Србија. Калноки во својот одговор ја бранел Кефенхилеровата мисија[518] и тврдел дека нивна единствена цел била на ефикасен начин да обезбедат примирје и притоа истакнал дека во иднина неговата влада и понатаму ќе води сметка за важноста на примирјето и потребата од претходни консултации. По ова Гирс му испратил писмо во кое истакнал дека и во иднина ќе смета на лојалноста на Австро-Унгарија и дека верува во неговата способност да ја спречи Србија да го наруши примирјето. До вакво нарушување дошло ноќта на 16 ноември кај Видин, кога српската војска го нападнала градот.

---

514 История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.191.
515 Сръбско-българската война 1885, Сборник документи ...док. бр.167, с. 161.
516 Външната политика на България, Документи и материали ...док. бр. 346, с. 655-656.
517 Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Берон Петър...с. 220
518 История на Сръбско-българската война 1885 година...София, 1925, с. 759.

Ова бил последниот обид на Србија да го изненади својот непријател и на тој начин да се обиде да го сруши. Но бугарските војски го следеле секој нивен чекор. Каравелов дал наредба на своите војски[519] во случај на нов напад на Видин,[520] да настапат по целата линија. Истата вечер Калноки дал ветување дека Србија ќе го почитува примирјето. Дента кога е прифатено примирјето се одржала последната седница на Цариградската конференција. Не можејќи да се договорат за начинот на решавање на прашањата делегатите одлучиле наредниот состанок да го одложат на неодредено време.[521]

Основното прашање за кое се дискутирало на седницата било примирјето помеѓу Србија и Бугарија. На почетокот кралот Милан и Гарашанин сакале времето добиено со примирјето да го искористат за собирање и наоружување на војската со цел да се продолжи војната. Генералот Хорватовиќ бил поставен за началник на Врховната команда, а биле преземени мерки за набавка на оружје и муниција од странство. На Кралот и Гарашанин им одговарала разликата во ставовите која излегла на површина веднаш во преговорите помеѓу Србија и Бугарија. Ставот на Бугарија бил српската војска да ја напушти бугарската територија, а тие да останат на позициите до 16 ноември и по потпишување на примирјето да бидат именувани помошниците за склучување на мирот. Но српскиот предлог бил двете војски да останат на позициите и да не се врши нивно прегрупирање. Прашањето за мир не требало да биде дел од конвенцијата за примирје. Ваквиот став српската влада го правдала со изговорот дека мирот е политичко прашање и за него нема место во воената конвенција.[522]

Австро-унгарското министерство за надворешни работи почнало да ја открива вистинската причина за српското одолговлечување. Од Виена веднаш стигнало предупредување до Србија да не презема нови подвизи, затоа што тоа било спротивно на нивните интереси. Во исто време од Виена било испратено

---

519 Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.304.
520 Външната политика на България, Документи и материали ...док. бр. 349, с. 658-659.
521 Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.304-305.
522 Исто

предупредување и до бугарската влада во кое Австро-Унгарија се заканила со напад на нивната војска во случај тие да преземат поход врз Србија. Ова било предизвикано од добиените вести за префрлување на големи количини на воен материјал во Бугарија.[523]

На 24 ноември Србија го испратила последниот предлог во кој ја повикала бугарската влада да одреди комисија за одбележување на демаркационата линија и неутралната зона. Бугарија следниот ден дала одговор во кој навела дека останува на своите поранешни предлози и во случај на неприфаќање на нејзините барања во рок од 24 часа ќе побара интервенција од големите сили.[524]

Калноки презел иницијатива во Петроград. Предложил план според кој требало да се изврши притисок во исто време врз Србија и Бугарија, со цел да се склучи примирјето. Гирс ја истакнал и потребата да се спроведе демобилизација. Пред да го одбие српскиот предлог, Калноки им предложил план со кој лесно можело да се дојде до примирје и да даде изјава со која ќе се согласи воените прашања да ги остави на европската воена комисија, чии одлуки однапред ќе ги прифати доколку со нив се согласи и Бугарија. Според Гарашанин прифаќањето на овој предлог би значело капитулација и го отфрлил во целост, но под притисок на кралот и кралицата го прифатил. Сепак во циркуларната нота која ја испратил до Големите сили на 26 ноември, тој не споменувал никаква воена комисија, нагласувајќи само дека Србија е спремна да прифати секакво политичко решение кое е во согласност со интересите на земјата. Големите сили не сакале да пратат комисија без да добијат целосна сигурност дека нејзината работа ќе биде успешна. Поради ова на 2 декември била побарана свечена изјава со која се согласуваат однапред да ги прифатат одлуките на комисијата. Гарашанин истиот ден дал изјава за согласност но со резерва, според која побарал исклучување на

[523] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.305.
[524] Вучковић В.Ј. Дипломатска историја српског-бугарског рата (1885-1886), Београд , 1956, с. 57-60.

сите услови кои биле од политичка природа од текстот на конвенцијата и прифаќање на истата од бугарска страна.[525]

Бугарија на секој начин се обидувала да не го прифати предлогот и свесна за српските припреми за војна, се заканувала со обновување на воените дејствија. Бугарскиот кнез од Каравелов на 1 декември побарал одобрување следниот ден да ги нападне српските единици.[526] Цанов во меѓувреме интервенирал кај Бигелбен и следниот ден добил одговор од Калноки во кој било наведено дека Србија нема да ја продолжи војната и ќе склучи мир. Цанов на 3 декември испратил циркуларна нота до Големите сили во која барал бугарските делегати да имаат ист статус како и српските и силите да не дозволат обновување на воените дејствија туку да се заложат нејзината војска да се повлече од бугарската територија.[527]

Следниот ден Калноки му испратил писмо во кое истакнал дека во комисијата нема да има ни српски ни бугарски делегати и истата ќе ја земе во предвид бугарската победа. Големиот везир го советувал Александар Батенберг да се согласи со одлуките на силите, а претставниците на Австро-Унгарија, Германија, Русија и Италија, на 6 Декември испратиле колективна нота до Цанов во која барале категоричен одговор за прашањето дали бугарската влада има намера да ги прифати одлуките на комисијата или не. Потврдниот одговор го добиле од бугарската власт наредниот ден.[528]

Членовите на комисијата се состанале во Виена на 2 декември. Сите биле сложни околу потребата за повлекување на двете војски на својата територија, така што српските сили како победени требало први да се повлечат. На 4 декември комисијата од Виена тргнала за Пирот, каде пристигнала по два дена и

525 Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с. 306.
526 Исто, с.306.
527 Външната политика на България, Документи и материали ...док. бр. 376, с. 690-693.
528 Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.306.

веднаш започнала со работа. Согласност околу условите била постигната уште во Виена, па комисијата брзо ја завршила својата задача.[529]

Комисијата во периодот од 6-9 декември 1885 година имала вкупно 6 заседанија. Во неа учество зеле претставници на шесте големи сили и Османлиската империја.[530] За претседател на меѓународната комисија бил избран полковник Черути. Големите сили сметале дека комисијата ќе ги исполнува функциите на прекинатата Цариградска конференција.[531]

Со воената конвенција било утврдено примирјето да трае од 9 декември 1885 до 17 февруари 1886 година.[532] Ако мирот до тогаш не бил склучен примирјето автоматски ќе се продолжело. Доколку некоја од страните ќе посака да го прекине примирјето после 17 февруари била должна за тоа да ја информира спротивната страна, десет дена пред обнова на непријателствата. По должината на границата била создадена неутрална зона со широчина од три километри.[533] Делегатите за преговори за мир требало да бидат веднаш именувани, а на заседанието на 9 декември биле повикани и полномошниците од Србија и Бугарија, полковник Топаловиќ и капетан Панов.[534] По потпишувањето на примирјето на 9 декември 1885 година, во Пирот започнало повлекување на војските.[535] Српската војска се повлекла од околината на Видин, а бугарската војска од опустошениот Пиротски округ притоа земајќи со себе се што може да се понесе. По враќањето на српските војски во Пирот на 15 декември, започнала пресметка на Србите со пиротските граѓани за кои постоел сомнеж дека им помагале на бугарските војски за време на окупацијата. Ваквата акција ја предводел новоназначениот воен комесар мајор Светозар Магданелиќ. Во пресметката настрадале многу невини луѓе, дел од

529 Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 307-308.
530 Митев Йоно, Съединението 1885...с. 415.
531 Исто, с. 416.
532 Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Берон Петър...с. 177.
533 Външната политика на България, Документи и материали ...док. бр.381, с. 699-700.
534 Самарџић Момир, Од Сан Стефана...с. 307-308.
535 История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава...с.192.

пиротските бугарофили се повлекле од Пирот[536] со бугарската војска, а дел од населението било иселено во внатрешноста на Србија.[537]

Претставниците на Големите сили правеле напори мировните преговори да започнат побрзо, но тие започнале дури на 23 јануари 1886 година. За одолговлекување на почетокот на преговорите била одговорна Србија. За кралот Милан и Гарашанин потпишувањето на примирјето не значело и желба за брзо потпишување и на мировниот договор. Тие составиле план за продолжување на подготовките за војна. По истекувањето на примирјето требало да преминат во напад. За придобивање на народот за ваквата политика претходно било потребно да се придобијат политичките лидери, но обидот пропаднал. Ставот на либералите бил дека во овој период на Србија и бил потребен мир без понатамошни жртви. По овој неуспех кралот одлучил да ги рехабилитира радикалите. За таа цел отишол лично да разговара со Перо Тодоровиќ и му ја презентирал идејата за создавање на радикално напредна коалиција, кој би овозможила општа мобилизација. Тодоровиќ ја прифатил ова идеја по што бил објавен указ на 1 јануари 1886 година, со кој се помилувале радикалите осудени за Тимочката буна со исклучок на оние кои побегнале од земјата. Но и покрај заложувањата на Тодоровиќ, до договор не дошло, затоа што главниот одбор на партијата на состанокот одржан во февруари во Ниш не го прифатил договорот за коалиција.[538]

По потпишување на примирјето, Портата како сизерен на Бугарија побарала и таа да учествува во склучувањето. Бугарскиот кнез истовремено бил информиран за посетата во Софија на делегатот на Портата Меџид-паша. Кнезот Александар се обидел ова да го спречи истакнувајќи дека на Бугарија не и треба помош од Портата и таа не треба да се грижи ни за воспоставување на мирот.[539] Но и покрај ваквиот став на кнезот, Меџир-паша пристигнал во Софија. Батенберг

[536] Во Пирот денес има Бугари.
[537] Самарџић Момир, Од Сан Стефана... с. 307-308.
[538] Исто, с.308
[539] Външната политика на България, Документи и материали ...док. бр. 370, с. 681.

не сакајќи да ги наруши контактите со Портата попуштил.[540] Покрај турскиот делегат, бил одреден и бугарскиот но двајцата имале само еден глас. Српската влада го прифатила ова решение.[541]

По потпишување на примирјето, останало само уште едно нерешено прашање, а тоа било одредување на местото каде ќе се водат мировните преговори. Бугарија ја предложила Софија, Портата Цариград, а Србија Белград, Ниш или Пирот. Ваквите предлози биле логични затоа што престиж за секоја земја е да нејзината престолнина биде место каде ќе се одвиваат мировните преговори. Но големите сили преферирале тоа да биде некое неутрално место. Велика Британија го предложила Букурешт, Австро-Унгарија пак била за некое помало романско гратче каде претставниците на Големите сили не би можеле да вршат влијание на преговорите.[542] Германија и Русија го прифатиле британскиот предлог, како и Србија која во почетокот на јануари го пренела на Портата. Турскиот претставник Зија-беј на 13 јануари ја известил српската влада дека и Портата го поддржува дадениот предлог.[543]

Спороста со која се пристапило кон припремите на преговорите за мир, ја зголемиле загриженоста на силите од можното обновување на воените дејствија, иако двете страни ги демобилизирале поголемиот дел од своите војски. Непостигнувањето на договор за местото на преговорите до крајот на декември, ќе биде причина големите сили со заедничка нота од 30 декември 1885 година да им соопштат на владите во Белград, Софија како и Атина дека со спроведувањето на една општа демобилизација би се отфрлила опасноста од обновување на војната.[544] Но ниедна од трите балкански земји не била спремна тоа да го направи. Ваквата одлука не била во согласност со српските планови за продолжување на војната. Бугарија пак се сомневала дека Србија врши подготовки за војна, а Грција се надевала на територијална компензација до која

[540] Вучковић В.Ј. Дипломатска историја српског-бугарског рата (1885-1886), Београд , 1956, с.74-75.
[541] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с. 308.
[542] Исто, с.308.
[543] Вучковић В.Ј. Дипломатска историја српског-бугарског рата ...с. 80,88.
[544] Външната политика на България, Документи и материали ...док. бр.391, с. 711-712.

би дошло полесно со одолговлекување на демобилизацијата. По ова одбивање, на 19 јануари 1886 година големите сили направиле нов заеднички чекор и повторно побарале од балканските држави, да ја прифатат демобилизацијата. Во нотата било нагласено дека онаа земја која ќе го наруши примирјето, ќе се соочи против цела Европа и никакви територијални промени нема да бидат дозволени. Кралот Милан бил спремен да го добие и ова барање но меѓувремено во Белград пристигнале вознемирувачки вести за посетата на црногорскиот кнез Никола на Петроград, како и веста за непосредниот договор помеѓу Османлиската империја и Бугарија, за румелиското прашање. Кнезот Никола во Петроград го повикал и својот зет Петар Караѓорѓевиќ кој преку Виена требало да отпатува за Русија. Ваквите дејствија кралот Милан ги окарактеризирал како уште една интрига на Русија насочена против него, со која кнезот Никола се фаворизира како иден бугарски кнез, а својот зет како иден српски крал. Но овие претпоставки се покажале како неточни. Во руската престолнина на црногорскиот кнез му било советувано да не започнува никаква акција, бидејќи зачувувањето на мирот на Балканот било од големо значење. На другата страна пак преговорите помеѓу Портата и Бугарија започнале во декември 1885 година. Во овој месец траело усогласувањето на ставовите, а на 18 јануари 1886 година, Портата со циркуларната нота им го соопштила текстот на договорот на Големите сили, барајќи од нив да овластат делегати кои на една конференција би го одобреле. Според одредбите на договорот, кнезот Александар би бил поставен за Генерален гувернер на Источна Румелија на рок од пет години, а потоа султанот со ферман, ќе го продолжел овој мандат на уште пет години. Бил договорен и одбранбен сојуз помеѓу Османлиската империја и Бугарија, во случај на напад на некоја од нив. Овој договор ги разнишал плановите за обнова на војската на кралот Милан и Гарашанин.[545]

Мировната конференција започнала со работа на 23 јануари,[546] а траела се до 19 февруари 1886 година.[547] Се одржале вкупно 10 заседанија.[548]

[545] Самарџиќ Момир, Од Сан Стефана....с.309-310.
[546] Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Берон Петър...с. 43.

Османлиската империја ја преставувал Меџид-паша, Србија Чедомир Мијатовиќ, а Бугарија Ев. Гешов. Српските барања останале исти како и претходно: враќање на *status-quo*-то или територијална компензација. Мијатовиќ според упатствата кои ги добил од српскиот врв, барал Бугарија да го признае правото на Србија врз своите територии. Мировниот договор требало да ги реши и трговските односи. Емигрантите и железницата не биле прашања за кои Гарашанин сакал да се дискутира на конференцијата и притоа на Мијатовиќ му дал упатство да го консултира за се што е надвор од предвидените рамки. Во тек на преговорите, српската влада се откажала од решавање на румелиското прашање. Бугарската влада која на почетокот претендирала на територијална компензација сега се откажала и од Србија побарала воена оштета од 25.000.000 фунти, со рок на исплата од пет години.[549] Но овие бугарски барања биле преамбициозни, тоа го знаеле и самиот кнез и министрите. Србија во никој случај не би пристапила кон исплата на оштета, а Големите сили не би направиле напор да ја натераат на послушност. Доколку Бугарија останала на своите барања мирот никогаш не би бил потпишан. Од друга страна кнезот и бугарската влада не би смееле да отстапат од овие барања поради бугарското јавно мнение. Александар немајќи друг избор го замолил Калноки, преку претставникот на Големите сили во Букурешт да влијае врз Гешов да се откаже од овие барања, а во нивна замена да се стави можноста за признавање на соединувањето. Бугарскиот кнез дал изјава во која истакнал дека е спремен во рок од 24 часа, да ги заклучи преговорите но бил загрижен од српското наоружување и утврдување на границата.[550]

Подготовките на Србија за продолжување на војната не останале незабележани од Големите сили. Калноки на 3 февруари во разговор со Гарашанин, ја истакнал опасноста на која се изложува Србија во случај на воен напад и одолговлекување на преговорите. Овој став го подржале и Германија и Велика Британија. Но Гарашанин ги отфрлил сите обвинувања истакнувајќи дека

---

[547] Манчев Кръстьо, История на Балканските народи (1878-1918), том 2, София, 2006, с. 85.
[548] История на Сърбско-българската война 1885, София, 1971... с. 433.
[549] Външната политика на България, Документи и материали ...док. бр. 394, с. 715-716.
[550] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.310.

подготовките немале карактер на мобилизација, а за одолговлекување на преговорите ја обвинил Портата.[551] Во овој случај Србија била во право, Портата навистина била причина за одолговлекување на преговорите. На првиот ден на конференцијата, се покажало дека турскиот делегат нема полномошно, кое успеал да го добие дури по една недела. Откако го добил полномошното бугарскиот предлог за договорот го читал член по член. Ваквиот тек на конференцијата предизвикал нервоза кај кралот Милан, кој дал наредба Мијатовиќ да не присуствува на заседанието додека Меџид-паша не заврши со соопштување на бугарскиот предлог. Не присуството на српскиот претставник на седницата можело да доведе до прекин на конференцијата. Но по два дена ставот бил сменет со нов во кој се истакнало дека Србија го прифаќа бугарскиот предлог. На ова промена влијаеле неколку постапки. На состанокот кој бил одржан во Ниш од страна на радикалите, била отфрлена можноста за соработка со демократите. Ова лесно можело да доведе до внатрешни немири.[552] Покрај тоа економската положба на Србија била во незавидна положба, па покривањето на трошоците за издржување на војската станувало проблем. Особено била важна пораката која ја испратила *Лендербанка* (српски заемодавач) до кралот Милан во кој се оградува од одговорноста доколку во скоро време не дојде до склучување на мирот.[553] На 5 февруари османлискиот претставник Зија-беј ја информирал српската влада дека Портата за своја одговорност ја смета одбраната на Бугарија која претставува составен дел од царството и притоа била замолена Србија да ги забрза мировните преговори.[554]

На заседанието кое се одржало на 10/22 февруари, српскиот делегат Мијатовиќ, го презентирал српскиот предлог на големите сили како и на Портата. Во него тој предлагал мировниот договор да се состои од само еден член, во кој ќе се воспостави мирот помеѓу Српското кралство и Бугарското кнежество кој престанал на 2/14 ноември 1885 година. Повеќето од дипломатските

[551] Вучковић В.Ј. Дипломатска историја српског-бугарског рата ...с.91.
[552] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.311.
[553] Вучковић В.Ј. Дипломатска историја српског-бугарског рата ...с.91-92.
[554] Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.311.

претставници на големите сили во Софија ги посоветувале бугарските власти да го прифатат единствениот член за мировниот договор, предложен од Србија. Бугарија не сакајќи да се спротистави на барањата на големите сили[555] и не сакајќи да ги насочи против себе во време кога прашањето за соединувањето се уште не било решено, се согласила за српскиот предлог кој требал да биде земен како база за конечно формулирање на мировниот текст.[556]

Со неколку измени и дополнувања предлогот на Србија бил прифатен како конечен текст на Мировниот договор. На 19 февруари / 3 март 1886 година во Букурешт полномошниците на Бугарија и Србија (Гешов и Мијатовиќ) и на Османлиската империја (А.Маџид) го потпишале мировниот договор.[557] Овој ден претставувал и годишница од потпишување на Санстефанскиот договор. Со него бил воспоставен мир помеѓу Кралството Србија и Кнежеството Бугарија,[558] кој стапил на сила веднаш по потпишувањето на договорот.[559] Овој акт требало да се ратификува, а ратификациите да се разменат во Букурешт, во рок од петнаесет дена или порано ако тоа било возможно.[560] Ден по потпишувањето на договорот, во Белград кралот Милан издал наредба за демобилизација. Истото е направено и во Бугарија.[561]

Карактеристично е да се напомене дека Србија и нејзините претставници, не дозволиле во Мировниот договор да се спомене дека Србија е поразена ниту пак признавале какво и да било обединување на победникот во војната - Бугарија. Ваквиот став предизвикал незадоволство кај бугарските патриоти но сепак преовладале оние кои овој договор го сметале за голема можност за развиток на добро соседските односи помеѓу двете земји.[562]

---

555 Външната политика на България, Документи и материали ...док. бр.441, с. 766-768.
556 История на Сърбско-българската война 1885, София, 1971... с. 434-435.
557 Historical Dictionary of Bulgaria, second edition, Raymond Detrez, Historycal Dictionary of Europe, no. 46, The Scarecrow press, inc. Lanhom, Maryland , Toronto, Ohford , 2006, s.405.
558 История на Сърбско-българската война 1885, София, 1971... с. 435.
559 Пржић Илија, Спољашна политика Србије (1804-1914)...с. 113.
560 Actes et traitès internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghènov…s. 338-344.
561 Самарџић Момир, Од Сан Стефана....с.312.
562 Кратка историја на Сръбско-българската война презъ 1885 година...с. 75.

Истовремено со преговорите во Букурешт биле водени и преговори за решавање на румелиското прашање. Но и покрај тоа што се создале услови за признавање на соединувањето и од Османлиската империја, сепак формулата за персонална унија предизвикала несогласувања. Батенберг одбил да ја прифати бидејќи според Берлинскиот договор, требало да биде преназначуван од султанот за управител на Румелија на секој пет години. Русија пак барала во договорот наместо Александар како генерален гувернер да стои само бугарски кнез. Русија воедно барала и да се отфрли одредбата за воен сојуз, кнезот кој го поставувал султанот да биде одбран по претходна дозвола од силите и ревизијата на органскиот статут на Источна Румелија да биде дадена на меѓународна комисија, а не на претставници на Османлиската империја и Бугарија. Со ова јавно дала порака дека е против останувањето на Батенберг на престолот. Согледувајќи ја моменталната ситуација, Османлиската империја сфатила дека соединувањето е свршен факт, при тоа решила да побара територијална компензација од Бугарија и редица други права меѓу кои било и барањето за командување на бугарската армија.[563]

Помирувањето меѓу Османлиската империја и Бугарија требало да биде санкционирано од Големите сили. За таа цел била свикана конференција. По долгите преговори на 24 март /5 април 1886 година,[564] во дворецот Топхане во Цариград бил потпишан т.н. Топхански акт.[565] Поради упорноста на Русија некои нејзини барања биле прифатени. Така во актот не бил споменат кнезот Александар и била отфрлена одредбата за воениот сојуз, но измените на органскиот статут биле дадени на турско-бугарска комисија. Со ова фактички соединувањето на Бугарија добило меѓународно признание и било ставено крај на кризата отворена со Пловдивскиот преврат.[566]

---

[563] История на Сърбско-българската война 1885, София, 1971... с. 437.
[564] Historical Dictionary of Bulgaria, second edition, Raymond Detrez, Historycal Dictionary of Europe, no. 46, The Scarecrow press, inc. Lanhom, Maryland , Toronto , Ohford , 2006, s.437.
[565] Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913)...с. 82.
[566] История на Сърбско-българската война 1885, София, 1971... с. 439-440.

Гледано од денешна перспектива, може да се заклучи дека одлуката на кралот Милан, за започнување на војна со Бугарија е брзоплета, донесена врз основа на недоволен број на факти и премногу субјективност. Меѓутоа, стравот на српскиот крал од создавање на Санстефанска Бугарија бил оправдан. Пловдивскиот преврат ги потврдил сомнежите на кралот Милан. Погрешен бил начинот на кој била донесена одлуката за објавување на војна со Бугарија и цврстиот став за непромена на истата, иако било извесно дека Србија нема поддршка од ниедна голема сила.

Српско-бугарската војна, преставува кулминација на лошите односи помеѓу Србија и Бугарија во годините по Берлинскиот конгрес. Со потпишувањето на Букурешкиот мир, биле прекинати непријателствата помеѓу двете држави и се отворила можност за развој на добрососетски односи. Меѓутоа во почетокот на XX век, по прогласувањето на независноста на Бугарија во 1907 година, почнале да растат бугарските апетити по прашањето за Македонија. Тука се судриле интересите на Србија, Бугарија и Грција, кои започнале жестока агитација. Борбата за превласт на пропагандите на Србите и Бугарите во Македонија, довело до повторно заострување на српско-бугарските односи.

# *ЗАКЛУЧОК*

Процесот на национална еманципација и афирмација на балканските народи кој започнал во XIX век, произлегол од длабоката внатрешна политичка и општествена криза на османлискиот систем, од развојот на националната свест и продорот на надворешно европскиот фактор на балканското подрачје. Од овој процес се развила борбата на балканските народи за економско и политичко ослободување, која се манифестирала во формирање на нови држави и национални друштва на Балканот. Таа се одвивала во постојан судир на внатрешните и надворешните, динамичните и статичните сили. Од тука всушност произлегол и борбениот и револуционерен карактер на политичкото формирање на балканските држави пред се на Бугарија и Србија, чии меѓусебни односи се уредувале од едно особено право - меѓудржавното право.

Тенденцијата на Србија да го доврши процесот на национално осамостојување ќе има големо влијание врз раздвижување на бугарското ослободително движење. На почеток Србија и Бугарите делувале заедно со една единствена цел - ослободување од османлиската власт. Меѓутоа откако Србија го добила својот суверенитет, започнала да ја јакне својата политичка моќ. Со тоа се зголемила нејзината желба за територијално проширување за сметка на своите соседи меѓу кои е и Бугарија. Сé повеќе се зголемувал отпорот на српското општествено мнение против Бугарија, умерените елементи во него полека умирале, а се повеќе јакнело воинствено настроените. Кралот Милан бил еден од ретките кој останал мирољубив во вакви моменти, но внатрешните фактори, како и стравот од можноста за губење на популарноста кај српските народните маси, ќе биде причина тој да ја смени својата политика и да преземе по радикални мерки.

Во историјата на односите помеѓу српскиот и бугарскиот народ во втората половина на XIX век, главна пресвртница претставува 1878 година во која е ставено крај на Големата источна криза, потпишан е Санстефанскиот прелиминарен договор и бил одржан Берлинскиот конгрес. Растргната помеѓу своите интереси и желби, Србија по војните 1876-1878 година, добила мало територијално проширување за разлика од нејзините очекувања. Таа ги добила Ниш и Лесковац, но не и Пирот и Врање. Наспроти тоа со потпишувањето на мировниот договор во Сан-Стефано, таа се соочила со реалноста од создавање на голема Бугарска држава. Со неа Србија станала второстепена држава на Балканот. Таквиот развој на настаните преставувал крај на сите српски очекувања за обединување на целиот српски народ на просторот на Османското царство. Меѓутоа судирот на интересите на големите сили го спречиле неповолниот тек на настаните за Србија. Како резултат на тоа компромисот бил разделување на Санстефанска Бугарија на три дела и формирање на вазално Кнежество Бугарија и автономна провинција Источна Румелија.

Решенијата на Берлинскиот конгрес оделе во прилог на интересите на Србија, која со помош на Австро-Унгарија издејствувала и територијално проширување. Сепак стравот од повторно создавање на голема бугарска држава останал и понатаму. За разлика од Србија, одлуките донесени на конгресот во Берлин преставувале голем удар за Бугарија. Незадоволството било присутно низ целата држава и се изразило низ бројни митинзи, демонстрации и протесни мемоари до големите сили.

Принудени да се потчинат на решенијата на Берлинскиот конгрес, Бугарите не се откажал од идејата за полно национално обединување. Тие ги насочиле своите дејствија најпрвин кон остварување на првата етапа од националната програма – соединување на Кнежеството Бугарија со Источна Румелија. За таа цел е создадено обединувачко движење, кое има карактер на општонационален порив. Тоа се изразува во неколку иницијативи за прогласување на обединување на

Бугарија, во постојаната пропаганда во насока на идеалот за една држава и востановување на блиски врски меѓу кнежеството и автономната област.

При проучување на развојниот правец на државната политика на Србија кон Бугарија и бугарското прашање од Одринското примирје до српско-бугарската војна, може да се заклучи дека помеѓу споменатите настани може да се повлече една права линија, односно корените на војната се наоѓаат во одредбите на Санстефанскиот мировен договор. Иако односите на српската и бугарската држава во првите години по Берлинскиот конгрес и воспоставување на дипломатските односи го задржале привидот на коректност, сепак антагонизмот на водечките политички кругови на двете држави бил постојано присутен.

Со воспоставување на дипломатските врски помеѓу Србија и Бугарија, навидум биле стабилизирани меѓусебните односи. Разграничувањето помеѓу нив претставувал проблем број еден во текот на 1879 година. Ова прашање останало нерешено повеќе од една година, што јасно покажува за спротивностите кои постоеле помеѓу српските владеачки кругови и интелигенција од една и руско-бугарските претставници од друга страна. Начинот на кој границата конечно била обележана, протерувањето на српските цивилни власти од окрузите кои со разграничувањето и припаднале на Бугарија и притисокот на рускиот делегат во комисијата на старата граница за не промена на граничната линија во корист на Србија, го покажал се поголемиот јаз помеѓу ставовите на српската влада и нејзиниот повеќегодишен заштитник Русија. Во српско-бугарскиот спор за обележување на границата, Русија целосно ја поддржала Бугарија на чија иницијатива биле протерани српските управни власт од Брезничкиот и Трнскиот округ. Ваквиот однос на Русија ќе ја принуди Србија да и сврти грб и заштита за своите интереси да побара кај Австро-Унгарија. Интересот на Австро-Унгарија на Балканот бил во иста насока со српскиот, односно поделбата на Голема Бугарија и одело во прилог, будејќи со тоа е намалено руското влијание на Балканскиот Полуостров. Меѓутоа како поминувало времето, до израз ќе дојде дволичната

политика на Австро-Унгарија кон Србија. Таа е одразена во договор на тројцата императори (Русија, Австро-Унгарија и Германија) од 1881година.

Движењето за обединување било присутно и во текот на наредните години. Државниот преврат во Кнежевството од 1881 година, има неблагопријатно влијание врз движењето. Суспендирањето на Трновската конституција и поврзаните со неа внатрешнопартиски борби го ставаат во втор план националното прашање. Источнорумелиската општественост со незадоволство ги примило монархистичките претензии на кнезот Александар Батемберг и сето тоа ќе доведе до заладување на односите помеѓу двете бугарски држави. Под влијание на прогонетите либерали од кнежевството, источнорумелиската либерална партија ја издигнала идејата за претворање на провинцијата Источна Румелија во центар на движењето за обединување на бугарскиот народ.

Софиската влада наредната 1882 година прави обиди за јакнење на идејата за обединување, која требало да послужи за издигнување на авторитетот на кнезот Александар Батенберг. Во Источна Румелија за таа цел е основан специјален весник и е назначен кнежевски политички агент за организирање на пропагандата. Меѓутоа различните чекори во овој период за воспоставување на блиски контакти помеѓу двете бугарски држави останале без резултат се до почетокот на 1884 година кога ќе биде воспоставен конституционалниот режим во кнежеството, а движењето ќе ја достигне својата кулминација. Во цела Источна Румелија биле организирани митинзи и демонстрации кои го опфатиле и Кнежството Бугарија. Ваквите настани предизвикале неспокојство кај Портата и големите сили кои будно го следел секое движење.

Подемот на движењето за соединување во Бугарија внел немир кај српскиот крал Милан и неговата влада. Ваквите дејствија тие ги сметале како доказ дека Бугарија нема никаква желба за развој на добрososedските односи со Србија. До значајни промени во српско-бугарските односи ќе дојде по Тимочката буна и премин на бунтовниците од Србија во Бугарија. Покрај молбата на српскиот крал и

влада до бугарскиот кнез и раководство, за оддалечување на српските емигранти од границата, тоа не било направено. Напротив бугарските власти им дале дозвола за враќање на емигрантите во пограничните села. Ваквите постапки предизвикале незадоволство во Србија, бидејќи опасноста од упад на српските емигранти на чело со Пашиќ била голема. Воедно во Србија покажале загриженост за контактите кои Никола Пашиќ со посредство на митрополитот Михаил ги имал со Русија и обидите да воспостави соработка со династијата Караѓорѓевиќ, со една и единствена цел - симнување на кралот Милан од престолот. По ваквите вести кралот Милан отворено го искажал своето незадоволство и за последен пат пред бугарската влада го поставила прашањето за оддалечување на емигрантите од границата. Бугарската влада одговорила со отворање на бреговското прашање. Како последица од бреговската криза, по пет години од воспоставување на дипломатските односи помеѓу Србија и Бугарија во 1884 година ќе дојде до нивен прекин.

По прекинот на дипломатските односи, во Србија почнале да добиваат информации за настојувањето на Егзархијата да добие берати од султанот за заземање нови епископски места во Македонија како и за припремите на Бугарите за обединување. Секој успех на Бугарија поврзан со прашањето за обединување, претставувал опасност за државните интереси на Србија. Српскиот крал Милан и претседателот на српската влада М. Гарашанин, во овој период за најголем непријател на својата држава на Балканот ја сметале Бугарија. Токму затоа ја истакнале неопходноста од соработка со другите држави кои се исто така загрозени од бугарските аспирации. Планот кој Гарашанин го составил во март 1885, требало да ги зајакне српската просвета и српското влијание во Стара Србија и Македонија.

Во периодот кога во Белград се уште размислувале за начинот на остварување на планот на Гарашанин и кога очекувале упад на емигрантите од територијата на Бугарија, се случил Пловдивскиот превват на 6 септември 1885 година со кој е прогласено обединување на Кнежеството Бугарија со Источна

Румелија. Со обединувањето бил нанесен првиот сериозен удар на одредбите донесени на Берлинскиот конгрес. На почетокот движењето било замислено како-ослободување на Македонија која потоа ќе влезе во состав на обединета Бугарија. Но поради неблагопријатна меѓународна положба, Македонија била оставена настрана и се задржале само на борбата за обединување на двете бугарски држави. Пловдивскиот преврат, за кралот Милан претставувал почеток на остварување на сето она од што стравувал по потпишување на Санстефанскиот мировен договор. Затоа веќе во првите денови во Србија биле донесени судбоносни одлуки за започнување војна против Бугарија.

Бугарското обединување го свртело вниманието и на цела Европа, за која неговото прогласување не претставувало големо изненадување. Успехот на Пловдивскиот преврат многу зависел од волјата на големите сили, кои требале да го утврдат и признаат, по што обединувањето би добило форма на меѓународен акт. Затоа бугарскиот кнез и влада се надевале на помош од Русија. Но на големо изненадување Русија одбила да даде поддршка. Нејзината политика одела во правец на признавање на Соединувањето но без кнезот Батенберг. Токму затоа по 6 септември таа ги отповикала своите воени офицери од бугарската војска.

Односот на рускиот император Александар III бил од решавачко значење за определување на позицијата на Англија. Од Лондон биле будно набљудувани настаните во Бугарија, по што решиле да го искористат моментот за поткопување на руското влијание. Поведението на петербуршкиот кабинет ги олесниле дејствијата на Велика Британија, која решила да го поддржи обединувањето, со цел да ја обезбеди својата позиција во Бугарија, да ја протера Русија од Балканот и да влијае на растурање на сојузот на тројцата императори. За да го запазат тој сојуз , Австро-Унгарија и Германија официјално застанале на страната на Русија, но тајно ја поддржувале Англија. Со цел да се реши источнорумелиската криза отворена со Пловдивскиот преврат, големите сили по иницијатива на Високата порта во октомври 1885 година ја свикале Цариградската конференција. Но судбината на обединувањето не била решена по дипломатски пат, туку на бојно

поле. На 2 ноември кралот Милан, без да ги причека одуките и решенијата на конференцијата во Цариград, наместо воените дејствија да ги насочи кон Османлиската империја и неослободените краеви на Балканот тој се решил на војна со Србија. За брзо време ќе се види дека оваа одлука на српскиот крал била донесен без размислување. Србите доживеале пораз речиси на сите воени полиња од младата бугарска војска. Трагичната српско-бугарска војна ќе заврши со потпишување на Букурешкиот мировен договор на 19 февруари (3 март) 1886 година. Со него е ставено крај на непријателствата помеѓу Кралството Србија и Бугарското Кнежество. Оваа војна имала големо значење за целиот бугарски народ. Таа влијаела на јакнење и зацврстување на народниот патриотизам, се родила бугарската воена мисла и се создало основното начело на воената доктрина и военото искуство.

Напоредно со преговорите во Букурешт биле водени и преговори за решавање на румелиското прашање. Бугарската победа на воените полиња и фактичкиот неуспех на Цариградската конференција ги осуетиле можностите од востановување на status quo-то. Големите сили биле принудени обединувањето да го утврдат преку преговори меѓу Османлиската Империја и Кнежеството Бугарија. Како резултат од тие преговори ќе биде потпишан т.н. Топханенски акт на 24 март 1886 година. Овој акт целосно не одговарал на желбите на бугарскиот народ и оставал можност за вмешување во внатрешните работи. Сепак со него Обединувањето на двете бугарски држави добило меѓународно признание.

Согледувајќи го во целина меѓународниот однос во 80-те години на XIX век, српско-бугарската војна за големите сили претставувала безначајна воена епизода, која не само што ги поместила туку и ги отежнала нивните намери, кризата отворена со Пловдивскиот преврат да ја решат по мирен пат. Со Топханенскиот акт и Букурешкиот мировен договор е ставено крај на источнорумелиската криза и се нормализирани односите помеѓу Србија и Бугарија. Ваквата положба оставила можност во наредните години за развивање на добрососедските односи помеѓу српската и бугарската држава.

# *Библиографија*

## *1. Извори*


- Британски дипломатически документи по Българския национален въпрос (1878-1893), Трайкова В. Караганев Р. Гребенаров А. Прахова Р. том 1 София, 1993.
- Британски документи за историјата на Македонија (1857-1885), том 4, Државен Архив на Република Македонија, Скопје 2003.
- Външната политика на България, Документи и материали, Министерство на външните работи том 1 (1879-1886), Наука и изкуство, София, 1978.
- Документи за Българската и Сръбската история из маджарските държавни архиви 1868-1878, Миятев Петър, Българска академия на науките, София, 1966.
- Documents and material on the history of the Bulgarian people, Bulgarian academy of sciences, Institute of history, Sofia, 1969.
- Documents diplomatiques, Affaires de roumĕlie et de grĕce, 1885-1886, Imprimerie nationale, Paris, M DCCC LXXXVI.
- Записници седница министарског савета Србије 1862-1898, Никола П. Шкеровић, Државна архива Н.Р. Србије, Грађа, к. 2, Београд 1952.
- Знаменита документа за историју српског народа 1538-1918, Микавица Дејан, Гавриловић Владан, Васин Горан, Нови сад, 2007.
- Из Српског-бугарског рата, Улога IV актив. пешадијског пука, Ђорђевић М. Ђорђа, Београд, 1911.
- Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Документи, Миновски Михајло, Скопје , 2000
- Македонија во меѓународните договори (1875-1919), Христов Александар,

Донев Јован, Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1994.

- Actes et traitės internationauh concernant la Bulgarie, G.P. Ghėnov, Annuaire de L`universite de Sofia Facultė de droit-tome XXXIV, 1.1938/1939, Sofia, 1940.
- Односот на Грција кон Македонија за време на Источнорумелискатa криза (Септември-Неомври 1885 година), Јовановски Далибор, Институт за Историја, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 2005.
- Освобождението 1878, Спомени, Миладинова Е. Павлова Е. Тихов Т. Български писател, София, 1978.
- Приносъ къмъ Дипломатическата история на България 1878-1925, Договори, конвенции, спогодби, протоколи и други съглашения и дипломатически актове, Кесяковъ Б. София, 1925.
- Съединението на Северна и Южна България и срьбско-българската война, Дипломатически документи 1885-1886, София, 1989.
- Съединението 1885, Сборник от документи 1878-1886, Стателова Е. , Попов Р. Дойнов Д. , Наука и Изкуство, София, 1985.
- Съединението 1885, Спомени, Стателова Е. , Попов Р. , Български писател, София, 1985.
- Словото на Негово Сиятелство Императорский Российскіи коммисаръ въ България Княза Дондукова Корсакова при първото отваряане на народното събрание въ Търново 10-й февруария 1879 година.
- Србија 1878, Документи, Војводић М. , Живојиновић Р.Д. , Митровић А. , Самарџић Р. , Београд, 1978 .
- Сръбско-българската война 1885, Сборник документи, Институт за Военна история при Генералния щаб на БНА, София, 1985.
- Француски документи за историјата на македонскиот народ, Архив на Македонија, том 1 (1878-1879), Скопје 1969.

# 2. Литература


- Андонов-Полјански Христо, Сан-Стефанска Бугарија, Ненаучно толкување на македонската историја, Култура, Скопје, 1968.
- Apostolski Mihailo; Stefanovč M., Krstič M. "Vuk Karadžič", Velikobugarske pretenzije od San Stefana do danas – Beograd, 1978.
- Берон Петър, Съединението 1885, Енциклопедичен справоречник, Държавно издавателство "д-р Петър Берон ", София, 1985.
- Битоски Крсте, Македонија во времето на големата источна криза (1875-1881), НИО, "Студентски збор", Скопје, 1982.
- Българската държава през вековете, България в международните отношения след 1878 година, Доклади, Българската академија на науките, том 2, София, 1982.
- Божинов В. Борбата на Българския народ за национално освобождение и единство, Освобождението на България 1878-1968, Доклади от юбилейната научна сесия в София, Българската академия на науките, София, 1970.
- Василев В. , История на България, Кратък очерк, Наука, знание, практика, София, 1981.
- Венедиков Йордан, История на доброволците от Сръбско-българската война 1885 година, София, 1985.
- Виноградов В.Н. Международные отношения на Балканах 1856-1878, Москва, 1986.
- Војводић Михаило, Изазови Српске спољне политике (1791-1918), Историјски институт, Београд , 2007.
- Вучковић В.Ј. Дипломатска историја српског-бугарског рата (1885-1886), Београд , 1956,
- Даневъ С.Ъ. Очеркъ на Дипломатическата история на Балканскитѣ държави, София, 1931.

- Десница Гојко, Историја Српског народа (850-1903), Београд , 1981.
- Димитров С. , Манчев К. , История на Балканските народи XV-XIX век, Наука и Изкуство, София, 1971.
- Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт: Македонското национално ослободително движење во солунскиот вилает 1893-1903 година, Табернакул, 2003.
- Екмечић Милорад, Стварање Југославије 1790-1918, том 2, Београд, 1989.
- Живановић Ж. , Политичка историја Србије у другој половини деветнаесетог века, Књига друга, Од прогласа независности Србије до абдикације Краља Милана 1878-1889, Београд, 1924.
- Ибровац Миодраг, Српско-бугарско зближење у прошлости, Нови сад, 1934.
- Изследвания по Българската история, Външната политика на България 1878-1944, Българска академия на науките, Институт за история, София, 1978.
- Илић П. Никола, Ослобођење Јужне Србије 1877-1878, Слобода, Београд, 1977.
- Историја на Македонскиот народ, книга втора, од почетокот на XIX век до крајот на Прва светска војна, Институт за национална историја-Скопје, НИП "Нова Македонија ", Скопје, 1969.
- История на България, Възстановяване и утвърждаване на Българската държава, Национално-освободителни борби (1878-1903), том седми, Българска академия на науките , Институт по история , София, 1991.
- История на Сърбско-българската война 1885, Министерство на народната отбрана, Генерален щаб-военноисторически отдел, София, 1971.
- История на Срѫбско-българската война 1885 година, Щабъ на армията-Военно историческа комисия, София, 1925.
- Jelavich Ch. Tzarist Russia and Balkan Nationalism. Russian influence in the Internal Affairs of Bulgaria and Serbia 1879-1886, Berkeley – Los Angeles, 1958.
- Јовановић Владимир, Краљ Милан и бугарската криза 1886-1887.
- Јовановски Далибор, Грчката балканска политика и Македонија 1830-1881, Bato & Divajn, Скопје, 2005.
- Јовановски Далибор, Односот на Грција кон Македонија за време на Источнорумелиската криза (септември-ноември 1885), Годишен зборник, Книга

58, Филозофски факултет на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 2005.

- Йоцовъ Димитъръ, Санъ-Стефанска България 1878-1908, София, 1908.
- Кайчев Наум, Пространството “Македония“ в българските и сръбските учебници по литература (1878-1912 ).
- Косев Константин, Бисмарк, Източният въпрос и Българското освобождение 1856-1878, Наука и Изкуство, София, 1978.
- Crampton R.J. Bulgaria, Ohford History of Modern Europe, Ohford University press Inc. New York , 2007.
- Кратка историја на Сръбско-българската война презъ 1885 година, Министерство на войната, Щабъ на войската- военно-историческа комисия, , София, 1943.
- Крачунов К. , Дипломатическа история на Сръбско-българската война 1885-1886, София , 1921.
- Манчев Кръстъо, История на Балканските народи (1352-1878), том 1, София, 2006.
- Манчев Кръстъо, История на Балканските народи (1878-1918), том 2, София, 2006.
- Матеева Мария, Тепавичаров Христо, Дипломатически отношения на България 1878-1988, София, 1989.
- Миновски Михајло, Македонија и Бугарија, Историски соочувања, Скопје, 2008.
- Митев Йоно, Съединението 1885, Издателство “Христо Г. Данов“, Пловдив, 1985.
- Орманджиевъ Иванъ, Нова и Най-нова история на Българскаия народъ, Изкуство, София, 1943.
- Пантев А. Емигрантското прашање и българско-сръбските отношения (1883-1886) - Векове, книга 4, 1973.
- Пироћанца С.М. , Међународни положај Србије, Београд, 1893.
- Пржић Илија, Спољашна политика Србије (1804-1914), “Политика”, Београд, 1939.
- Раденић Андрија, Из историје Србије и Војводине 1834-1914, Нови Сад-

Београд 1973.

- Raymond Detrez, Historical Dictionary of Bulgaria, second edition, Historycal Dictionary of Europe, no. 46, The Scarecrow press, inc. Lanhom, Maryland, Toronto, Ohford, 2006.
- Ристић Јован, Дипломатска историја Србије, Први рат 1878-1878, Књига I, Београд, 1896.
- Ристић Јован, Дипломатска историја Србије, други рат 1875-1878, Књига II, 1898.
- Рихардъ Фонъ Махъ, Изъ Българскитѣ бурни времена, Спомени отъ 1879-1918, София 1929.
- Самарџић Момир, Европа и обележавање граница Србије 1878-1879, Нови Сад, 2006.
- Самарџић Момир, Од Сан Стефана до Сливнице, Србија против Бугарске (1878-1886), Нови Сад, 2008.
- Сидовски Кочо, Италија, Балканот и Македонија од времето на обединувањето на Кнежеството Бугарија со Источна Румелија до 1890 година, Историја број 1-2, Скопје, 2001.
- Сидовски Кочо, Италија и Македонија од крајот на XIX век до 1909 година, Институт за национална историја, Скопје, 1994.
- Skakun Milan, Jugoslovensko-Bugarski odnosi, Beograd, 1980.
- Станојевић Ст., Историја Српскога народа, Треће издање, Напредак, Београд, 1926.
- Стателова Елена, Дипломацията на Княжество България (1879-1886), София, 1979.
- Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на Българската дипломация (1879-1913), София, 1994.
- Стојанчевић Владимир, Србија и Бугари 1804-1878, Историјски Институт, Просвета, Београд, 1988.
- Sumner B.H. Russia and the Balkans 1870-1880, Hampden-London,1962.
- Терзић Славенко, Србија и Грчка 1856-1903, Борба за Балкан, Историјски Институт, Српска академија наука и уметности, Београд, 1992.

- Хвостов В.М. История дипломатии II, Дипломатия в новое время 1871 -1914, Москва, 1963.
- Христов Христо, Освобождението на България и политиката на западните държави 1876-1878, Българската Академия на науките, София, 1968.
- Хуна Фонъ А. , Борбата на Българитѣ за съединението си, Политическо военна история на Българо-румелийскитя събитиѣ въ 1885, Руссе, 1890.
- Чубролoвић Васа, Историја политичких мисли у Србији XIX века, Београд, 1982.
- Ђорђевић Владан, Историја Српског-Бугарског рата 1885, Од Пирота до Сливнице, Књига прва, Београд 1908.
- Ђорђевић Димитрије, Националне револуције балканских народа (1804-1914), Београд, 1995.
- Ђорђевић Мирослав, Преглед развитка политичких и правних установа Србије од краја XVIII до почетка XX века ,Треће издање, ”Градина”, Ниш, 1984.